# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

од Шеесет и првата седница на Собранието на Република Македонија,
одржана на 5 мај 2004 година

Седницата се одржа во Собранието на Република Македонија, сала 1, со почеток во 10,10 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше Љупчо Јордановски, претседател на Собранието.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дами и господа пратеници,

Ја отворам Шеесет и првата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Каролина Ристова, Ванчо Георгиев, Слободан Даневски, Стојан Андов, Ангелка Пеева-Лауренчиќ, Андреј Жерновски, Гајур Сарач, Али Ахмети, Фазли Велиу, Теута Арифи, Гзим Острени, Слободан Чашуле, Петар Наумовски, Орданчо Тасев, Марјан Ѓорчев, Абдулаким Адеми и Трифун Костовски ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата.

Ве молам да притиснете едно од копчињата на системот за гласање за да го утврдиме бројот на присутните пратеници во салата.

На седницата присуствуваат 73 пратеници.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинството пратеници и дека Собранието може полноважно да одлучува.

На седницата поканети се претседателот и членовите на Владата на Република Македонија.

Оваа седница ја свикав по барање на група од 20 пратеници заради разгледување на Информацијата за постапката за одобрување на притвор на пратеникот во Собранието на Република Македонија, г-дин Љубе Бошковски.

Заради завршување на постапката по барањето за одобрување на притвор на пратеникот Љубе Бошковски, во Предлогот на дневниот ред за оваа седница ја внесов и Одлуката на Комисијата за деловнички и мандатно-имунитетни прашања на Собранието на Република Македонија, со која се одобрува изрекување на мерка

притвор на пратеникот во Собранието на Република Македонија Љубе Бошковски, за која Собранието треба да одлучи дали ќе ја потврди или ќе ја укине.

Бидејќи дневниот ред го добивте со материјалот, предлагам дневниот ред за оваа седница да не се дополнува со други точки.

Предлогот го ставам на гласање.

Повелете, порцедурално, г-дине Караџоски.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Почитуван претседателе, пред да го ставите дневниот ред на гласање, јас би сакал деловнички да интервенирам во однос на распоредот на точките на дневниот ред.

Со оглед на тоа што, како што кажавте и самите, оваа седница е свикана најмноту поради тоа што пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ поднесе такво барање за итна седница со Информација, како што утврдува Деловникот, и ако добро ја приочитавте, а верувам  дека ја прочитаа сите пратеници, ќе видите дека има логика оваа точка да се разгледа како прва, а потоа одлуката да биде како втора точка од дневниот ред.

Зошто тоа го велам?

Затоа што токму во информацијата се зборува за процедурата по која е донесена одлуката и еден од предлог заклучоците во Информацијата е токму поништување на истата Одлука, односно донесување на одлука на Собранието дека таа одлука е невалидна.

Според тоа, ако ја верифицираме одлуакта, ќе биде беспредметно да се зборува и по Информацијата. Заради тоа, а да го задоволиме и деловникот но и процедурата, да не правиме постојано прекршоци по Деловникот, би замолил да имаме чувство дека сите, прва точка да биде Информацијата, а втора точка од дневниот ред да биде одлуката.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Г-дине Караџоски, вие деловнички имате право да предложите да се смени редоследот на дневниот ред откако ќе се утврди дневниот ред. Дневниот ред го составувам јас и тој е предложен, а вие имате деловничко право да предложите да се смени редоследот.

Предлогот на дневниот ред го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласате.

Гласале 73 пратеници, 70 пратеници гласале за предлогот да не се дополнува дневниот ред со други точки, тројца воздржано и нема против.

Констатирам дека е усвоен предлогот.

За денешната седницат го предлагам следниот дневен ред:

1. Одлука на Комисијата за деловнички и мандатно-имунитетни прашања на Собранието на Република Македонија со која се одобрува изрекување на мерка притвор на пратеникот во Собранието на Република Македонија, Љубе Бошковски;
2. Информација за постапката за одобрување на притвор на пратеникот во Собранието на Република Македонија, господин Љубе Бошковски.

Предложениот дневен ред го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласате.

Вкупно гласале 71 пратеник, 66 пратеници гласале за, тројца воздржани и двајца против.

Констатирам дека е усвоен предложениот дневен ред.

Г-динот Караџоски предложи точката два да биде точка еден, односно точката 1 да биде точка 2. Значи, Информацијата на пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ да биде прва точка на дневниот ред.

Предлогот на г-динот Караџоски го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласате.

Вкупно гласале 76 пратеници, од кои 23 за предлогот на г-динот Жарко Караџоски, нема воздржани и 53 пратеници гласале против.

Констатирам дека предлогот на г-динот Караџоски не е усвоен и работиме по усвоениот дневен ред.

Повелете г-дине Караџоски процедурално.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Претседателе, предлогот беше оној што не се изгласа, но добро, така сака мнозинството и тоа е неспорно. Меѓутоа, морам да реагирам процедурално за друга работа.

Точката 1 носи наслов Одкука на Комисијата за деловнички и мандатно-имунитетни прашања итн. Што правиме ние како Собрание, таа Одлука е донесена од Комисијата. Дали треба да стои верификација, потврда, одбивање итн. Сметам дека не е добро поставена точката на дневен ред и во име на пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ барам половина час пауза за да се договориме дополнително. Значи бараме половина час пауза и да се преформулира одлуката, заправо точката 1.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Г-дине Караџоски, Одлуката треба да се потврди или отфрли-јас го прочитав воведниот дел. Јас ќе дадам пауза половина час.

Повелете процедурално, г-ѓо Лалчевска.

РИСТАНА ЛАЛЧЕВСКА:

Благодарам г-дине претседател.

Јас сметам дека сосема погрешно ја водиме работата и го кршиме Деловникот. Вие рековте треба да ја потврдиме или укинеме Одлуката на Комисијата. Меѓутоа, Одлуката на Комисијата за деловнички и мандатно имунитетни прашања Собранието ја потврдува или укинува само во случај ако Собранието не заседавало во наредните 15 дена од одржување на седницата на Комисијата.

Со оглед на фактот дека ние одржуваме седница во овој законски рок, ние не треба да ја потврдуваме или укинуваме Одлуката на Комисијата, туку треба да расправаме по Извештајот кој Комисијата ќе го достави до Собранието. Собранието е тоа кое треба да донесе одлука, а не Комисијата. Јас мислам дека оваа Одлука е сосема невалидна и ние треба да расправаме по Извештајот на Комисијата.

Ние овде имаме Одлука која веќе произвела правно дејствие, а ја разгледуваме во законскиот рок кој е предвиден во Деловникот. Затоа неможеме да ја потврдуваме или укинуваме ваквата Одлука и вршиме повреда на членот 51, последниот став.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Г-ѓо Лалчевска, да ви одговорам бидејќи сум должен дека вие не сте во право. Јас го препратив барањето до Комисијата за деловнички и мандатно-имунитетни прашања за да се произнесе во врска со барањето за притвор. Бидејќи според Деловникот - и мислам дека тоа треба јавноста да го знае - не се свикува седница пред 15 дена и логично е барањето да го препратам таму. Се извинувам, немаше основ и неоценив дека јас треба да свикам итна седница. Се извинувам, тоа е моја проценка. Ве молам недофрлајте, сакам да го завршам моето објаснување.

Бидејќи се создадоа услови со барање на итна седница, во Деловникот исто така пишува дека на првата наредна седница се потврдува или отфрла Одлуката на Комисијата, оваа е таа прва наредна седница, која е итна, не е редовна, но е прва наредна седница.

Давам пауза од половина час.

(пауза од 10,10 до 11,00 часот)

Почитувани пратеници, преминуваме на првата точка од дневниот ред.

- Одлука на Комисијата за деловнички и мандатно-имунитетни прашања на Собранието на Република Македонија со која се одобрува изрекување на мерка притвор на пратеникот во Собранието на Република Македонија  Љубе Бошковски.

Одлуката ви е поделена.

Согласно член 51 став 5 од Деловникот на Собранието на Република Македонија , Собранието на Република Македонија одлучува дали ќе ја потврди или укине Одлуката на Комисијата за деловнички и мандатно-имунитетни прашања.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор?

Повелете г-дине Коце Трајановски, имате збор.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Благодарам претседателе.

На иницијатива на нашата пратеничка група се свика оваа сендица на која баравме да се разгледа Информацијата за постапката за одобрување на притвор на пратеникот во Собранието на Република Македонија, г-динот Љубе Бошковски. Меѓутоа, се стави на дневен ред оваа точка која е во врска со Одлуката донесена од Комисијата за деловнички и мандатно-имунитетни прашања.

Исто така, баравме нашата точка да биде прва точка со оглед на тоа што сметавме како пратеничка група на ВМРО-ДПМНЕ и пратеничка група на ЛП дека оваа Одлука е невалидна, односно оваа Одлука е ништовна, затоа што сметаме дека треба да се отфрли оваа Одлука и постапката повторно да се врати назад, значи да ја донесе валиден орган и во процедура и постапка предвидена во Деловникот, Уставот и Законот за кривична постапка.

Ќе наведам неколку аспекти зошто сметам дека оваа Одлука е невалидна и дека според неа ние не треба да одлучуваме, туку како таква треба да ја отфрлиме.

Првиот аспект: Според член 50 став 3 од Деловниот на Собранието, децидно се вели: “Надлежниот орган го исзвестува претседателот на Собранието за притворот на пратеникот и кога тој не се повикал на имунитет”.

Во членот 4 од Деловникот Стои: “Претседателот на Собранието барањето односно известувањето го доставува до Комисијата за деловнички и мандатно-имунитетни прашања и Комисијата е должна на Собранието да му поднесе извештај на првата наредна седница”.

Сметам дека вие како претседател на Собранието сте требале да одлучите дали Јавното обвинителство, кое го поднесе барањето за одобрување на притвор на пратеникот во Собранието на Република Македонија , е надлежниот орган кој што треба да поднесе барање до Собранието на Република Македонија . Тоа не го сторивте и сметам дека тоа е првата грешка која што се направи во целокупната оваа постапка. Имено, тргнувајќи од таа логика, ако не гледате кој е наделжниот

орган кој треба да поднесе барање до Собранието, според вас и МВР да поднесеше барање исто тоа ќе го проследевте до Комисијата и пак ќе донесевте одлука за притвор, или ако одиме понатаму, можеби некое фабричко обезбедување или да речеме во смешна варијанта некој куќен совет можеше да поднесе барање и да му одобрите притвор на одреден пратеник.

Мислам дека е крајно неодговорно да не се навлезе во тоа кој е надлежниот орган кој  може да поднесе барање за одобрување на притвор на пратеник, актуелен пратеник во Собранието на Република Македонија  Сите правници сметам дека се согласник, јас не сум правник,  меѓутоа, гледајќи и читајќи, слушајќи ги нивните извештаи, сосема е јасно дека истражниот судија е тој кој треба да поднесен барање за одобрување на притвор на пратеник, бидејќи на овој начин со Јавниот обвинител ние ја прејудициравме одлуката на истражниот судија, бидејќи истражниот судија е тој кој што треба прво да одлучи дека прво треба да биде притворен, а после тоа треба да бара одобрување за тој притвор.

Сметам дека направивте многу груба грешка, со што го прекршивте Деловникот на Собранието на Република Македонија и вие како претседател сметам дека ја носите таа грешка како претседател на Собрнаието.

Вториот аспект од кој сакам да дискутирам зошто Одлуката на оваа Комисија е невалидна е слендиот:

Според член 51 став 4, пишува: “Ако Собранието не одржува седница, односно ако седницата не се предвидува да се одржи во рок од 15 дена , по барање за одобрување на притвор одлучува Комисијата за деловнички и мандатно - имунитетни прашања, која е должна за тоа да го извести Собранието”.

Би сакал да го кажам следното: Јас бев присутен на седницата на Комисијата за деловнички и мандатно-имунитетни прашања и таму беше кажано, на моето прашање до претседателот на Комисијата дали се предвидува одржување на седница во рок од 15 дена, бидејќи ова е клучниот момент според кој вие оваа задача и ја препуштивте на Комисијата за деловнички и мандатно-имунитетни прашања, претседателот на Комисијата одговори: Да, јас се консултирав усмено или неформално дека нема да има седница во рок од 15 дена, иако во Уставот на Република Македонија , во членот 66 став 1 децидно пишува: “Собранието е во постојано заседание”.

Исто така, вие претседателе во средствата за јавно информирање неформално рековте јас не свикав седница бидејќи немам барање за таква седница. Или сте сметале дека нетреба. Во сеој случај, вашата суштина мислам дека е

немало барање за свикување сендица. Самото барање од органот, кој во конкретниот случај рековме дека е ненадлежен , меѓутоа, и даречевме дека е надлежен, самото тоа барање требаше вие да го процесуирате во постапка која е предвидена согласно Уставот и Деловникот на Собраинето на Република Македонија Сметам дека туика е клучниот момент, вие многу смислено заедно со претседателот на Комисијата сте се договориле дека нема да свикате седница во рок од 15 дена и со тоа работата ја препуштате на Комисијата за деловнички и мандатно-имунитетни прашања, а знаејќи како ќе реагира претседателот на Комисијата, зашто секогаш го пуштате во некои вакви состојби да одлучува, во тој случај се знаеше каков ќе биде исходот од тоа. На ово начин испаѓа дека Комисиајта за доловнички и мандатно-имунитетни прашања, која согласно Деловникот на Собранието на Република Македонија е тело на Собранието, значи тоа е помошно тело на Собранието, и не само таа Комисијата туку и сите собраниски комисии. Инаку, ако не беше тело, ќе беше некој комитет или незнам што друго кое немаше да биде под Собранието. Сите комисии, вклучувајќи ја и оваа Комисија, имаа улога одредено прашање, закон и др. да го разработат и на Собранието да му дадат извештај, значи да се подготват и поднесат извештај и Собранието на пленарна седница да одлучува по тоа прашање веќе еднаш разработено на таа Комисија. Вака на овој начин Комисијата ја ставивте над Собранието на Република Македонија и дадовте право во овој случај да одлучува во името на Собранието на Република Македонија . Сметам дека на овој начин за свои политички цели ја испревртевте работата на органите во Собранието на Република Македонија .

Г-динот Стерјо Зиков како јавен обвинител на Скопје своето барање го доставува до претседателот на Собранието со цел тоа барање да гласи “одобрување на притвор на пратеникот во Собранието на Република Македонија”, и ако се прочита неговото барање - јас незнам дали е доставено до пратениците, меѓутоа, јас имав можност да го видам - тој децидно наведува во своето барање дека “Собранието треба да преземе дејствија предвидени со Деловникот на Собранието на Република Македонија “. Тој значи навлегува во интерните акти на Собранието на Република Македонија , што јасно зборува дека ова е исконструиран случај. Г-динот Стерјо Зиков како јавен обвинител на Градот Скопје, него го интересираат Уставот и законите, тој воопшто не треба да навлегува во Деловникот, посочува мора да одлучите според Деловникот, инаку, нема да биде работата онака како што сметаме дека треба да биде, така набрзина завршена како сметавте дека треба да биде завршена. Не смее јавниот обвинител да му наредува на Собранието,

вака молкум кажано, дека треба да постапки според Деловникот , таа и таа точка, тој и тој став. Сметам дека ја презеде улогата претседател на Собранието. Во тој случај г-динот Стерјо Зиков нека седи тука и нека ни држи предавања како ние како Собрание да работиме.

Пак ќе повторам, ова јасно зборува за исконструирана постапка , не би рекол случај туку псотапка, однапред смислена како да се направи сето тоа. Меѓутоа, сметам дека се фативте во замка , како парламентарно мнозинство направивте икс грешки. Првата грешка е што е ненадлежен орган. Втората грешка е што тоа го прави Комисијата за деловнички и мандатно - имунитетни прашања, а не го прави Собранието.

Третиот аспект што сакам да кажам зошто оваа одлука е невалидна, значи покрај тоа што е ненадлежен орган, покрај тоа што Комисијата нема право да одлучува исто така и одредбата во Деловникот, значи оваа одредба во член 51 став 4, ако Собранието не одржува седници во рок од толку и толку, одлучува Комисијата, е во спротивност со Уставот на Република Македонија, имено со членот 64 став 3 од Уставот, каде децидно пишува пратеникот не може да биде притворен без одобрување на Собранието, освен ако е затечен во вршење на кривично дело, за кое е пропишана казна во траење од најмалку пет години. Значи, не може во никој случај пратеникот да биде притворен доколку на Собранието на пленарна седница не се даде одобрување за негов притвор. На овој начин, ја спуштивте работата, Собранието го направивте Комисија за мандатно имунитетски и деловнички прашања и го сподинот Кондарко, како претседател на таа Комисија експресно го направи тоа, му даде одобрување за притвор.

Значи, ние сега ако сака претседателот на Собранието да се извади, па сега на прва наредна седница, која што е на наша ургенција свикана оваа седница, да ја исправи таа работа и да рече дека сепак, во согласност со Уставот е, во согласност со Деловникот е и на прва наредна седница би мукажал дека не е во ред, бидејќи, доколку, бидејќи ние сега не знаеме што се случува со пратеникот, во тој случај пратеникот се наоѓа во притвор. Додека во Уставот јасно пишува, не може да биде притворен, значи ние веќе сме го притвориле. Според толкувањето на претседателот на Собранието, кој е најмеродавен во ова Собрание, значи ние сега после Извештајот на Комисијата можеме да го исклучиме притворот и да кажеме дека не треба да се притвори. Меѓутоа, веќе тој е притворен. Веќе е прекршен членот 64 став 3 од Уставот на Република Македонија. Значи веќе ние сме направиле престап и доколку продолжиме вака јас не знам каде ќе стигнеме. Има

тука правници од позицијата, баш би сакал да видам како дискутираат затоа што мислам дека меѓу нив има многу квалитетни и многу искусни кои што беа и на Комисијата впрочем, меѓутоа, навистина е жално за Република Македонија после толку години од нејзиното осамостојување, ние на ваков начин притвараме пратеници со грубо кршење на Уставот, на Деловникот и на Законот за кривична постапка.

Исто така, прекршен е и Деловникот, зашто сметам дека оваа одлука е ништавна. Сметам дека е прекршен Деловникот во членот 50 став 5 каде се вели за седницата на Комисијата се известува пратеникот на кого се однесува барањето, односно известувањето.

Значи сосема е нормално, сосема е природно актуелниот пратеник да биде известен и да биде присутен на Комисијата. Само ќе ви кажам што се случуваше на 30 април 2004 година. Ние имавме седница тука. Седницата експресно заврши, со оглед на тоа што опозицијата во знак на револт ја напушти седницата. Некаде во 13 часот Комисијата за мандатно имунитетни и деловнички прашања закажува Комисија за 13,30 часот. Само за половина час, кога веќе сите пратеници се отидени има пауза некаде од час и половина, можеби и два. Јас како координатор на пратеничката група на која што припаѓа пратеникот Љубе Бошковски дознавам во 13,10, односно писмено сум известен дека ќе има Комисија во 13,30 часот. Значи за 20 минути треба да почне Комисијата. Нашиот член од Комисијата господинот Ефтим Манев веќе е на пат за дома. Него не го ни известуваат или можеби се наоѓа во некои делови каде што не фаќаат мобилните, известена е нашата секретарка на нашата пратеничка група, која што исто така го добива многу доцна господинот Ефтим Манев и тој не може да присуствува. Ние на брзина едвај успеавме заменикот член да биде присутен на таа Комисија и јас и од други пратеници од опозицијата, се со цел да видиме што циркус ќе се случува во таа Комисија. Верувајте, ова најмногу личи на циркус. Јас жалам што овој збор морам да го кажам овде во Собранието на Република Македонија, меѓутоа, тоа што се случи во петокот на 30 април е повеќе од жално за Република Македонија. Значи пратеникот Љубе Бошковски, според наши сознанија, вие претседателе треба да знаете за тоа и поради тоа, ако ништо друго, бидејќи сте претседател на сите пратеници овде, а не само на пратениците од позицијата, со оглед на тоа што му е ускратено правото да присуствува на таа комисија, требаше оваа одлука да ја стопирате и да ја прогласите за ништавна, бидејќи господинот Љубе Бошковски по наши сознанија, или вие тоа поправете го ако знаете или ако имате сознанија дека тој е известен во

13 часот и 20 минути, само 10 минути пред почетокот на седницата на Комисијата за деловнички и мандатно имунитетни прашања. Сето тоа јасно зборува дека ова е една многу добро испланирана, исконструирана постапка во која што се бара на многу експресен начин да се притвори господинот Љубе Бошковски како пратеник на Собранието на Република Македонија. Сега се поставува прашањето зошто беше потребно толкаво брзање. Имавте мнозинство, ги знаете законите, зошто ги прекршивте законит и избрзавте толку итно и експресно ден после изборите, ден пред викендот и ден пред 1-ви Мај да го направите тоа вечерта. Значи очигледно ова е политички измонтирана постапка, се со цел од јавноста да се одвлече вниманието од нелегалните избори кои што завршија два дена пред тоа. Очигледно е дека да се сврти вниманието и за многу други работи кои што се случија во Република Македонија и на тој начин, сега целокупната македонска јавност пет дена се занимава со случајот пратеникот Љубе Бошковски. Сметам дека како Собрание на Република Македонија требаше најмалку да придонесеме за грубо кршење на Уставот, на законите и на нашиот личен Деловник, кога ние сме институција која ги создава законите и ги толкува тие закони. Ако ние ги прекршуваме тие закони, во тој случај што ќе остане за останатите институции и за обичните граѓани. Дали тие ќе ги почитуваат овие закони кога тој кој што ги создава тие закони не ги почитува самиот.

Имено, ние сега поднесовме барање за зачленување во ЕУ. Сигурно тие го следат овој процес. Во која категорија на земји ќе не стават после ваквиот случај? Внимавајте, јас сакам една дилема да ја отфрлам. Ние како пратеничка група, впрочем и целокупната македонска јавност е заинтересирана овој случај да добие вистински епилог. Да се види што навистина се случило. Немојте да ми префрлате дека ние сме за тоа да биде или да не биде некој. Ние сме за тоа дека вие како парламентарно мнозинство, како законодавен дом кој што има мнозинство овде го прекршивте Уставот на Република Македонија, го прекршивте Законот за кривична постапка и го прекршивте впрочем, и нашиот Деловник. Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам господине Трајановски.

Збор има господинот Жарко Караџоски, а нека се припреми пратеникот Марија Којзеклиска.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Почитуван претседателе, почитуван министре, почитувани колеги пратеници,

Во овој состав на Парламентот видовме многу работи, имаше еден пратеник кој употреби една историска реченица, која долго време ќе ја повторуваме, дајте ми прилика уште еднаш да ја повторам, а таа гласеше: “изненадете ме, или изненадете се сами себе”. Господинот е сега претседател на Собранието и претседател на Република Македонија. Очигледно дека повеќе време тешко нас некој со нешто да не изненади, но очигледно дека дотичниот господин е цело време изненаден. И тоа сам од себе. Зошто? Претседателот на Собранието и според Деловникот и според Уставот е тој најповиканиот кој што треба да се грижи за почитувањето на Уставот и за почитувањето на Деловникот.

Господине претседателе, мене ми е жал што мора ова да го кажам, меѓутоа ќе го кажам. Очигледно е дека подолго време го кршите Деловникот. Ја имавте таа среќа, можеби и несреќа што нашата интерпелација заврши како што заврши, а тогаш ќе отворевме една дискусија поради која што сакавме да свртиме внимание на јавноста, не на парламентарното мнозинство, затоа што знаеме дека тоа подолго време е глуво, но на јавноста, за да кажеме дека овдека се случува кршење на Деловникот и тоа од најповиканиот човек.

Господине претседателе, како човек кој што се грижи за Деловникот, јас би ви упатил едно прашање. Во кое својство денеска е повикан господинот министер за внатрешни работи на оваа пленарна седниц? Објаснете ми зошто е присутен тука човекот. Дали е предлагач Владата, дали е предлагач Министерството за внатрешни работи, чувствува ли потреба министерот да ни објасни нешто во врска со ова што денеска дискутираме. Ако чувствуваше потреба, тој тоа го изнесе на Комисијата. Колку што гледам и колку што јас се разбирам од право, иницијатор за свикување на оваа седница е пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ, чиј што член не е господинот Хари Костов, не знам ни дали е на СДСМ и иницијатор за првата точка која требаше да биде втора е Комисијата за мандатно имунитетни и деловнички прашања. И таму не е член господинот Хари Костов. Тоа е едниот аспект.

Вториот аспект, ако дискутираме по однос на одлуката за основаноста дали треба да се одземе имунитетот, како што кажува Уставот, како што кажува Деловникот, се поставува едно друго прашање. Ние немаме против што е тука господинот Хари Костов, меѓутоа, се поставува прашање има ли право министерот за внатрешни работи да излезе овде јавно, пред сите нас, пред цела македонска јавност и да образложи поради што се предлага одземањето на имунитетот.

Сега тука се враќаме во онаа процедура за која што цело време зборувавме. Кој е патот и како треба да се следи.

Почитувани колеги, почитуван претседателе на Собранието и в.д. претседател на Република Македонија, не за долго, највисок акт во Република Македонија е Уставот на Република Македонија. Тоа го знаат сите правници. Што кажува. Уставот е основен акт, врз основа на кој што се донесуваат закони кои треба да бидат во согласност со Уставот и т.н., и одлуки и правилници, деловници, кои треба да бидат во согласност со Уставот и со законите на Република Македонија. Ние во оваа ситуација го направивме Деловникот над сите акти во Република Македонија, односно го изградивме и го издигнавме на висина на Устав. Но тука не сте сам одговорен, тука сноси голем дел од одговорноста и претседателот на Комисијата за мандатно имунитетни и деловнички прашања господинот Борис Кондарко, затоа што ако вие не разбирате право, сметам дека колегата разбира право и во никој случај не само што закажал Комисија, туку најмалку што требало да донесе одлука. Еве како би требала да оди процедурата. После ќе спориме кој ќе требало вам да ви се обрати, но вие сте добиле барање за определување, односно за одземање на имунитет поднесен од Јавниот обвинител. Вие сте го добиле тоа барање и како искусен претседател, не знаејќи што да правите во тој момент, веднаш сте го препратиле на Комисијата за мандатно имунитетни и деловнички прашања. Се поставува прашање зошто тоа го направивте. Вие претседателе не сте должен веднаш да го препратите, затоа што вие во практика секогаш кога не знаете што да правите го повикувате Борис Кондарко на помош. Борис Кондарко е снаодлив и секогаш излегува во пресрет, меѓутоа зошто го ставате човекот постојано во незгодна состојба. Претседателот на Собранието, многу се јасни одредбите и во Уставот и на Деловникот. Во моментот кога го добил тоа барање, да не навлегуваме дали е поднесено од Хари Костов ,од Стерјо, или од истражниот судија. Да не навлегуваме, потоа ќе дискутираме за тоа. Вие сте биле должни согласно Уставот, согласно Деловникот, да свикате итна седница. Откако ќе ја свикате седницата тогаш пропратете го вашето известување до господинот Кондарко дека сте залажале итна седница и дека барате од Комисијата да заседава за да достави извештај пред Собранието да можеме да дискутираме по оваа точка што е сега на дневен ред. Зошто е тоа логички ќе ви кажам. Затоа што на Собранието не може да се дискутира по однос на аргументите дали има основа за притвор или не. Затоа што Комисијата е таа каде што можат да се отворат тие прашања. Затоа таму присуствувал господинот Хари Костов и зата таму присуствувал Јавниот обвинител. Затоа што сепак истражната постапка е тајна. Не можеме ние овде се да дискутираме по однос на тоа, иако МВР многу не слуша,

па си знае да си ги презентира доказите на видео бим, надвор од истражната постапка, но тоа ќе го дискутираме потоа. Комисијата откако ќе го добие тоа разгледува и доставува извештај. И од тој извештај нам ни се објаснува кои се основите, кои се причините и тогаш овдека на Собрание ние одлучуваме по однос на извештајот на Комисијата. Што сега ние ќе одлучуваме. Комисијата донела одлука. Големо дискутабилно прашање. Во Деловникот не се вели Комисијата носи одлука туку вели ќе одлучи. Има разлика во тоа. Сега, кога сме кај одлука, еве ја таа одлука. (Ја покажува одлуката). Сите ја имате. Основно начело во правото господине Кондарко, убеден сум дека го знаете тоа, што содржи една одлука кога веќе правно ќе ја формулираш. Содржи увод, каков што има, се повикуваме на кои членови и тн., содржи диспозитив кој вели одлука, тоа што се одлучува. Што недостасува овде. Недостасува образложение. Ако правиме одлука треба да кажеме, кои се основите поради кои така се одлучило како што се одлучило. Заради тоа, ако веќе правиме правни одлуки, треба и правно да ги формулираме. Или пак нема да ги нарекуваш како одлука, ќе направиш извештај.

Значи, сега да се вратиме на она што овде дискутираме. Мене бидејќи координаторот на СДСМ ме повика да бидам конкретен со членот, еве, за членови ќе дискутираме. Членот 64 од Уставот на Република Македонија  кажува во ставот 1 (се слушаат реакции од пратеници во салата).

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Без дофрлување ве молам, да се сослушаме. Секој ќе има можност да си го каже своетоо. Повелете.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Став 1, јасно е пратениците уживаат имунитет. За многу пратеници и за јавноста не се знае што е тоа имунитет. Што фактички значи имунитетот и зошто го предвидел Уставот. Ако може господинот Кондарко на секој да му го одзема имунитетот кога ќе му текне, јас не ја гледам логиката зошто имаме имунитет. Фактички зошто господинот Кондарко го одзема, затоа што се знае каков е распоредот во Комисијата. Шест за, два против, секогаш мнозинството одлучува. И не е случајно зошто на Комисија се оди, за да се избегне Собранието. Ставот 3 кој е доста дискутабилен по однос на ова што сега се случува пратеникот не може да биде притворен без одобрување  на Собранието, освен ако е затечен во вршење кривично дело за кое е пропишана казна затвор од траење од најмалку пет години. Што кажува овој став 3 од членот 64. Кажува јасно дека мерката притвор може да се изрече во два случаја. Едниот случај кога секогаш ќе донесе одлука Собранието во

процедура, која што е утврдена во Деловникот значи поднесува барање и тн., тоа е едниот начин и вториот начин секогаш и без одлука на Собранието, значи тоа е интенцијата и без одлука на Собранието, доколку пратеникот биде затечен во вршење на кривично дело за кое што е пропишана казна над 5 години. Значи јасна е интенцијата на ставот 3.

Што имаме во конкретниов случај? Господинот Љубе Бошковски не е затечен на лице место.

Значи онаа одредба од Уставот отпаѓа. Останува првата, а првата повторно ќе ја прочитам. Вели: “пратеникот не може да биде притворен без одобрување на Собранието”. Сега јасно ви е што значи Собранието кога се повикува на Собранието. Собранието, почитувани пратеници е тоа што го гледаме овде. Собранието се мисли на пленарна седница и се мисли на сите 120 пратеници што седат во овие клупи, а не се мисли на Комисијата за деловничко-имунитетни прашања. Значи јасно е зошто Уставот кажал Собранието.

Колку да не правиме забуни, членот 66 став 1 од Уставот јасно кажува - Собранието е во постојано заседание. Ќе објаснам зошто тоа го кажувам.

Значи бидејки Уставот е основен акт, кажал што кажал. Сега се повикуваме на Деловникот, за да ја почнеме процедурата.

Деловникот, за имунитет на пратениците го разработил тоа во членовите 50 и 51. Не би ги читал сите. Ќе го прочитам ставот 4 кој вели: “Претседателот на Собранието, барањето односно известувањето го доставува до Комисијата за деловничко-имунитетни прашања. Комисијата е должна на Собранието да му поднесе извештај на првата наредна седница”.

Тоа е она што вие не го направивте претседателе и тоа е она штоне го направи г-динот Кондарко. Значи си зедовте нешто што не го пропишува Деловникот.

Сега да идеме на член 51 на кој се повикува сега пак Комисијата за деловничко-имунитетни прашања. Меѓутоа, да не заборавиме, членот 51 има 5 става. Зошто ставовите во членовите с еподредуваат под 1, 2, 3, 4, 5. Сигурно дека има некоја логика. Колегите правници знаат.

Ако бил ставот 4 така како што го интерпретира гдинот Кондарко, со таква важност, ќе бил став 1, нема да бил став 4. Самиот распоред кажува дека ставот 4 има примена само до колку претходните ставови не се применат. За да не бидат не сватен, еве ќе ги прочитам, односно ќе ги објаснам членовите односно ставовите.

Член 51 став 1 вели: “Собранието, врз основа на извештај на Комисијата за деловничко-имунитетни прашања одлучува дали ќе даде одобрение за притвор на пратеникот”. Што ова кажува. Кажува дека во секој случај кога и да имаме ваква постапка и иницијатива треба да се примени член 51 став 1, врз основа на член 50 став 4. Сега има алтернатива на која се повикува Комисијата.

Ставот 4, она на кое се базира одлуката на Комисијата, вели: “Ако Собранието не одржува седница односно ако седницата не се предвидува да се одржи во рок од 15 дена , по барањето за одобрување на притворто одлучува Комисијата за деловничко-имунитетни прашања”. Што кажува оваа норма? Оваа норма кажува дека само во случај кога Собранието не одржува седница, еден случај и втор случај кога Собранието во наредните 15 дена нема намера да закаже седница.. Меѓутоа тоа треба да го поврземе и сомногу други членови.

Се поставува прашањето, кое е и суштинско за оваа работа, дали Собранието не одржувало седница? Господине Кондарко не е точно дека Собранието не одржувало седница затоа што на 30 април, дента кога заседаваше Комисијата за деловничко-имунитетни прашања, Собранието заседаваше. Значи Собранието заседаваше по 50-та седница. Зошто и која е причината, да launcheme, Собранието да не закаже итна седница, како што тоа го чини денеска. Која е оправданост да се закаже итна седница на Комисијата истиот ден ког ание овде имавме седница и таа комисија да се базира на извештај на претседателот кој , патем, е даден усно и незнам дали е даден и усно, мислам со некаков си договор по телефон помеѓу вас дека Собранието нема да заседава. Што беше пречката? Тука бевме сите. Како може да се закаже итна седница на Комисија за 20 минути, а не може да се закаже седница на комисија. Значи очигледно е дека некој сака да го елиминира Собранието, она што е и основна одредба според Уставот. Тоа е едната работа.

Втора работа, велиме , до колку Собранието во наредните петнаесетина дена нема намера да заседава, поточно како вели точно, не се предвидува да се одржи седница во рок од 15 дена. Тоа не е точно. Тоа дека се предвидуваше да се одржи седница, го потврди вчераниот ден затоа што вчерашниот ден имавме исто така продолжение на 50-та седница. Исто така, денес имаме нова седница. Значи воопшто рокот од 15 дена не е поминат. Каде е сега логиката. Врз основа на штоо длучил претседателот дека нема намера 15 дена да закажува седница, кога денес ја закажува, четвртиод ден откако Комисијата одлучила. Значи очигледно е дека е нарушена целата процедура и очигледно е дека се замајува односно се елиминира Собраниетокако највисок орган, и политички но и законодавно-правен. Не секогаш

треба да се применуваа алтернативните членови. Ако сите сме овде дојдени да го почитуваме Уставот и законите, треба да се држиме на она што во основа е прво решение, а не алтернативно. Значи очигледно е, на секого му е јасно, 15 дена нема поминато, г-дине Кондарко. Денес е четврти или петти ден откако Комисијата заседаваше. Значи уште 10 дена имаме до ова. Не ја гледам причината.

Која би била причина дека Собранието не може да заседава. Да речеме: околности, вонредни, војна, каде очигледна е намерата дека Собранието не може да заседава. Што нас не спречи. Изборите завршија. Собранието може да заседава. Ајде, месец ипол паузиравме за да не ја користиме оваа говорница за политички маркетинг. Значи немало апсолутно никаква пречка . Згора на тоа ако земеме пак дека претседателот на Собранието на 30 април ја закажа 60-та седница. Тоа беше нова седница и само тој ги знае причините зоштоја закажа во време на избори за после да ја повлече, со решение , од причини што комисиите не заседавале. Значи немате ниту еден аргумент, г-дине Кондарко, да го направите тоа што го направивте. Мене ми е жал што ве повикувам вака, меѓутоа... Не зборувам како пратеник, зборувам како колега на колега. Треба да си го чуваме дигнитетот, особено на професијата која ја имаме, не да служиме некому за нешто, туку да си ја гледаме професијата и дигнитетот, на таков начин и да му се укаже и на тој што сака да направи нешто од нас дека така не може. Само тогаш ќе заличиме на Собрание, независно дали опозицијата или позицијата зборува, а не да бидеме пиуни , дајте сега да го направиме ова, па сега ќе дискутираме целден дали процедурата е добра или не. Тоа немаше да се случи до колку процедурата одеше како што оди.

Толку по однос на Деловникот и поодност на она што според мене е многу битна оваа работа.

Сега да се вратам на другото прашање, а другото прашање е кој е тој што треба да достави барање до претседателот на Собранието за определување односно одземање на имунитет и кој е тој што треба да го извести претседателот дек аза конкретниот пратеник се предвидува и се бара мерка притвор.

Значи до претседателот на Собранието е доставено барање за определвуање притовр на пратеникот на Собранието на Република Македонија г-динот Љубе Бошковски, поднесен од Основното јавно обвинителство, г-динот Штерио Зиков, заведено под број 01-1770, без време на прием, на 30.04.2004 година. Прашање е тоа зошто нема време на прием. Сите акти што ги доставуваме, сите амандмани, сите предлози на закони имаат време кога се доставени. А знаете зошто? За да се избегне сознанието дека можеби барањето е доставено на време, па претседателот

на Собранието не закажал седница кога требало, кога сме биле ние тука присутни, туку чекал да си заминеме ние дома, најверојатно и после часипол кога видел дека не можеме да се вратиме, да бара она што побарал. Тоа е тоа, заради тоа е така.

Значи сега се поставува прашањето, Уставот вели, и Законто за кривична постапка вели-во состојба кога имаме таква работа, значи кога на пратеник треба да му се одземе имунитетот, барање односно известување до претседателот на Собранието поднесува надлежниот државен орган. Сега го поставуваме прашањето кој е тој надлежен државен орган. Јас ќе ви кажам дека Јавниот обвинител во никој случај не е. Зошто? Затоа што јавниот обвинител е странка во спор пред суд со свое овластување што му ги дал Законот за кривична постапка.

Дали Јавниот обвинител определува мерка притов? Не. Истражниот судија е тој што тоа го прави. Со оглед пак на тоа што веќе е заведен предметот и дека две години тој предмет е во Основниот суд во Скопје, не ја гледам причината зошто се обратил Јавниот обвинител. Каде е истражниот судија, ако веќе обвинението се проширува и кон одредена личност која е пратеник. Зошто истражниот судија кој е единствено меродавен да утврди дали постојат околности, дали постојат услови да се определи мерка притвор. Дури кога тоа го одреди истражниот судија тек тогаш може да побара, со едно вакво барање да се одземе имунитет на пратеник, а не претходно. Вие овде што правите, вие со вашето мнозинство, затоа зборувам вие? Го одземате имунитетот. Значи прејудицирате притвор, без истражниот судија да го повика на сослушување, да го испита осомничениот и да ги утврди сите факти и докази кои одат во правец дали треба да се одреди мерка притвор, или не. Само да ве потсетам, мерката притвор, според Законот за кривична постапка е мерка за обезбедување на обвинетиот. Значи не е казна туку мерка за обезбедување. Таа е посебна мерка која се применува само во одредени околности. Кои се тие околности дозволете ми да ви ги прочитам.

Еве тука е Законот за кривична постапка, членот 184 кажува кои се околностите врз основа на кои се одредува мерка притвор.

Ставот 1 вели: “Ако постои основаносомнение дека определенолице сторило кривично дело, притвор против тоа лице може да се определи ако се крие, ако не може да се утврди неговиот идентитет или постојат други околности штоукажуваат на опасност од бекство”. Кој требало да го цени, Јавниот обвинител, ние како адвокати и бранители на обвинетиот или истражниот судија.

Јавниот обвинител во постапка пред суд, како странка, секогаш ќе ги бара обвие мерки и не значи дека секогаш се оправдани и не секогаш биле прифатени. Адвокатот како странка секогаш ќе вели дека не се аргументирани. Кој е тој што пресекува? Истражниот судија. Кој е тој што носи одлука односно решение за притвор? Истражниот судија. И логично на тоа кој е тој што поднесува барање до Собранието дека  против тоа лице треба да се определи мерка притвор, дајте одземете му го имунитетот.

Второ, постои основан страв дека ќе ги уништи трагите на кривичното дело, или ако особениоколности укажуваат дека ќе ја попречува истрагата со влијание врз сведоци и т.н.

Трето, особени околности го оправдуваат стравот дека ќе го повтори кривичното дело, или ќе го доврши започнатото и т.н.

Сега јас не сакам да навлегувам во она што е надлежност на судот. Меѓутоа дури и вака да ги погледаме овие основи, апсолутно не држат место, во случајот на конкретната личност, г-динот Љубе Бошковски. Зборувам домоментот до кого  е покрената постапката. Ниту се криел, вие сите знаете дека г-динот Љубе Бошковски водеше постапка односно се кандидираше за претседател на Република Македонија. Благодарение на ДИК г-динот Љубе Бошковски не влезе во трката, иако СДСМ сакаше тоа да го постигне заради тоа што неговите членови таму гласаа за да биде кандидат. Меѓутоа одлучи мнозинството и го елиминираа. СДСМ, тие што беа во ДИК го поддржуваа Љубе Бошковски. ВМРО-ДПМНЕ не го подржуваше. Зборувам за членовите на ДИК. Според тоа, навистина не логична работа. Во ДИК го подржуваме, рацете ги искршивме да ги убедиме и другите да гласаат за да остане Љубе Бошковски како кандидат, ВМРО да не победи, од друга страна  само што завршија изборите, веднаш притвор за Љубе Бошковски. Што, не ја заврши работата до крај?

БОРИС КОНДАРКО:

Зошто го браните сега?

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Ние никого не браниме, г-дине Кондарко. Зборуваме за процедура. што пак вие го напаѓате, ако веќе прашуваме. Значи не сакам да кажувам зборови, меѓутоа мора нешто да се каже и од политички аспект. Многу индикативно, многу сомнеж внесе цела оваа процедура. Верувајте дека јавноста се прашува. Зошто г-динот Љубе Бошковски не гопритворивте барем во почетокот на кампањата, па и вас и нас да не куртули, нели, да не ни се меша во победата и вопоразот? Зошто чекавте да

завршат изборите? Зошто паш тогаш се определи мерката притвор? Зошто тоаш се покренаа сите овие постапку. Се чекаше и отког асе заврши ајде пријава и веднаш брзопотезно. Тоа како прашање го поставувам. Дали е така или не е, ќе каже времето. Но има едн алогика, г-дине Ѓурчиев, гледам со скепса ме пратите. Има логика зошто баш сега. Затоа што јасно е, во политиката секогаш се прави нешто за да се замаји јавноста. Требаше да дадете гол, автогол, нели. Поточно требаше Љупчо Поповски да го ставите во притвор за победите еден нула, за да може да изедначите. Тоа е многу јасно, а се со цел да ја замаите јавноста односно да се прикрие изборниот фалсификат. Па денес народот не ни прашува кој ќе биде претседател на Република Македонија . Заборавил. Денес главна тема е г-динот Љубе Бошковски, дали е најден, притворен ли е. Токму тоа е целта на се ова што се прави. Тоа и децата го знаат, не само ние, и тоа пак на каков начин. Ако веќе го правите политички, направете го барем во согласност со Устав и закон, како што треба. Вака само ги отварате вратите да имаме сомнеж, не само ние, туку и целата македонска јавност. Тоа е по однос на овој член.

Кога зборуваме зошто истражниот судија, овде има колеги правници што би требало, ако ништо друго да го прочитаат Законот и да продискутираме во тој правец.

Еве јас ќе ве повикан на член 151 и член 152 од Законот за кривична постапка каде е регулирано тоа што е регулирано и во овој случај треба да се применува.

Член 151 став 1 - истрагата се спроведува по барање на Јавниот обвинител.

Став 2 - барањето за спроведување на истрага се поднесвуа до истражниот судија на надлежниот суд.

Став 3 - во барањето мора да се назначи лицето и т.н., да не ги набројувам.

Став 4 - во барањето за спроведување на истрага може да се предложи да се изведат определени околности, да се преземат определени дејствија и т.н.

Став 5 - Јавниот обвинител до истражниот судија ќе достави кривична пријава, сите списи и записници и т.н.

Зошто до истражниот судија? Затоа што тој е меродавен, што треба да цени.

Дилемата ја расчистува член 152 каде се вели - кога истражниот судија ќе прими барање за спроведување на истрага, ќе ги разгледа списите и ако се согласи со барањето, ако се согласи, ако не се согласи нема ништо, тогаш ќе донесе решение за спроведување на истрага кое треба да гисодржи податоците наведени во член 151 став 3, она што го кажав претходно и решението ќе го доставидо Јавниот обвинител.

Став 3, истражниот судија може, пред да одлучи за барањетона Јавниот обвинител, да ги повика Јавниот обвинител, она штогопредлага и лицетопротив кое се бара спроведување на истрага, во конкретниов случај г-дин Љубе Бошковски.

Вие имате само книговодствено да дојдат во определен ден во судот ако е потребно да се изјаснат за околностите што можат да бидат од важност за одлучување или ако истражниот судија смета дека од други причини би било целисходно, да не го читам до крај.

Сега, се поставува прашање ако е вака регулирано во ЗКП зошто господинот Љубе Бошковски воопшто не бил повикан кај истражиот судија, ниту пак добил покана. Зошто тоа се прави после еден ден откако гледавме циркус во Република Македонија ќе го апсиме вечерва, не го апсиме, па ќе го штитиме, не го штитиме. Зошто беше тоа потребно. Фактички кој го направи циркусот кога имаме јасни одредби во Законот. Циркусот го направивте вие со вашата полиција. Вие му го одзедовте имунитетот пред некој да донесе решение, пред некој да определи мерка притвор, пред некој да го сослуша обвинетиот.

Прва работа, во истражната постапка е сослушување на обвинетиот и за тоа не треба мерка притвор. Повикајте го, сослушајте го ако оцените дека има услови, слушнете ја неговата одбрана и тогаш донесете го решението за притвор. Се е во точката господине Кондарко. Сето ова треба да се разгледа затоа што Собранието носи одлука за одземање на имунитет, а кога се одзема имунитет треба да се гледа основаноста на сето она што се прави.

Друго, истражната постапка, сите овде знаеме, барем тие што сме правници дека е тајна. Не можете вие да се води истражна постапка кога против некое лице се покренува или се проширува обвинение да излегувате на прес и да ги кажувате доказите еве ги сликите, еве вака било делото, онака се влечеле труповите, ставени се пиштолите, овде била крв ваква, овде била крв таква. Со име и презиме, со се и сешто. Тоа е спротивно на одредбите на кривичната постапка директно нарушување на кривичната постапка. Дали знаете што прави МВР со таа прес конференција? Директно посочува како треба да се одвива истрагата. Тоа колегите адвокати го знаат. Тоа е нарушување на истражната постапка, мешање во нешто што не е надлежност. МВР да, треба да ги гони, треба да испитува, но не треба јавно да презентира. Треба истражниот судија да оцени дали нешто треба да се каже на јавноста или не, па и во конкретниот случај, а не вие претходно, не вие, зборувам за МВР на прес конференцијата претходно со сите докази целата јавност го осуди и

господинот Љубе Бошковски и сите други кои се притворени таму. Зошто таа работа не ја оставаме на судот. Овде сите се декларираме за независно судство, овде сите зборуваме како судот треба да ја брка работата. Ист е случајот и со Љупчо Поповски, да не зборувам само за Љубе Бошковски и за него се кажа целата доказна постапка во јавност, што не држи место. За другите, да ве потсетам, другите прес конференции кога не станува збор за авторитетни личности на МВР се однесува на лицето КМ, СЉ, ТМ, обично е така. Зошто тогаш не ги кажувате, односно да ги кажува МВР, затоа што така е одредено во Законот за кривична постапка, затоа што истражната постапка е тајна. Што сега ќе работи истражниот судија кога веќе се е сработено во јавноста, не му преостанува ништо освен директно да го пренасочи на главен претрес и таму некаде во судот.

Меѓутоа, јасна е една работа која мора да ја кажеме овде. Откако сте дојдени на власт по оној фамозен 15 септември, она што оваа власт успева да го прави и тоа доста добро е тоа никогаш како сега не ја применува мерката притвор. Дека како никогаш до сега не ги осудува лица пред време. Затоа што како никогаш до сега не се врши на некој начин реваншизам, не се врши освета или како да ја наречам или им е јасна порака дека ние сме власт и можеме да правиме што сакаме.

Мерката притвор стана за оваа Влада односно за оваа власт најпопуларна мерка во Република Македонија. Таа го замени и затворот. Се оди на долги мерки притвор, на долго издржување на притвор за потоа да немаме ни обвинение. Еве две години откако сте на власт немаме ни една правосилна пресуда за сите тие случаи на притвор. Ако има една  поправете ме, јас незнам, барем за овие што јавноста ги слуша.

Што е целта? Целта е да се заплаши пред се опозицијата, второ, јавноста дека ние сме моќни, ние сме способни ако неможеме да го осудиме можеме во притвор да го ставиме за не зборувате многу, за да молчите и да терате она што ние го правиме вие да го слушате. Тоа е едната работа.

Втора работа, со рапидно кршење и на Уставот и на законите и на Деловникот и на сите други акти воведуваме лоша пракса во Република Македонија која може да не кошта нас, но и вас. Кога нешто ќе влезе во пракса, ако е спротивно на Уставот и законот тоа нема крај и нема точка. Ќе воведеме некоја пракса што во иднина ќе ни се повторуваат многу работи за потоа да го бараме кој е виновникот, но ќе биде доцна.

Затоа почитувани колеги, нас како пратеници, бидејќи сме избрани од народот и основна работа ни е да носиме закони. Тие закони да ги усогласуваме со Уставот,

затоа постојат комисии, затоа постои ЗПК и ред други да ги усогласуваме со Уставот, да се грижиме законите да го надополнуваат правиот систем а не да го уназадуваат. Да се грижиме за правилно имплементирање на одредбите од законите и она што во пракса го правиме и ние како Собрание, но и сите други институции на нашиот пример треба да биде во согласност со Уствот, во согласност со законот. Се додека тоа не го сватиме, се додека рапидно го кршиме Уставот, јас не сакам сега да зборувам колку пати е прекршен Уставот, за РСС и уште многу други работи прекршен е Уставот. Значи, основно е да го почитуваме она што е свето писмо за нас и за сите граѓани на Република Македонија затоа што само така можеме да го штитиме и така можеме да градиме правна држава а не декларативно да launched речеме ние сме за правна држава, Македонија е сигурна, Македонија е  за почитување, но незнам каде.

Кога веќе зборуваме треба да знаеш и треба да можеш токму тоа е, треба да знаеш да ги почитуваш актите, а да можеш да ги спроведуваш како што се напишани. Благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам, збор има госпоѓа Ристана Лалчевска.

РИСТАНА ЛАЛЧЕВСКА:

Благодарам госпоѓо потпретседателке,

Јас сосема накратко ќе се осврнам на ова за што сега расправаме иако фактите многу јасно и пластично претходниот колега ни ги посочи тоа е вистината.

Зошто се јавувам за збор? Се јавувам од две причини.

Прво, се јавувам од причина што се срамам што ќе бидам дел од расправата за една одлука која, спред мене, е правно невалидна да расправа Собрание од 120 пратеници.

Второ, се срамам што сум член на Комисијата за деловнички и мандатно-имунитетни прашања што и покај моето противење ја донесе ваквата одлука надвор од Деловникот и со прекршување на Уставот.

Дневниот ред за денеска прва точка - Одлука на Комисијата  за деловнички и мандатно-имунитетни прашања на Собранието на Република Македонија со која се одобрува изречувањето на мерка притвор.

Јас навистина не знам што ние на крајот од оваа расправа ќе изгласаме? Ако мислите дека ќе изгласаме потврдување или укинување на оваа одлука, тогаш навистина правиме едно грубо прекршување на деловникот односно го прекршуваме последниот став од членот 51 и ставот 4 од членот 51. Зошто сметам така? Затоа

што ние можеме да решаваме и да донесеме одлука за потврдување или за укинување на Одлуката на Комисијата само во случај ако поминале 15 дена по расправата на Комисијата и притоа не се одржала пленарна седница во Собранието. Тогаш Комисијата можела да донесе одлука. Што всушност ние направивме? Ние целата процедура ја водевме погрешно.

Прво, Комисијата за деловнички и мандатно-имунитетни прашања врз основа на барање за определување притвор донесе одлука без претходно да знаеме дали Собранието ќе одржи пленарна седница или не. Господинот претседател на оваа Комисија нас за време на одржувањето на Комисијата не убедуваше дека тој има сигурни сознанија дека нема да се одржи седница, дека претседателот нема намера да закажи седница за да се расправа по барањето за одобрување на притвор и со оглед на тоа инсистираше Комисијата да донесе одлука. Меѓутоа, денешната седница него го демантира, еве во законскиот рок ние одржуваме пленарна седница на која треба да расправаме и да донесеме валидна одлука за одобрување или за неодобрување на притвор на посочениот колега пратеник.

Уште нешто би кажала во врска со работењето на Комисијата, од што јас навистина многу се срамам. Комисијата требаше да донесе извештај врз основа на одржаната расправа. Меѓутоа, драги колеги парламентарци во брзоплето закажана седница на Комисијата расправа водевме, за жал само јас и колешката Којзеклиска кои силно се противевме од причини што многу пати изнесовме дека целата процедура е погрешна. Таму немаше никаква расправа, другите колеги од парламентарното мнозинство, мислам дека само еден колега зеде кратко збор значи немаше никаква расправа. Господинот Кондарко дојде со подготвена одлука, значи тој претходно ја имаше формулирано одлуката и едноставно по нашето долгочасовно противење на таквиот начин на работа, парламентарното мнозинство ја изгласа таквата одлука.

Таа Комисија, познато ви е на сите, беше закажана брзоплето, јас лично бев информирана 25 минути пред почнувањето на Комисијата. Јас незнам зошто беше таквото брзање, а притоа ниту знаев ниту бев известена за што всушност ние ќе расправаме на таа Комисија. Меѓутоа, бидна како што бидна се направија многу повреди околу донесувањето на одлуката и јас лично, а верувам и многу колеги сметаат дека оваа одлука е невалидна. Да ве потсетам зошто невалидна. Пред се затоа што се заснива на барање кое е поднесено од неовластен орган. Иако колегата Караџоски многу убаво објасни зошто и како е донесена таа одлука, јас ќе повторам никогаш не боли глава од два пати вистина, боли глава од еднаш лага.

Барањето до Собранието за одобрување на притвор го поднесе Јавниот обвинител. Меѓутоа, јавниот обвинител не може да поднесе вакво барање затоа што тој не е овластен за определување на притвор. Тој треба да ги собере доказите и да утврди дали постои основано сомневање за извршено кривично дело. Доколку утврди таква работа дека постои сомневање за извршено кривично дело, тогаш го доставува до истражниот судија кој, според Законот за кривична постапка член 185 кој е императивна норма е точно определено дека тој е надлежен за определување на притвор. Тогаш јас навистина незнам зошто јавниот обвинител бара од нас, од Собранието да донесеме одлука за симнување на имунитетот на колегата пратеник односно одобрување на притвор кога тој нема никакви ингеренции околу притворот. Ингеренции околу притворот ги има исклучиво истражниот судија. Ова за мене е директно мешање на работата на истражниот судија затоа што тој откако ќе ги оцени сите доказни материјали може да донесе решение и да определи притвор. Меѓутоа, за тоа ќе си се одлучува во други постапки дали обвинителот постапил како што треба во согласност со своите законски овалстувања или излегол надвор од своите законски овалстувања или се мешал во работата на Судот, а тоа да ви кажам драги колеги многу често во последно време се случува државни институции да се мешаат во работата на други, а потоа викаме дека немаме правен систме, дека кај нас правото не функционира.  Се додека една институција се меша во работата на друга институција под вакви или такви притисоци ние не можеме да имаме правен систем затоа што треба да ги оставиме институциите да си ја сработат својата работа во согласност со Законот и во согласност со Уставот.

Што и да е во една погрешна процедура на старт, со погрешно барање, со работа на Комисијата надвор од деловникот, со повредување на деловничката процедура за донесување на известување, викам известување затоа што Комисијата требаше да донесе известување до Собранието и Собранието да расправа за одлука дали ќе донесе или не. Не може одлуката да ја носат само 8 члена на Комисијата. Навистина во деловникот е предвиден случај кога Комисијата може да донесе одлука, меѓутоа, овој пат не беше таков случај затоа што еве седница на Собранието имаме во законски предвидениот рок во деловникот односно во тие 15 дена. Претседателот имаше временски простор да закаже седница, еве тој го стори тоа, закажа седница на која ние можевме да расправаме и да донесеме одлука.

Ваквата одлука, за жал, веќе произведува правни дејствија. Јас навистина не знам ако ова Собрание ја потврди ваквата одлука, а со оглед на досегашната пракса дека парламентарното мнозинство секогаш послушно ќе изгласа и ќе ја потврди

ваквата одлука која веќе произведува, повторувам, правно дејство што ќе се случи ако постапката дојде до определена фаза и тогаш некој каже чекајте, стоп, ова е погрешна процедура. Дали ние тогаш ќе се чувствуваме виновни затоа што сме можеле да спроведеме една правна процедура, една процедура која е предвидена и во Уставот и во Деловникот која е многу јасна и врз основа на една таква процедура да донесеме валидна одлука.

Некои колеги мене ме убедуваaa дека мојот став е погрешен и дека ваквата седница значи прва наредна седница. Можеби така го толкуваат, меѓутоа, таков случај Собранието на првата наредна седница ќе ја потврдуваше или укинуваше одлуката на Комисијата само ако не беше исполнет претходниот услов од ставот 4 од членот 51 ако не одржеше пленарна седница.

Јас навистина не знам зошто господинот Кондарко толку брзоплето не убеди, мене не ме убеди, меѓутоа, го убеди парламентарното мнозинство да се изгласа една таква одлука на Комисијата без притоа добро да ја разлгеда процедурата и да ги види натамошните последица од таквата одлука.

Навистина не сакам да дебатирам многу околу другите работи, сите беа кажани, меѓутоа, имам чувство на еден притисок со политичка заднина некои работи да се завршат брзо без притоа да се размислува, а повикувам да се размисли од страна на колегите парламентарци дека ако оваа одлука помине, тогаш нас како парламентарци имунитет не ни значи ништо иако имунитетот го добиваме со моментот на верифицирање на мандатот и тоа како нешто свето треба да не чува нормално ако не направиме некоја беља, ако не сме фатени во извршување на кривично дело инфлагрантно господине министре, меѓутоа од вакви конструкции како што е оваа би требало нас имунитетот  да не штити. Ако оваа одлука помине јас незнам дали колегите парламентарци ќе се чувствуваст и понатаму сигурни дека по барање на одредени неовластени органи нас парламентарниото мнозинство со кревање на два прста може во секое време да ни го симне имунитетот, а потоа да биде стоп, се извинувам, беше грешка.

Ги молам колегите парламентарци добро да размислат затоа што ова што сега се случува на колегата пратеник може да ни се случи  и мене и на вас драги колеги и секогаш ние како кративци на Законот, повторувам ние сме креативци на закони што директно учествуваме во креирање и создавање на законите сме првите кои треба да покажеме респект спрема  закони со почитување доследно на сите норми во Законот, со почитување пред се на уставните норми.

Ова што денеска се случува е континуирано кршење од самото барање понатаму континуирано се врши кршење на законот. Прва повреда неовластен подносител, втора повреда одллука на Комисија надвор од деловникот значи не во согласност со деловничките норми за кое јас инсистирам колегата претседател да сноси одговорност затоа што тој навистина ја наметна одлуката на Комисијата.

Сега, ако се изгласа, ако се потврди оваа одлука ние повторно вршиме повреда на Деловникот на ставот 4 од членот 51 и со тоа вршиме директен упад на Уставот затоа што во Уставот е јасно кажано дека само Собанието може да донесе одлука за одземање на имунитетот на пратеникот, а никако да се ставиме сервилни на Комисијата која донела одлука надвор од деловничките норми и сега ние тука да ја потврдуваме или да ја укинуваме.

Јас имам толку, ги молам колегите пратеници уште еднаш да размислат за ваквата процедура.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

За реплика се јави господинот Томиќ.

ЗОРАН ТОМИЌ:

Почитувана потпретседателке, почитувани колеги,

Ова беше третата дискусија во низата во тоа дали треба да се изгласа ваквата одлука, или не треба да се изгласа. Меѓутоа, она што ме загрижува е што ниту еден од досегашните дискутанти не се задржа на оној материјално правен основ. Се оди на формални пречки при донесувањето, или изгласувањето на дадената Одлука. Притоа се прават две големи грешки. Со колешката Лалчевска навистина дискутиравме околу тоа дали Јавниот обвинител е тој надлежен орган кој ќе поднесе барање до ова Собрание околу одземање на имунитет на одреден пратеник, или не. Сакам да кажам многу кратко, задржувајќи го правото на збор во понатамошната дисиусија да го расчистиме тој формално правен елемент. Формално правниот елемент она што Караџоски не сакаше да го прочита е составен во членот 50 став 2 од Деловникот на Собранието на Република Македонија. Имено, видно од самиот член 50 став 2 се гледа дека имаме барање за покренување на таква постапка. И, второ, имаме една процедура каде што веќе е изречена мерка притвор. И да не ги бркаме надлежностите. Многу добро тука знаеме што е надлежноста на јавниот обвинител, што е надлежноста на истражниот судија. Извинете, правејќи пред јавноста една ваква слика дека се залагаме околу подследно почитување на законот, па вие се залагате најпрво да се определи мерката притвор, а потоа да се разговара дали за тоа има правен основ, или нема.

Дали Комисијата за деловнички и мандатно имунитетни пашања имала основ да одлучува. Токму тоа вие во една страна во барањето самите го кажувате, тоа е основот содржан во членот 51 став 4 и не го докажувате членот 51 ставот 5 каде што Собранието на Република Македонија на првата наредна седница треба да потврди, или да ја укине одлуката на Комисијата. Јас мислам дека е сосема легитимно право на ова Собрание, а не на Комисијата. Комисијата си постапи деловнички. Меѓутоа, Собранието е тоа кое конечно ќе го каже својот збор и затоа сме тука.

Трето, зошто јас на Комисијата не бев поддржан од вас колешке и колеги од опозицијата. Ако се сеќавате, јас ќе ги повторам моите зборови, постојат и други мерки за обезбедување на осомниченото лице, тоа се одземањето на патните исправи, тоа е давањето гаранција, тоа е давањето ветување дека редовно ќе се одзива на позивите на судовите. Јас на таа седница не бев од вас поддржан. Напротив, добив образложение дека се бара укинување на имунитетот, односно одобрение на мерката притвор, затоа што колега Караџоски ве молам внимателно да ме сослушате, по членот 123 став 3, тоа е многу тешко дело каде што минималната казна затвор е 10 години, а максималната доживотен затвор. Така што не ги делите ставовите по тежина како се наредени, прв, втор, трет, или четврт. Од тие причини јас ве молам ако навистина се залагате да се почитуваат и Уставот и законите, дајте да поведеме една заедничка оценка за уставноста, дали Деловникот, односно одредбите од членот 51 на Деловникот на Собранието на Република Македонија се во согласност со Уставот на Република Македонија, тогаш може да дискутираме.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Госпоѓа Лалчевска, реплика на репликата.

РИСТАНА ЛАЛЧЕВСКА:

Почитувана потпретседателке,

Околу материјалниот пристап колега Томиќ, јас навистина не можам да говорам за материјалниот пристап, затоа што тоа не е моја ингеренција и на ова Собрание, туку тоа си е ингеренција на судот. Околу материјалниот пристап ќе си расправа истражниот судија и понатаму постапката како ќе се води. Јас во принцип сум на немешање во работата на другите органи. Собранието нема право да се меша. Јас расправам за она што е наша собраниска надлежност. Наша собраниска надлежност е да донесеме одлука по барањето за одобрување на притвор, меѓутоа, без повредување на Деловникот, значи во една процедура каде што ќе немаме повреда на Деловникот и каде што ќе биде испочитуван Уставот. Уставот е многу

јасен дека Собранието носи таква одлука, тука мислам дека немаме спор. Нашиот спор се заснова околу членот 51. Вие тврдите дека последниот став, значи Собранието на првата наредна седница одлучува дали ќе ја потврди или ќе ја укине одлуката на Комисијата. Да, колега, јас сосема се согласувам со тоа, меѓутоа, јас не се согласувам  со тврдењето дека ова е токму таа наредна седница, затоа што оваа седница пак се одржува во рок од 15 дена. Значи, оваа седница се одржува во законски пропишаниот рок од 15 дена на која што Собранието треба да расправа по извештајот на Комисијата. Значи, Комисијата треба да донесе извештај.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

За реплика се јави госпоѓа Лилјана Ивановска.

ЛИЛЈАНА ИВАНОВСКА:

Почитувана потпретседателке, почитувана колешке Лалчевска,

Сакам да реагирам на вашето излагање дека пратеничкиот имунитет е свето нешто. Со тоа воопшто не се согласувам, затоа што пратеничкиот имунитет ни е даден точно од суверeноста на граѓаните и граѓаните кои што не бирале. Така што ние не сме свето заштитени со тој пратенички имунитет и тој имунитет е дефиниран во член 64 од Уставот на Република Македонија каде што е дефинирано и тоа што денес расправаме дека пратеникот не може да биде притворен без одобрување на Собранието на Република Македонија и другите точки од член 64 од Уставот да не ги читам каде што точно е дефиниран пратеничкиот имунитет. Овде сакам да потенцирам дека пратеничкиот имунитет не е привилегија, туку средство за обезбедување на независна положба на пратениците во вршењето на својата функција, односно од самоволието на постапките на извршната власт и на судството. И воопшто не е инструмент за заштита на пратениците и тука воопшто не се согласувам со вас. А во однос на член 51 од Деловникот кој што господинот Караџоски толку многу го напаѓаше, а тој го носеше тој Деловник за работа и присуството на министерот на оваа седница е дефинирано во член 67. Јас сум многу задоволна што министерот не удостои со неговото присуство и многу дилеми околу оваа расправа да не ја замајуваат јавноста одредени пратеници од пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ. А во делот на држењето на седницата во овие 15 дена во член 51 е дефинирано дека седницата треба да се одржи во рок од 15 дена. Меѓутоа, денес на дневен ред имаме и барање од пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ за информација по повод мерката притвор на господинот Љубе Бошкоски. И овде сакам да потенцирам, сите наведени личности кои што ги кажавте и господинот

Бошкоски и господинот Љубомир Поповски се невини додека не се утврди нивната вина.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Госпоѓа Лалчевска да одговори на репликата.

РИСТАНА ЛАЛЧЕВСКА:

Јас ќе почнам наназад. Вие рековте дека сите се невини дури не се утврди нивната вина. Точно така. Ама ние сега со ова што ни се случува овие неколку дена околу овие дебати, почнувајќи од излагањето на министерот, од барањето на јавниот обвинител, од работата на Комисијата, ние претходно веќе ги осудивме, го осудивме господинот Љубе Бошкоски. Значи, не ја почитуваме презумцијата на невиност почнувајќи од господинот министер кој прв требаше да ја почитува таа презумција.

Јас тврдам дека имунитетот и понатаму е светиња, затоа што тој ни овозможува непречено работење, а светиња е колешке токму затоа што ни го дале граѓаните и не може тука да ни го одземе Комисија од осум члена. Значи, зависиме од волјата на парламентарното мнозинство. Ако ни го одземе некој имунитетот тоа треба да биде ова парламентарно Собрание. И точно ни го дале граѓаните и затоа е светиња, затоа што тој не штити од самоволието на постапките на извршната власт. Сега во овој случај имаме точно самоволие во постапките на извршната власт. Под притисок на извршната власт обвинителот брзоплето донесе барање пред Собранието без да е за тоа надлежен и изврши притисок на Комисијата да донесе таква одлука. Комисијата беше закажана за 25 минути, ако не е тоа пресија на извршната власт, јас незнам што е тогаш друго пресија?

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Има збор господинот Ефтим Манев.

ЕФТИМ МАНЕВ:

Почитувана потпретседателке, почитувани колеги пратеници,

Би сакал и јас да дадам мал придонес, мое размислување по одлуката донесена од Комисијата за деловнички и мандатно имунитетни пашања по однос на давањето одобрение за притвор на господинот пратеник Љубе Бошкоски. Најнапед би сакал да укажам дека сум член на таа Комисија, немав можност да бидам на седница и да дадам свој допринос таму за кое денес не би ни зборувал ако таму зборував. Комисијата беше закажана за многу кратко време и не бев известен.

По однос на Одлуката сакам да кажам дека истата е незаконита и противуставна. Од кои причини? Најнапред не може да се одобри притвор на

пратеник кој што има имунитет од страна на Комисијата, туку тоа го прави Собранието на Република Македонија. Многу јасна формулација е во Уставот и колку сакаме да размислуваме дека Деловникот е ваков, или таков, Деловникот е спротивен со Уставот. Зошто е така, тоа е друга работа. Кој го правел, што го правел, тоа не е многу битно, ние имаме многу закони кои се противуставни, па Уставниот суд ги поништува. Причината, проблемот е овде што кога дошло барањето до Собрание, до претседателот, тој го доставил до Комисијата која што е надлежна да испита дали постои, или не постои таква можност и да даде свој извештај до Собрание. На Комисијата имало доста расправа, барем од тоа што гледав на телевизија и колку што сум запознаен, помеѓу пратениците кои се од опозиција и пратеници од позиција токму дали Комисијата може да расправа по тоа прашање. Сметам дека и те како Комисијата требало ова прашање да го симне од дневен ред, бидејќи не може да расправа и тоа од една причина што е спротивно на Деловникот како што е поставено да донесе одлука, а не извештај. Второ, што барањето е поднесено од неовластен подносител. Колку сакаме да размислуваме, колку сакаме да најдеме оправдување дека јавниот обвинител може да поднесе барање до Собранието на Република Македонија за да се дава одобрение за притвор на пратеник, такво нешто нема. Обвинителот такви ингеренции нема. Обвинителот како единствен орган Обвинителството кое што е овластено за прогон целокупната негова работа завршува преку судот. Ако е така, обвинителот ќе притвора луѓе секој ден, или полицијата ќе притвора. Затоа, порано имаше одредени одредби во законите каде што во полиција имаше право до три дена, па тоа се симна на 24 часа да може да го задржи, да го притвори, да го предаде на орган овластен за таа работа. Зошто е тоа така направено ќе треба да се изјасни основниот обвинител на Град Скопје. Тој поднел барање за спроведување на истрага до Основниот суд - Скопје 1 или 2, незнам во кој суд е, со предлог да се одреди мерка притвор од оправдани причини кои што ги навел веројатно согласно Законот за кривична постапка. Понатаму, истражниот судија треба да го повика тоа лице, да го запознае со кривичното дело и кога ќе донесе решение дека се отвора истрага и ќе одлучи дали за тоа лице е потребна мерката притвор. Ако е потребна таква мерка и до колку тоа лице има имунитет како што е во овој случај, тогаш ќе поднесе барање да му биде дадено одобрение да изрече мерка притвор. Сето тоа е прескокнато и доаѓа до таму дека работата на судот ја врши некој друг, ја врши неовластен орган. Не може тоа да го прави обвинителот во ниту еден случај, во никој случај не може тоа да го прави. И потоа доаѓа да ние дали овде во Собрание,

или по улици, или во било кои институции го напаѓаме судството дека ја злоупотребува својата функција и дека е корумпирано, веројатно придонесуваме многу такво нешто да се случува во судството. Дали има таму истражен судија кој што треба да цени дали треба тоа, или не треба, или пак треба да му се сервира дека еве, има одобрение да се изрече мерка притвор и повеќе да нема тој каде да оди. Сепак, тоа право е на судијата и не може ниту еден друг. Многу малку има потреба и присуството на министерот за внатрешни работи на самата седница тој да образлага дека има потреба од такво нешто. Министерството за внатрешни работи си ја завршило солидно работата, доставило до Обвинителството и понатаму тој може да контактира само со обвинителството ако има потреба за одредени работи да прибираат уште податоци, докази. Не може министерот да присуствува на седница каде што не поднесува тој такво барање и тој не е овластен да поднесе такво барање. Ние ги мешаме работите и си ја правиме државата тотално неправна, а правото го засноваме на една поговорка: Се' е право што је принцу драго. Имаме закони, имаме Устав и не треба многу да брзаме. Сметам дека оваа одлука е противуставна и противзаконита само од тие причини што подносителот е неовластен, не може тој да поднесе такво барање и не може Комисијата за деловнички и мандатно имунитетни прашања да донесе одлука. Може да донесе извештај и да го достави до Собранието. А тоа што некој напишал така во Деловникот, тоа е дефектен деловник, дефектен деловник е во тој дел. Слушам дискусии дека ги носела некоја претходна власт. И истата власт сега и таа може да носи вакви нешта. Утре и за оваа работа некој ќе зборува, дали можело да се одземе имунитет, односно да се даде одобрение за притвор на некој пратеник. Исто и за неа утре ќе се зборува. Затоа, ние треба да се трудиме што повеќе да владее правото за сите еднакво. И оваа Одлука сметам дека е незаконита и Собранието треба да не ја прифати, а Собранието е во секојдневно заседание, секој ден може како денеска што имаме нова седница, да се закаже нова седница и да се расправа за давање на одобрение за притвор. Сметам дека некој има многу што и да зборува. Ако судот оценил дека е потребна мерката притвор, незнам кој би зборувал од нас. Можеби ќе праша да се дообјасни нешто, инаку не би имало противници на такво нешто како што некој смета, без разлика што е свето имунитетот, но ако е правилен, тој треба да е правилен, дали сум јас, или било кој, треба да одговора за тоа што го направил. Сметам дека ова Собрание не треба да ја прифати одлуката вака како што е доставена од Комисијата за деловнички и мандатно имунитетни прашања, туку треба да се одржи посебна седница утре, задутре и Собранието да си донесе своја

одлука која што ќе биде заснована на Уставот и ќе има правен основ и пред светот оправдување што правиме и што работиме.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Има збор господинот Чедомир Краљевски.

ЧЕДОМИР КРАЉЕВСКИ:

Почитувана потпретседателке, почитувани колеги,

Карактеристика на изминатиов двегодишен период од владеењето на СДСМ, би рекол во областа на примената и практицирањето на правото, не е непознато за сите од нас и за јавноста дека завладеа принциопот на селективна примена на мерките за присуство на обвинетите за кривичните постапки, притворот и селективна примена на правото кон припадници на одредена политичка структура во државата. Тој тренд на селективна примена на правото и на мерката притвор проодлжува и понатаму и со денешниов случај е само доказ дека актуелната власт нема намера да се откаже од таквото практицирање на власта во Република Македонија.

Веднаш на почетокот сакам да напоменам дека никој не е против водење на постапките за утврдување на кривичните дела и за откривање на сторителите на кривични дела, како и за нивно откривање. Принципот на владеење на правото не обврзува сите нас да поддржиме секаква постапка што е во насока на откривање на кривичните дела и на сторителите. Меѓутоа, од друга страна има друг принцип, кој исто така не обврзува нас и кој е би рекол огледало на демократијата во една држава, а тоа е принципот на строго почитување на процедурата. Имено, секое откривање на кривично дело, секое откривање на  сторителот на кривичното дело, секое казнување на сторителот на кривичното дело подразбира и строга примена на процедурата, за на тој начин, да не навлеземе во секторот на повреда на човековите права и слободи кои се со меѓународни стандарди и со нашето внатрешно законодавство заштитени.

Ноќта после изборите или дента после изборите се случија, би рекол многу нешта во Република Македонија во насока на доведување од странство на некои сторители на кривични дела, притворање на државниот секретар во Министерството за одбрана и барањето за притворање на пратеникот Љубе Бошковски, поранешниот министер за внатрешни работи. Таа ноќ после изборите, да ви кажам почитувани колеги, ми наликуваше, ајде сега можеби не е соодветна споредбата, меѓутоа ми наликуваше на Ноќта на долгите ножеви или да тргнам по стапките на претседателот на Собранието, на филмот Кум во својата завршница, кога Дон Корнеоле или Мајкл Корнеоле, седејќи комотно и релаксирано во една своја

просторија ги решаваше сите проблеми и ги наплатуваше сите долгови со своите противници.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Колегата зборува во алегорија, затоа што спомна филм. Добро, колеги, да престанеме.

Повелете господине Краљевски.

ЧЕДОМИР КРАЉЕВСКИ:

Идејата за таквото постапување, за таквите масовни, би рекол притворања, секако е да се импресионира јавноста во Република Македонија и да се оттргне вниманието од главната и топ тема во тој момент во Република Македонија изборниот фалсификат на претседателските избори.

Меѓутоа, да се вратам на денешнава тема и ќе почнам од почеток, а почетокот е дека идејата да се притвори актуелниот пратеник Љубе Бошковски е родена во Министерството за внатрешни работи на Република Македонија. И се ќе беше во ред ако постојат индиција дека некој сторил кривично дело, постапката треба да се тера, како што кажав претходно, ако се тераше постапката според одредена процедура. Многу добри елаборации имаа претходно колегите Жарко и Ристана и Коцев во врска со почитувањето односно непочитувањето на процедурата и јас не би сакал многу да се навраќам, но би сакал само накратко да ве потсетам каков е редоследот кога се сака да се поведе кривична постапка кон одредено лице.

Најпрво, сите знаеме дека има разлика дали лицето има имунитет или лицето е без имунитет. Ако лицето е без имунитет, тогаш нема никаков проблем, но сепак, кривичната постапка започнува со еден формално правен акт, а тоа е решението на истражниот судија со кој ја поведува истражната постапка. Оттука формално правно и во науката и во праксата е апострофиран моментот кога почнува кривичната постапка, кога е поведена кривичната постапка против одредено лице. Во случајов, имаме пример кога при кривична постапка треба да се поведе против пратеник, актуелен пратеник во Републичкото Собрание на Република Македонија, а тоа е господинот Љубе Бошковски. Кривичната постапка за него и за секој пратник може да се води претходно ако на истиот или на осумничениот му се симне имунитетот, а тоа е категорија која обезбедува пратеникот како функционер, како политичко лице да биде независен во вршењето на својата функција во однос на извршната власт. И, тука, мора многу да се внимава на таа процедура. Во случајот имаме две барања од еден ненадлежен орган.

Првото барање е да се симне имунитетот, за да може да се води кривичната постапка.

Второто барање е да се симне имунитетот, да се симне кривичната постапка и плус да му се одреди мерката притвор. И за двете барања формално правна одлука донесува истражниот судија во форма на решение, решение за поведување на истрага. Значи, тоа е веќе апсолвирано дека од сите досегашни говорници дека јавниот обвинител како институција воопшто нема надлежност за барање, за обраќање до Собранието и барање Собранието да донесе одлука да се одреди мерката притвор или да се одобри поведување на кривична постапка против пратеникот Љубе Бошковски. Тој редослед на настани е сосема известен. Од кои причини, најверојатно, одговорот го знаат оние кои ја замислиле односно ја креирале целата оваа постапка. Мислам дека најпрво кривичната пријава се изготвува во Министерството за внатрешни работи, таа се поднесува до јавниот обвинител кој цени дали постојат индиции дека некое лице сторило кривично дело и така ценејќи ако дошло до констатација дека лицето навистина сторило кривично дело, јавниот обвинител поднесува барање за поведување на истрага до истражниот судија. Во тоа барање го наведува и предлогот дека сака против одреденото лице односно осумничениот да ја примени мерката притвор, заради негово обезбедување во понатамошната постапка. Откога ќе го прими тоа барање истражниот судија донесува формално правно решение во еден мисловен процес. Значи, тој цени дали навистина тоа лице и постојат елементи дека тоа лице го сторило кривичното дело и дали постојат елементи предвидено во Законот за кривична постапка за примена на мерката притвор. Истовремено донесува две одлуки. Првата одлука е да се поведе кривична постапка. Втората одлука е да се прифати предлогот да му се одреди на лицето мерка притвор. Откако тој мисловен процес ќе заврши во главата на истражниот судија и откако ќе го донесе решението за отпочнувањето на истражната постапка, а со тоа и на кривичната постапка, тогаш тоа лице, таа институција, судот, истражниот судија се обраќа до надлежната инстируција, која е единствено надлежна според Уставот, за симнување на имунитетот на пратеникот, а тоа е Собранието на Република Македонија. Во случајот немаме барање за симнување на институтот имунитет на пратеникот Љубе Бошковски од страна на надлежна институција, а тоа е истражниот судија. На страна на тоа, значи што имаме веќе една битна повреда на Уставот и на Законот за кривична постапка, Собранието се нафаќа на таа, би рекол, формално правна, неуставна и суштински неуставен

документ од страна на јавниот обвинител, поднесен од негова страна и решава по таа иницијатива, по тоа барање на јавниот обвинител.

Јас присуствував на таа седница кога Комисијата за деловнички и мандатно-имунитетни прашања решаваше по однос на барањето на јавниот обвинител, не во својство на член, туку во својство на пратеник, бидејќи немав право да одлучувам, туку имав само право да дискутирам. И уште тогаш му укажав на претседателот на Комисијата, прво, го прашав за што се работи. Дали се работи, Комисијата за деловнички и мандатно-имунитетни прашања да му предложи на Собранието да му се симне имунитетот на пратеникот Љубе Бошковски, дали се работи за таква одлука, значи, за чист предлог во форма на извештај од Комисијата до Собранието или Комисијата сама ќе се впушти во мериторно решавање односно донесување на одлука за одземање на имунитетот на господинот пратеник Љубе Бошковски. Одговорот на претседателот беше неодреден и рече дека на крај ќе ги донесе Комисијата заклучоците, ќе види како ќе се одвива расправата. Очигледно, претседателот на Комисијата однапред имаше смислено и план во корелација со министерот за внатрешни работи и со присутниот јавен обвинител, не знам во кое својство беше присутен и едниот и другиот, бидејќи ова е само исклучиво работа на Собранието и на собраниските тела, евентуално, а никако на некои ... и евентуално ако требаше да биде присутен, тоа требаше да биде овластениот предлагач за симнување на имунитетот, а тоа е истражниот судија, а никако овие претставници на извршната власт односно на Јавното обвинителство.

Откога претседателот на Комисијата за деловнички и мандатно-имунитетни прашања не ми даде дециден одговор за што заседаваме ние тој ден, по кои прашања, по кои точки ќе решава, туку само небулозно беше кажано дека расправаме сега за одземање на имунитетот по предлогот на јавниот обвинител. Тогаш, јас предложив и децидно тогаш му го цитирав на г. Кондарко Уставот и одредбите на Деловникот дека ако мисли, ако смета дека треба да се примени Уставот, а единствено така треба да се смета и тоа е правилно сметање, тогаш треба само ние да расправаме, да побараме од претседателот на Собранието да ни каже дали има и тоа на писмен начин да не извести, не вака по телефон и не така паушално во некакви разговори, во неформални разговори меѓу себе по телефон, дали има намера да свика седница на Собрание, кое е единствено надлежно за симнување на имунитетот на пратеникот. Претседателот на Комисијата г. Кондарко рече дека разговарал усмено и дека нема намера да ја прекинува седницата на Комисијата за деловнички и мандатно-имунитетни прашања, не знам зошто толку му

се брзаше, а им се брзаше очигледно на сите тогаш присутни од извршната власт, од обвинителството и г. Кондарко како претседавач. Не ја прекина седницата на мој предлог да побара писмено известување од претседателот на Собранието дали има намера да свика седница на Собрание, пленарна седница, за да решаваме по таа работа, туку продолжи со работата и нормално како производ на тоа решение на работата на Комисијата, се донесе ваква неуставна, невалидна одлука, со која априори пратеникот Љубе Бошковски, дури и беше на некој начин изнесена и фактичкатљ состојба утврдена од страна на Министерството за внатрешни работи, што впрочем имавме прилика и од госпоѓата Контевска на телевизија да видиме како се одвивал целиот настан, што е сосема во спротивност со одредбите на Законот на кривична постапка и со тајноста на постапката. Се донесе одлука со помош на парламентарното мнозинство односно комисиското мнозинство што беше 6 према 2. Ние немавме право да гласаме, бидејќи сме само во својство на дискутанти и како пратеници. Сега, се прави иста грешка, зошто ние сега заседаваме да верифицираме нешто што е неуставно. Како можеме да верифицираме нешто што е неуставно. Ние со таа одлука што ја донесе Комисијата, всушност таа има правна сила. Повторно ќе направам една споредба, една компарација. Замислете, некој што е осуден на смртна казна егзекутиран е човекот и сега ние повторно расправаме дали требаше да го егзекутираме човекот или не. За тоа веќе работат и органите за внатрешни работи, се одвиваат оперативните дејствија за да се притвори човекот, врз основа на една неуставна, незаконска и невалидна одлука на Комисијата за деловнички и мандатно-имунитетни прашања. Оттука, јас влечам заклучок, кога веќе ова Собрание не прифати промена на редоследот на дневниот ред, бидејќи требаше да се прифати промената, логичен след да се направи, така што прво да се расправа дека одлуката е невалидна, па тогаш Собранието да донесе валидна одлука, кога веќе се состанавме. Инаку, се дотогаш, додека Собранието ја држи во сила односно додека не донесе друга одлука која ќе биде валидна, со валидна процедура донесена, сега моментално пратеникот на кого му е со невалидна одлука одземен имунитетот, има потполно право да постапува како пандан, како што постапува, како пандан на ваквата невалидна одлука. Благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам.

За реплика се јави господин Есад Рахиќ.

ЕСАД РАХИЌ:

Почитувана потпретседателке, почитувани колеги,

Мојата дискусија, мојата реплика ќе се обидам да бидам многу краток затоа што ќе дискутирам веројатно на втората точка. Она што сакам да кажам дека во грото од дискусиите со колегите од ВМРО-ДПМНЕ се сложувам и ние може да расправаме за формата. ВМРО-ДПМНЕ и ЛП, може да расправаме за формата и дали има тука погрешки од Комисијата или нема. Меѓутоа она за што сакав да му укажам на г. Чедо Краљевски и на останатите, нека престанат да зборуваат за фалсификат. Јас не знам за кој фалсификат зборуваат, за овој 1999 година, или ...

Ве молам господине Оровчанец.

Втора работа го гледам дека Чедо Краљевски е љубител на филмови и на книги. Не знам дали ги гледал филмовите или книгите. Да разјасниме некои работи. "Ноќта на долгите ножеви" начинот на кој што функционира власта беше својствена токму во времето кога дотичниот господин за чиј имунитет денеска расправаме со неговиот побратим влегуваше во фирмите, во домовите и ги малтретираше обичните граѓани. Меѓутоа и тоа не сакам да го расправам. Што се однесува до кумот, кумот Чедо Краљевски редовно го посетува или во Софија, еден од кумовите, или во Солун или во одредени дестинации каде што се крие.

Мојата молба е ако расправаме, да расправаме за факти. Фактите се следните. Имаме 7 мртви, економски емигранти како што и господинот министер кога тргнал како економски емигрант од Челопек во Хрватска. Имаме 7 мајки што изгубиле деца, имаме 7 сестри или браќа, имаме срам и штета нанесена на Република Македонија, имаме 12 милиони долари оштета која што ако утре се докаже дека ние сме згрешиле ќе ја плаќа овој народ и тука може ние да расправаме. Јас би ве замолил од делот на дискусиите да се ограничиме на она што е дел на дневен ред на оваа точка. Затоа би ве замолил сите колеги, се она што има да го изнесеме, а останатите квалификации да ги задржиме за некој друг.

Благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам.

ЧЕДОМИР КРАЉЕВСКИ:

Благодарам потпретседателке.

Што се однесува до мојот кум јас редовно го посетувам, ама тој се наоѓа во Скопје. Живее во Скопје и одржуваме добри родбински односи ако може така да се каже.

Што се однесува до постапките на претходната власт, како што ги образложи г-динот Есад, јас мислам дека постапка, конкретно оваа постапка за седумте убиени

во Раштанските лозја е поведена пред две години и досега имаше доволно време, откако е на власт и неговата партија и министерот Хари Костов, тоа и претходно имаше основи за да се ревидира овој случај, можеше да се направи а и после. Алузијата ми беше дека се темпираше одреден момент, а тоа е моментот после изборите. Ништо повеќе.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам.

Збор има г-динот Никола Ќуркчиев.

(г-динот Гоце Трајановски бара збор за реплика)

Во ред, не ве забележав, простете.

За реплика...

Само, на кого реплика?

Простете, не може реплика на реплика.

(Пратеникот Коце Трајановски реагира од место.)

Простете г-дине Трајановски, тоа беше реплика на г-динот Есад Рахиќ. Вие можете да се јавите во дискусија.

Г-дине Никола Ќуркчиев, повелете.

(Пратеникот Жарко Караџоски бара збор).

Сега е 8 минути до 13,00 часот, освен ако г-дине Ќуркчиев сакате да отстапите место на некој друг, па потоа да имаме пауза.

Во договор се сменуваат г-динот Ќуркчиев и г-динот Караџоски, во ред.

Повелете г-дине Караџоски.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Јас само ја користам можноста, со оглед што процедурата и овде се наруши со репликите, се јавувавме за реплики, односно се јавуваат за реплики но не кога се зборуваше за мене, јас сакам сега во вид на дискусија...

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Г-дине Караџоски истиот принцип важи немојте сега да фрлате магла по истиот принцип постапува цело време.

Повелете.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Не, кажувам зошто се јавувам за збор?

Добро, овде се изнесоа многу работи. Слушнавме конечно нешто и од опозицијата, веројатно ќе слушнеме повеќе после паузата, да расчистиме некои работи.

Значи, колешке, јас Деловник не сум носел, ниту сега го носам. Сум го гласал. Тоа е неспорно. Го гласаа овде и многу други, вклучително овде има пратеници и од позиција, бидејќи се гласа со двотретинско мнозинство. Така што колку што сум јас одговорен, толку беше и тогашната опозиција или сегашната позиција. Имаше некаков консензус, не тврдам дека е идеален, всушност праксата покажува колку е добар и коку е лош и за тоа ќе дискутираме и веројатно еден ден ќе го менуваме. Меѓутоа, додека го имаме, треба да го почитуваме.

Во врска со тоа што бевме повикани на членот 50 став 2, ме повика еден колега, дека не сме го читале и не сме го гледале членот 50 став 2 и членот 51 став 5, еве и за тоа да продискутираме. Јас не гледам што е спорно, не го гледам тука колегата, но веројатно ќе има можност.

Членот 50, став 2, тоа го зборував цело време, па пак ќе го повторам.

“Барање за одобрување на притвор на пратеник односно известувањето дека пратеник е притворен се поднесува до Претседателот на Собранието”. Што е тука спорно, не ми е јасно што сакаше колегата да објасни.

Повторно ќе се вратам, значи станува збор за два случаи, барање да се одреди притвор е во сите оние случаеви доколку пратеникот не е фатен во вршење на кривично дело на лице место и каде што казната е предвидена од над 5 години, што е втор услов предвиден во Уставот. Затоа се вели”Барање”.

Друго е прашањето кој го поднесува барањето и друго е прашањето дали тоа треба да го направи Јавниот обвинител или истражниот судија.

По однос на членот 51 став 5:

“Собранието на првата наредна седница одлучува дали ќе ја потврди или укине одлуката на Комисијата”. Тоа не е спорно. Затоа е закажана оваа седница. Затоа е ваква одлуката.

Се поставува прашањето и затоа цело време дискутираме, но изгледа не се разбираме. “Прва наредна седница” се мисли на некоја редовна седница. Ова е итна седница, свикана како што е свикана и, како што е свикана оваа можеше да биде свикана претходно и онаа за која што расправаше Комисијата за деловничко имунитетни прашања. И тука е нелогичноста на сето она што го зборувавме. Значи, ако можело да се свика итна седница денеска, во оној рок од 15 дена каде што укажува Деловникот, не ја гледам причината и каде всушност е причината? Имаме ли ние некој доказ до нас пратениците, до Комисијата, дека претседателот на Собранието немал намера да свика седница ниту тој ден ниту во рок од 15 дена. Таков доказ не гледам. Обично ракуваме со докази. Таков доказ не гледам. Немаме

писмено известување. Немаме никакво образложение од претседателот ниту сега, ниту тогаш дека тој немал намера да свика седница во рок од 15 дена.

Оваа одредба на членот 51 став 5 на која што повикува колегата Томиќ се однесува во таква ситуација, значи, не се закажала седница, немало да има седница во рок од 15 дена и после истекот на тој рок, откако Комисијата донела одлука, каква што донела кога не требаше, на наредна седница ја потврдуваме. Тоа е суштината на Деловникот. Инаку јас апсолутно не гледам во што е спорот? Одредбите се чисти и јасни. Само треба да се применуваат.

Толку, мислам дека истече времето.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам, ова беше ефикасно

Бидејќи е три минути до 13,00 часот, јас молам, да прекинеме, да одиме на пауза, а ќе продолжиме по паузата во 14,00 часот.

(По паузата седницата продолжи со работа во 14,00 часот)

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Бидејќи заврши повикот со ѕвончето ги повикувам пратениците да влезат.

Збор има пратеникот Никола Ќуркчиев, а нека се подготви пратеникот Ѓорѓи Трендафилов.

Повелете г-дине Ќуркчиев.

НИКОЛА ЌУРКЧИЕВ:

Почитувани колеги пратеници,

Денешнава седница ја започнавме со новоформулирање на точките од дневниот ред. Но, како и да беа формулирани, колку и да се на број, како и да ги подредевме редоследно иститe, работата е јасна.

Две години над Република Македонија виси крајно контраверзниот случај “Раштански лозја”. Сега, со отворањето на преткривичната постапка во врска со истиот случај, во јавноста, во медиумите, во нашиов дом, во Собраниево се форсира амбиент во кој што сите, а особено пак оние кои имаат било каква врска или допирна точка со политиката, стануваат или се прават дека се експерти над експертите. Демек, тие и таквите се најгласни, затоа што се залагаат и се најзагрижени за државата, најмногу држат до Уставот, најдобро ги познаваат и ги почитуваат законите, им нема равен, се разбира, во толкувањето на Кривичниот законик, на кривичното, процесното право итн.

Почитувани колеги,

Заврши претседателската кампања. И сега, наеднаш, како да влегуваме во нова, па од влакна треба да правиме ортоми, јажиња и од мравките слонови.

Што не е јасно? Што сакаме, навистина, да замаглиме? Од што треба да ја дефокусираме јавноста ние денеска во Република Македонија? Во што сакаме да го претвориме Собранието денеска? Или пак, што всушност, од оваа говорница се беше кажано денеска.

Во оваа држава, без разлика кој како мисли, има државни органи кои што, во согласност со законите што ние сме ги гласале, гонат, водат истрага, отвораат и водат постапки, носат пресуди, осудуваат или ослободуваат од обвинение итн. Се разбира има и адвокати. Нивна должност е да ги бранат сите осомничени за било какви против законити дела и со аргументи да ја докажуваат пред суд нивната невиност.

Сега, засега, без разлика кој е што по образование, ние сепак овде, во овој дом, сме пратеници. Се соочуваме со сериозно и тешко обвинение кое што веќе е формулирано како убиство на седуммина странски државјани од крајно ниски побуди.

Имаме многу јасна и прецизна уставна позиција за да водиме расправа по овој случај. Инволвиран, односно осомничен е човек кој за време на насанот во 2002 година беше министер за внатрешни работи, а денеска е патеник кој, согласно Уставот, како и сите ние, ужива пратенички имунитет.

Работава не е играчка. Затоа мора да бидеме јасни и на чисто и ние не дискутираме со цел да одлучиме дали г-динот Љубе Бошковски е виновен или невин, не дискутираме со цел да определиме дали Љубе Бошковски по предкривичната постапка ќе биде на слобода или во притвор. Ние не одлучуваме за, како што се вели, или често сллушаме деновиве да му се одземе, симне или незнам што да се направи на пратеничкиот имунитет на г-динот Бошковски.

Наша единствена надлежност во целиот овој случај е да  одлучиме дали ќе дадеме согласност или пак не судот да си ја тера својата работа. И, тоа е се.

Понатаму, без разлика, еве, Собранието и да ја потврди одлуката на Комисијата, одлуката се разбира за одобрување на изрекување мерка притвор од страна на надлежен орган, тоа не значи и по автоматизам дека ќе има притвор. Истражниот судија е тој кој по разгледувањето на Барањето за мерка притов и основите за притвор ќе одлучи дали ќе има или не.

Почитувани колеги пратеници,

Толку што успеав да слушнам и прочитам деновиве, бранителите на Бошковски, исто како и пратениците на ВМРО ДПМНЕ, главно го проблематизираат барањето за притвор. Да признам, бранителите ги разбирам апсолутно. Тие се платени да бранат. И, толку. Меѓутоа, не можам да разберам, не можам навистина да ги разбирам колегите од опозицијата, веројатно, односно најверојатно во недостиг на правни аргументи бараат нешто, а и самите не знаат што.

Прво, се тврди дека е прекршена постапката при обидот да се одобри изрекување мерка притвор од страна на надлежен орган. Слепо се држи за членот 64 став 3 од Уставот во кој вие, без да погледнете ниту подолу, ниту погоре од него, тврдите дека за одобрување на изрекување на мерка притвор одлучува Собранието исклучиво на пленарна седница Притоа, се разбира, добро знаат дека во меѓувреме, за следните 15 дена во тој период не беше планирана седница, или нова седница на ова Собрание и тоа седница без утврден дневен ред на која би можело да се најде оваа точка.

Исто така, вам, по се изгледа и покрај тоа што ептен сте загрижени за Уставот, законите, правната држава итн., ништо не ви значи како ваквите ситуации ги толкуваат правните експерти. Јас, навистина не го разбирам правото како вас. И, затоа го почитувам мислењето на експертите кои велат дека во итни случаи, кога не може да се чека 15 дена до свикување на седница на Собрание, одлука може да донесе Комисијата за деловнички и мандатно имунитетни прашања, која на наредната собраниска седница, од страна на пратениците се потврдува или отфрла.

Не знам, навистина, во што е грешката. Комисијата, дали некој ја смета за регуларен или нерегуларен дел од Собранието, дали може би дека овој случај не е итен, мислите ли дека постапката треба да почека да се развлече 15-20 дена па и повеќе, ако се може, треба да се даде простор за незнам што итн.

Второ, се проблематизира и прашањето кој треба да побара или одобри притвор, истражниот судија или пак обвинителот? И од ова прашање, при јасен став на експертите, ниту сега не можеме да се договориме или треба да направиме навистина политички награден квиз. Грешка било оти барањето стигнало од Обвинителството, а требало од истражниот судија.

Не ми е јасно, при Уставни одредби што имаат амбиција да се поедностави материјата во овој дел, значи нема прецизно дефинирано од каде треба да потекне иницијативата, каде сте го прочитале тоа за што се залагате и за што замерата?

Почитувани колеги,

На сите, вклучувајќи ги не само пратениците туку и целата јавност во Република Македонија, совршено ни е јасно дека правните процедури се своевиден лавиринт. Меѓутоа, нели овде во Собранието секој втор збор или најчеста декларација е “почитување на уставот и законите”, “функционирање на правната држава”, “владеење на правото” итн.

Затоа, одморете малку, како и да се гледа на работата, на целиот случај, на осомничените актери, нештата се отидени до таму што сега не помага ниту политика, ниту кампања за одбрана или спас, ниту медиумите ниту не знам кој, или што. Дефиницијата што и сега се актуелизира “за монтирано сценари”, “за монструозен чин” и да не набројувам лебди над Република Македонија две години. За тие две години, во недостиг на аргументи на факти, докази или како сакате, наречете го материјалот што објективно би го расветлил целиот случај, јавноста на неформални дебати можеше да дискутира, шпекулира, нагаѓа, претпоставува.

Сега, откако надлежните државни органи даваат сигнал дека се подготвени и можат да го расветлат случајот, да ги соочат актерите во делото со доказите, ние недвосмислено треба да дадеме поддршка на таа разврска.

Почитувани колеги пратеници,

Претпоставувам дека на сите до еден, без разлика кој, што и како говори, совршено ни е јасно колку ова делува податливо, згодно за политички маркетинг. Исто така, сите знаеме дека вистината за Раштански лозја ни е неопходно потребна, во иста мера ни треба и на опозицијата и на позицијата и воопшто на Република Македонија како држава. Се работи за, условно кажано инцидент од меѓународни размери. Инволвирани, осомничени за сериозно и тешко обвинение се лица кои во моментот на случувањето беа високо државни функционери во извршната власт, а дел од нив и денес се државни функционери во државната власт. Сакале тоа да го признаеме отворено или не, разрешувањето на овој случај е сериозен тест за државата, за институциите, посебно за правосудните органи во поглед на тоа каков е реалниот капацитет да го поминеме правниот лавиринт и низ една, би рекол, нагласено што е можно пообјективна понезависна, понеисполитизирана, и подемократска процедура да дојдеме до вистинска судска разрешница. Верувајте, ако судот го потврди сомневањето како основано, како вистина, срамот, белегот нема да биде само на товар на ВРМО-ДПМНЕ. Срамот и штетата ќе бидат и на товар на целата држава. Во спротивно, дај боже, сите би биле подеднакво задоволни.

Затоа, да не го користиме Собранието за прејудицирање на работите, да не го оптоваруваме случајот со политички предрасуди и да не бидеме единствени во поддршката и очекувањето на судската разврска. Убеден сум дека независната, третата власт во Република Македонија ќе го има последниот збор за овој случај.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам г-дине Ќуркчиев.

Она правило кое што можеби го заборавивме, кој мисли да се пријави за реплика, нека се пријави, после првата реплика не прифаќам дополнителни реплики, бидејќи тоа го сметам како реплика на реплика.

Значи за реплика се јавија три пратеници, и тоа Ристана Лалчевска, Спиро Мавровски и Коце Трајановски.

Повелете г-ѓо Лалчевска.

РИСТАНА ЛАЛЧЕВСКА:

Благодарам, г-дине претседателе.

Се јавив за реплика да исправам некои работи. Вие, г-дине Ќуркчиев во вашиот говор рековте дека не се разбирате од право, дека вие не се разбирате од право како што се разбираме ние, ама очигледно е дека добро се разбирате во држење на популистички и политички говори, кои во основа се празни, неиздржани и без никакви факти. Сите ваши говори се слични еден на друг, а овој денешниот е лдоказ дека тоа е така. Си поставивте многу прашања, не си одговоривте ни самиот на некои однив. Ве молам, дека не се разбирате од право е точно, во вашиот говор рековте дека се работело за убиство од крајно ниски побуди. Г-дине Ќуркчиев, воопшто не се работи за таков вид на убиство, туку се работи за убиство по членот 123 став 2 во врска со член 23, што би рекле во превод убиство на повеќе лица за поттикнување на убиство во членот 23. Значи за поттикнување на убиства на повеќе лица. Не е никакво убиство од ниски побуди и таква квалификација нема.

Исто така, рековте дека денес ќе дадеме согласност или не судот да си ја тера работата. Ние денес, г-дине Ќуркчиев ќе потврдиме или ќе отфрлиме една Одлука која е донесена во погрешна процедура и во погрешна постапка , односно Одлука која е правно невалидна.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Една минута имате за контрареплика, повелете г-дине Куркчиев.

НИКОЛА ЌУРКЧИЕВ:

Навистина не знам како да почнам, меѓутоа, вистинско чудо е, навистина просто импресионира вашата навика, почитувани кјолешки или колеги од

опозицијата, секогаш кога на дневен ред е било каква точка која има и минимална врска со правосудството, со функционирањето на правната држава вие да се растревожите до оваа мера. Што е вистинската причина да манифестирате толку грижа за Уставниот поредок, за правото, за почитување на законите, за правдата и сигурноста, вие сигурно знаете подобро. Меѓутоа, не сте единствени кои можеби го читате правото или го знаете. Јас се надевам дека мојата дискусија ја слушнаа повеќе граѓани во Република Македонија и тие повеќе разбраа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Сега има реплика г. Спиро Мавровски. Повелете три минути.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Благодарам г. претседателе.

Неколку пати слушнавме од г. Ќуркчиев дека зборот или секвенцата совршено ви е јасна. Она што го говореше, ако може да ги прочита своите стенографски белешки после ова, апсолутно ништо не му е совршено јасно или пак не му е ништо јасно. Прво кажува во својот говор дека истражниот судија ќе одлучи дали треба да се спроведе мерката притвор или не, тоа го кажувате вие, после тоа кажувате дека Г. Кондарко и неговата Комисија даде одобрение некој да биде притворен. Значи истражниот судија го принудивме со таа Одлука што ја донесе Комисијата на Г. Кондарко да добие одобрение за притвор и тоа за вас е многу разбирливо и совршено ви е јасно. Што ви е јасно незнам. Кажувате дека не беше планирано нова седница. Еве после пет дена ова е трета седница каде расправаме и имаме сеници, така што оваа точка апсолутно не беше проблем, бидејќи и после оваа седница претседателот на Собранието веќе го има закажано продолжението на некоја друга седница. Писмен документ од страна на претседателот не добивме дека нема намера да закаже седница во наредните 15 дена, а ако вие меѓу вас се договарате, ние како пратеничка група или пратнеици во Собранието не знаеме,тоа е веќе друга работа.

Говорите дека има многу правни лавиринти, дека сега во моментот ниту политика, ниту кампања, ниту медиуми, никој неможе да му помогне на Г. Љубе Бошковски. Значи вие со вашиот говор се приклучувате на Г. министер Хари Костов, на јавниот обвинител и на другите и веќе ги осудувате луѓето, а од друга страна кажувате дека истражниот судија е тој што треба да го приведе, ако треба да го приведе , да го сослуша и после тоа да се утврди дали некој е виновен или не. Вие од говорница сега кажувате дека апсолутно ништо не помага, вие веќе го осудивте. И од каде таа ваша мисла дека срамот и штетата ќе бидат само за ВМРО-ДПМНЕ

или ќе бидат и за вас, за СДСМ. Апсолутно не гледам тука некој да суди партија или да се зборува за некои работи, а говориме за пратеник кој во моментот е актуелен пратеник на Републичкото собрание и малку поголем респект за некој кој обавувал државна функција, кој бил министер во едно така лошо време. Затоа, Г. Ќуркчиев со многу повеќе факти и со многу повеќе размислување за се ова што го кажуваме од говорницата. Проверете ги вашите стенографски белешки, ќе видите дека апсолутно имате конфузија во вашето излагање.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам г. Мавровски.

Само една работа да кажам. Писмен документ дека нема да закажам седница нема потреба да има, бидејќи според Деловникот неможам да закажам седница така туку 15 дена однапред. Ако треба да се оди по Деловник, неможам 15 дена понапред. Ако треба членовите од Деловникот да ги доставувам, тоа е веќе друг договор.

Повелете една минута контрареплика г. Ќуркчиев.

НИКОЛА ЌУРКЧИЕВ:

Мојот респект кон г. Љубе Бошковски е моја работа и не е јавен. Меѓутоа, вашиот респект беше јавно кажан.

Мојата реплика се однесува на нешто што вие сакате само да кажете или да одземете време на ова Собрание. Зошто апсолутно не се потрудите и не сватите, осомничен за сериозно, би рекол тешко кривично дело е член на нашиот законодавен дом. Со тоа по автоматизам сомнежот за одговорност не паѓа само на него лично, на неговата матична партија, не знам дали уште е таму, не паѓа само врз гарнитурата која во моментот на извршување на делото била извршна власт. Сомнежот на одговорност паѓа на товар на цела Македонија. Ако сомнежот се докаже, срамот паѓа врз сите нас, штетата ќе ја сносиме сите ние. И подобро слушајте од говорница, ќе биде подобро.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете г. Трајановски, имате три минути за реплика.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Благодарам г. претседателе.

На почетокот би сакал да напоменам дека и оваа дискусија како и сите други на г. Ќуркчиев се анализа на нашите говори. И тоа е добро, добро е што ги слуша говорите и што внимава на нив, но изгледа несака да ги разбере. Ние многу децидно и многу јасно кажавме што сметаме дека е прекршено во Уставот на Република

Македонија, во Деловникот на Собранието на Република Македонија и во Законот за кривична постапка децидно е кажано со членови и ставови.

Инаку, би сакал да реплицирам со неговото тврдење, со тврдењето на г. Ќуркчиев кој децидно рече: ние сме овде да дадеме согласност дали судот ќе си тера својата работа или не. Тука г. Ќуркчиев несакајќи признава дека работата е испуштена од рака, имено, се уште предметот не е дојден до судот. Значи се уште не е дојде до судот, а Јавното обвинителство со своето барање за одобрување на притвор на пратеникот, а не само на пратнеик туку во иднина може да ни се случи за сите други што имаат имунитет, судии и други лица кои овде во согласност со Уставот имаат имунитет, значи малку пошироко треба да ја гледаме работата, г. Ќуркчиев децидно признава дека практично судот треба да си ја врши таа работа, онаа која се однесува околу одобрувањето за притвор и понатамошната работа, а не пред да дојде до судот МВР или во конкретниот случај Јавното обвинителство го осудува, со тоа што бара одобрување за притвор. Одобрението за притвор, како што кажаа и колегите, се дава во оној случај кога извршниот судија ќе оцени дека е потребно г. Љубе Бошковски под некои основани сомненија да биде притворен. Дури тогаш треба да се бара одобрение за притвор. Во никој случај janиот обвинител - тоа сите го кажаа и го потврдивме, меѓутоа г. Ќуркчиев изгледа тоа несака да го разбере, а со оваа реченица практично признава дека пред да дојде до истражниот судија, постапката ја завршуваат во Јавното обвинителство.

Исто така, рече дека лебди ова монструозно дело. Г. Ќуркчиев има и други дела што лебдат во нашава држава, меѓутоа, вие изгледа сакате и селективен пристап да направите. Тоа е независно, несакам да правам дигресија по тој основа, меѓутоа, би ве замолил да не ми го ускратувате правото, како што се обидувате, бидејќи ние сме немале право туку имале право само бранителите да дискутираат. Во овој случај на пратениците во Собранието на Република Македонија им се ускратува правото или се крши деловникот со тоа што ние како пратеници треба да донесеме одлука дали да се одобри притворот или не.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам г. Трајановски.

Една минута контралеплика за г. Ќуркчиев.

НИКОЛА ЌУРКЧИЕВ:

Не знам зошто, што треба да се признава или да не се признава кога навистина правосудните органи си ја тераат работата и треба да си ја тераат. Дали се работи за еден или за друг пратеник сосема сеедно, тогаш кога ќе добиеме

барање од нив ние ќе расправаме и треба да расправаме. И навистина не гледам причина од ваков театар и на ваков начин на некого да му се помага или одмага. Напротив, и во вашите дискусии видов дека повеќе сте загрижени за Љупчо Поповски отколку за Љубе Бошковски.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Процедурално, има збор г. Жарко Караџоски.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Г. претседателе, сакам да реагирам процедурално.

Ве слушам повеќе пати во повеќе наврати како претседател на Собранието давате образложение поради што немало потреба од писмено известување од ваша страна и дека вие неможете да закажете сендица  во рок помал од 15 дена согласно Деловникот. Тоа го кажавте денес неколку пати. Бидејќи тоа е деловничка одредба, дозволете да кажам дека не сте во право. Погледнете го само членот 64 став 2 од Деловникот каде јасно е кажано дека во итни случаи претседателот на Собранието може да свика седница и во пократок рок од 10 дена, а дневниот ред може да го предложи на самата седница. Значи да не ја замајуваме јавноста, вие сте имале право оној момент кога сте оцениле дека некоја работа е итна да ја закажете веднаш.  А мерка притвор е секогаш итна. И друго  сакам да кажам, сакам да обрнам внимание на сите пратеници независно од кои редови доаѓаат, од позиција, опозиција, кој за кого е загрижен и како е загрижен, не е наша работа поединечно.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Вие го коментиравте мојот дел од објаснувањето. Тука завршуваме. Итната седница се побара, ја свикав.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Ама не по барање, вие имавте право сами да одлучите.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Јас не оценив дека има потреба да има итна седница, а вие велите дека вакво нешто е итно. Јас не оценив и одев според Деловникот.

Има збор г. Ѓорѓи Трендафилов, а нека се подготви пратеникот Борис Кондарко.

ЃОРЃИ ТРЕНДАФИЛОВ :

Благодарам г. претседателе.

Не мислам дека генералниот секретар на СДСМ е непретпазлив човек и затоа неговото обраќање пред Собранието на Република Македонија ќе го сватам како навистина искрен настап. Ако не ми беше јасно зошто на 30 април, според зборовите

на обвинителот, барањето до Собранието е упатено меѓу 9,00 и 11,00 часот, како што кажа тој не се сеќава најдобро, но до 11,00 часот тоа барање е стигнато во Собранието. Ако не ми беше јасно зошто на пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ и на ЛП или барем на кооридинаторот, или барем најмалку на членовите на матичната Комисија, тоа исто барање за свикување на седницата не им беше кажано додека траеше пленарната расправа овде. Ако не ми е јасно зошто барањето официјално е стигнато односно испратено до г. Бошковски во 13,20 часот, а почетокот на седницата е закажан за 13,30 часот, ако најмалку ми е јасно како може да се дрзне г. Костов пред Комисијата во која се сите пратеници кратко и јасно да им каже јас ќе ви ја кажам вистината, иако е тој, колку што е моето минимално познавање на правото, еден од учесниците на одреден спор, тој треба нешто да докаже, некој треба да се брани, но и г. Костов и оној што се брани своите тврдења ги бранат на суд, не ги бранат пред г. Кондарко, не ги бранат пред мене, не ги бранат во салата на Собранието на Република Македонија. И конечно, сите овие прашања кои ми даваат за право да тврдам дека за жал на актуелното раководство во МВР најмалку му е грижа што се случило во март 2002 година затоа што не би ги направиле очигледните правни пропусти за кои од 30 април се дебатира во јавноста, ќе биле максимално внимателни, максимално претпазливи, имајќи ја предвид целата саериозност на потенцијалниот случај, доколку биде докажан како што вели г. Ќуркчиев, доколку генералниот секретар на СДСМ во своето завршно излагање не спомна дека ако ова биде докажано, срамот и штетата нема да бидат само на ВМРО. Колку што знам, ниту обвинителот ниту г. Костов, ниту ја обвини поранешната извршна власт, ниту е обвинета ВМРО-ДПМНЕ како политичка партија. Станува збор за еден настан кој предизвика ефект и внимание во пошироката јавност така како што предизвика и единствено ако го следиме логичниот низ на настани во несмасноста на потезите во извршната власт, навистина за жал ќе констатирам дека не станува збор само да се утврди вистината и дали таа ќе биде само еден нуз производ, туку за жал можеби целта нема врска ниту со настанот од март 2002 во Раштански лозја ниту со нешто друго врзано со настанот.

Инаку би сакал да обрнам внимание, за жал и понатаму Владата на Република Македонија на овој начин на кој што ги произведува приказните, аферите и скандалите во јавноста, се држи до старата девиза од деновите на распадот на стариот Рим, “леб и игри”, затоа што јас не можам да сфатам да се молчи во моменти кога Министерството за внатрешни работи вели приведен е поради поткуп и мито, поранешниот генерален секретар на СДСМ, член порано исто на овој

законодавен дом и до скоро државен секретар во Министерството за одбрана.

А вие сте сите свесни дека со трансформациите во нашиот општествен и институционален систем што се случуваа во изминатите седум-осум години, државниот секретар на оперативно ниво е безмалку идентичен, како и самиот министер. Значи можете да претпоставите каков ефект оставаме во јавноста. Ако Министерството за внатрешни работи имало сериозна намера ова да го направи и ова да биде единствена цел на активностите на Министерството за внатрешни работи, тогаш немаше да ја гледаме онаа несреќна прес конференција на Министерството за внатрешни работи, затоа што не треба човек да студира право или да дипломира право, да му биде јасно дека додека истрагата трае, не може да предаваат детали од самата истрага. Напротив, Министерството за внатрешни работи помпезно излегува, ние два дена, три дена гледаме по вестите детаљи, слушаме како било и што било, всушност не слушнавме што било,  туку ние ја гледаме апсолутната вистина која доаѓа од господинот Хари Костов како актуелен министер за внатрешни работи. Штетата е веќе направена, сакале вие тоа да го признаете или не сакале вие тоа да го признаете господине Ќуркчиев, можеби затоа има делумен револт кој излегува веќе од рамките да зборуваме за постапката или за процедурата, затоа што апсолутно велам човек не треба да студирал право за да знае дека е прекршена постапката. Дали тоа било свесно да се прекрши, дали е од несмасност за да се излезе веднаш со тоа . Вие не бевте присутен на Комисијата. Едно од образложенијата на господинот обвинител беше, поведена е постапка за приведување и за притвор, затоа што господинот Бошковски можно е да влијае на сведоците, кои евентуално би биле повикани во постапката. На нашето прашање, а вие господине обвинител, како обвинителство кога започнавте да работите и да го расветлувате настанот на Раштански лозја, тој вели уште од истиот момент, веднаш следниот ден од кога се случил настанот, март 2002 година. Јас не знам ниту господинот обвинител кажа, бидејќи ние го прашавме дали во времето кога  лицето за кое вие тврдите дека треба да му биде одземен имунитетот, за да може да биде достапен на органите на прогонот, тогаш од позиција на актуелен министер за внатрешни работи ви вршел вам како институција, како обвинителство влијание да не ја терате постапката. Господинот обвинител рече не. Значи од 2002 година до 2004 година на обвинителството никој не му вршел влијание да работи согласно законите и прописите. Тие можеле да излезат и пред пет дена и минатата година, сосем се едно кога ќе била доказната евиденција собрана на начин како што би мислел обвинителот дека е доволна. Но несмасноста, дали е само несмасност од

наивност, од непретпазливост или свесно е направена да биде така, остава една темна дамка во јавноста дека за жал, целта не е да се расветли настанот како што господинот Костов тврди, кој е спротивен од настанот што е опишан од МВР во март 2002 година, туку дека е целта можеби нешто повеќе станува збор како што вие завршивте, дискридитацијата нема да се однесува само на пратениците од редовите на ВМРО, ќе бидат дискредитирани сите пратеници кои седат во овие клупи. Јас господине Ќуркчиев во дискредитацијата на овие 120 пратеници не можам многу да ви помогнам, затоа што од 15 септември 2002 година ние тие критериуми ги поместивме во една би рекол лоша граница, така да за достоинството на Собранието на Република Македонија, освен СДСМ и вашиот клучен коалиционен партнер, господинот Али Ахмети никој друг не може да биде виновен. Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Кој бара да се јави за реплика нека се пријави.

Значи реплика има господинот Макрадули и господинот Ќуркчиев.

Повелете господине Макрадули.

ЈАНИ МАКРАДУЛИ:

Благодарам, сосема накратко не знам што правел тогашниот Јавен обвинител во март 2002 година, но знам дека тогашниот Јавен обвинител е сега адвокат на господинот Љубе Бошковски. Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Трендафилов повелете имате една минута.

ЃОРЃИ ТРЕНДАФИЛОВ:

Господине Макрадули дали вие имате некаков проблем, па не умеете точно да ги дефинирате и да ги изговорите насловите на институциите во Република Македонија. Мислам дека може да ви помогне во таа насока протоколарната служба и во Собранието и во Министерството за надворешни работи.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Ќуркчиев имате три минути, повелете.

НИКОЛА ЌУРКЧИЕВ:

Се откажувам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Збор има господинот Борис Кондарко, а нека се подготви пратеникот Љубчо Георгиевски.

БОРИС КОНДАРКО:

Господине претседателе, почитувани пратеници,

Во текот на денешната дискусија од страна на опозицијата се изнаслушавме секакви работи кои најмалку имаат врска со правото и кои најмалку имаат врска со процедурата и со Деловникот за работа на Собранието на Република Македонија.

Имено, сакам да констатирам дека опозицијата си зема неовластено за право да направи комплетна ревизија на работата и на сите останати државни органи, државни органи кои се самостојни и независни институции кои се самостојни и независни во извршувањето ан своите функции. Опозицијата си зема за право да се стави над законот, да држи лекции на сите, да го толкува правото, да го прилагодува правото, што е уште потрагично, на што нема право и да ни суди на сите, да му суди на Јавното обвинителство, да му суди на судот, да му определува на истражниот судија како треба да работи и нормално, да му суди на МВР.

Денеска на опозицијата и текна, поточно измисли дека Деловникот наводно бил дури и неуставен. Господа Деловникот е во правна сила и тој има сила на закон за работата на Собранието и тој важи за сите подеднакво и тој е ист за сите подеднакво.

Значи, господо од опозицијата го поставувам прашањето на кого вие судите и со кое право вие судите. Судите на независни и самостојни институции кои имаат свои уставни надлежности и ингеренции, се мешате во нивната работа, го земате правото и правдата во свои раце и притоа  кажувате дека се е неуставно, се е незаконито. Дали притоа мислите дека и дали притоа зборувате за она што е суштина и точка на дневниот ред, за оној пратеник наш колега, кој од страна на обвинителството е осомничен за извршување на тешко кривично дело. Тоа е темата и тоа е точката на дневен ред на денешната седница. Затоа што  треба некој друг независен орган нему да му суди, па да видиме дали ќе се докаже вината или ќе се докаже дека пратеникот не е виновен, а ние овдека никому не пресудуваме, туку само постапуваме по барање на надлежен државен орган, како што тоа го пропишува Деловникот за одобрување на изрекување на мерката притвор, согласно Деловникот на Собранието на Република Македонија. Овдека беше искажано обвинувањето дека Јавниот обвинител е ненадлежен да постапи до Собранието со такво барање. Ако Јавниот обвинител господа, е ненадлежен, тогаш не знам кој е надлежен во оваа држава да достави вакво барање. Јавниот обвинител по дефиниција по Устав е надлежен државен орган кој по службена должност ги гони сторителите на кривични дела, ги открива иститe и предлага до истражниот судија определување на мерка притвор заради обезбедување на обвинтетиот,

обезбедување на докази и обезбедување на правилен тек на истрагата. Како може да биде Јавниот обвинител ненадлежен да достави барање за определување на изрекување на мерка притвор, кој несомнено ја изрекува истражниот судија, кога во Собранието значи не може да достави барање, а до истражниот судија може да достави барање. Апсолутно нелогично и контрадикторно од ваша страна. Исто така, овдека вие му судевте а Јавниот обвинител што смее да прави што не смее да прави и зошто барал од нас, од Собранието, од Комисијата да постапиме согласно Деловникот. Господа ние постапуваме согласно Деловникот. Деловникот е највисокиот акт за работа на Собранието и на Комисијата, а не Законот за аптеки на пример.

Понатаму, велите дека Собраниската комисија се ставила изнад Собранието. Не е точно дека Комисијата се ставила изнад Собранието. Во Собранието постои одредба членот 51 став 4 и 5 дека Комисијата одлучува и донесена е таквата одлука и за тоа е известен претседателот на Собранието, чие исклучиво право и ингеренции и надлежност согласно Деловникот и негова проценка е кога ќе свика седница на Собранието и кој ќе биде дневниот ред. Значи со тоа да расчистиме.

Вие велите дека сме постапиле спротивно на Уставот, што исто така не е точно. Вам ви пречи многу една работа. Ние постапивме согласно Деловникот и никој не вели дека за одлуката на Комисијата нема да расправа Собранието. Еве денеска Собранието расправа. И што е тука спротивно на Уставот. Вам ви пречи друго господа. Вам ви пречи овластувањето во Деловникот кое го има Комисијата и која донесе таква одлука а додека Собранието ја потврди или не таквата одлука, таа одлука е спроведлива и извршна, се разбира, доколку и за тоа има основани сомневања и доволно докази кои Јавниот обвинител ги доставува до истражниот судија и по проценка на истражниот судија.

Значи, да расчистиме. Ние ниту прејудицираме притвор ниту некого однапред осудуваме. Нашата работа е во врска со имунитетот а понатаму има други надлежни органи кои ценат врз основа на доказите, дали таквата мерка ќе биде изречена или не. Значи да расчистиме и со ваквите лажни конструкции и обвинувања од ваша страна.

Понатаму, велите дека господинот Љубе Бошковски не бил известен, зашто тоа го предвидува Деловникот за седницата на Комисијата. Јас ја известив Комисијата дека тој е известен, направен е обид за негово известување, најпрво преку неговиот мобилен службен телефон кои ги добиваме сите ние како пратеници. Неговата секретарка кажа дека тој телефонот го заборавил дома и дека излегол во

град. Понатаму, тој ден точно е дека имавме закажно собраниска седница. Го поставувам до вас прашањето, како и секој друг професионален пратеник. Каде беше нашиот колега што е избран од народот овдека во Собранието на работа. Тој не беше дојден. Да беше дојден на работа, ќе знаеше за седницата. Понатаму, направен е обид истиот да се извести преку пратеничката група во Собранието и преку седиштето во неговата партија. Бидејќи тие обиди беа безуспешни, не можеа наводно да го пронајдат господинот Бошковски, известувањето за седницата е направено преку службата на МВР за што постои презентирана службена белешка од страна на овластено лице на МВР дека него известувањето му е потврдено во 13 часот и 20 минути во хотелот “Амбасадор”. Така што ако бил заинтересиран господинот Бошковски би дошол. Меѓутоа, настрана од тоа господинот Бошковски Деловникот не бара да биде присутен на седницата на Комисијата, туку единствено што бара Деловникот да биде известен, така да и таа деловничка обврска од страна на Комисијата е исполнета, затоа што ние на господинот Бошковски ниту му судиме ниту пак тој треба да се брани пред Комисијата. Единствено да биде известен, информиран за одржувањето на седницата, односно дека се расправа за него, за прашање кое е поврзано со неговиот имунитет и статус во Собранието. Чувме обвинувања дека наводно со тоа на пратеникот му било скратено правото на одбрана, што исто така е неточно од причините кои претходно ги искажав, затоа што никој не е нападнат на Комисијата. Ние на Комисијата одлучуваме по барање на надлежен независен самостоен државен орган, кое барање има свое образложение и каде што се наведени причини поради кои органот бара да се даде одобрение за одобрување на мерката притвор која понатаму доколку истражниот судија процени, може и да не се примени. Меѓутоа тука завршува работата на Комисијата.

Понатаму, беше кажано дека Комисијата го прекршила Законот, замислете за кривична постапка. Од ова поголема глупост немам чуено затоа што Собраниската комисија ниту го применува, ниту е должна, ниту за нејзе важи Законот за кривична постапка. За нејзе важи собранискиот Деловник и ние постапивме согласно член 51 став 4 и 5. И сега расправа Собранието. Собранието не го применува Законот за кривична постапка. Собранието не е суд. Мислам вакви работи кои навистина немаат тотално врска е срамота да се слушнат од пратеници во ова Собрание, без разлика и да не се празници, треба да имаат основни подготовки за една ваква дискусија.

На крајот уште еднаш да ги појаснам причините од кои се раководеше Собраниската комисија во донесувањето на одлуката за одбрување на притвор од

страна на надлежен државен орган. Никој од вас не говореше за барањето на Јавното обвинителство, односно за образложението на барањето, каде што се наведени причини, основани сомневања дека осомничениот е можно да се даде во бегство, дека истиот е можно да влијае на текот на истрагата, да влијае на сведоците и да влијае на соизвршителите за кривичното дело. Значи, Комисијата беше свикана итно бидејќи добивме барање од надлежен државен орган кое содржеше итни сериозни и неодложни причини поради кои требаше да се постапи, а се со цел да се обезбеди текот на истрагата за да се отклонат секакви опасности за бегство на обвинетиот или негово влијание на соизвршителите или сведоците во постапката. Значи се со цел за водење на непристрасна и објективна истрага согласно законот. Значи ние се раководевме од сериозноста и од тежината на кривичното дело и на причините кои Јавниот обвинител ги имаше наведено и образложено во барањето до Собраниската комисија. Го поставувам прашањето кој ќе ја сносеше одговорноста и како ќе беше доколку Комисијата не постапеше по ова барање. Значи кои ќе беа последиците за истрагата, за кривичното дело, за државата.

И на крајот, бидејќи не говоревте за темата, да ве потсетам што е темата. Ние треба да разговараме кои се причините, односно интересите на ова Собрание, на овој законодавен дом за да може да функционира како институција. Кои се причините или условите за да мандатот биде, односно имунитетот, се извинувам, биде односно не биде одземен. На тоа ние треба да го задржиме нашето внимание и од тој аспект да дискутираме и да понудиме аргументи зошто треба, односно не траба да се одземе имунитетот, дали е тоа битно за функционирањето на оваа институција, што значи од аспект на институцијата пратеник во ова Собрание.

И на крајот, што е најважно, дали држат и дали има аргументи за наводите кои се содржани во образложението на барањето на Јавниот обвинител. Тикму раководејки се од таквите аргументи Комисијата донесе Одлука, а Собранието денес расправа. Значи се е во согласност со Уставот, се е во согласност со Деловникот.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам г-дине Кондарко.

Повелете госпоѓа Којзеклиска имате реплика од 3 минути.

МАРИЈА КОЈЗЕКЛИСКА:

Ја имав таа несреќа, можам да кажам, да бидам присутна на Комисијата за деловничко и мандатно-имунитетни прашања и ќе реплицирам на претседателот на Комисијата, кој воедно е и пратеник во Собранието на Република Македонија .

Правото на опозицијата, почитуван колега го дал народот, како и на вас исто, за да може опозицијата да критикува или да не критикува, не сте вие тие што треба да кажете кој,каде и колку ќе критикува.

Што се однесува до суштината на денешната точка од дневниот ред само ќе викажам, од целата дискусија провејува еден став дека барањето е поднесено од ненадлежен орган. Основното јавно обвинителство не е надлежно да поднесе барање. Значи безпредметна е првата точка од дневниот ред, поднесена од ненадлежен орган, ненадлежна е одлуката. Ние немаме право да расправаме по оваа одлука, тоа што го кажа и колешката Лалчевска.

Во самата одлука на г-динот Кондарко се вели до Основното јавно обвинителство Скопје, до МВР. Каде е претседателот на Собранието на Република Македонија . Со посебна одлука е известен пртседателот, дека се одобрува ? Никој досега не ги повикал пратениците да присуствуваат на Комисија преку органите на МВР, туку известувањата се доставуваат за пленарна седница, колку што се сеќавате и вие претседателе, како и одговорите на пратеничките рпашања за кои истекуваше времето за кое требаше да бидат одговорени. Значи така се брзаше со постапката што дури и МВР се вклучи за да може да го најде пратеникот Љубе Бошковски и да се рече еве тој е известен, ама тој никако не сака да дојде на Комисиајта.

Што се однесува до образложението што го спомна многу почитуваниот колега Кондарко, на барањето на обвинителот. Ако толку сакал обвинителот и ако тој се смета за надлежен орган, барем во барањето ќе пишувал врз оснвоа на кој член и на кој закон го засновува ова барање. А причините, дали е така и дали г-динот Љубе Бошковски има можност да влијае на соизвршителите, мислам дека не е предмет, затоа што пак извршителите претходната ноќ беа собрани, беа исто така притворени, на сведоците исто така, а прикривање на доказите тоа е веќе во надлежност на г-динот Хари Костов.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете г-дине Кондарко имате една минута реплика.

БОРИС КОНДАРКО:

Имам впечаток дека госпоѓата Којзеклиска измислува.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете г-дине Караџоски имате три минути реплика.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Од г-динот Кондарко слушнавме многу квалификации, меѓу другото и дека пратениците немаат врска од право ни од Деловник и т.н., особено не опозицијата, таа нема поима од ништо.

Да ви кажам право, кога Кондарко зборува ме потсеќа на една песма од времето на едноумието која од прилика го имаше следниот рефрен. “Кој друкчије каже тај клевеќе и лаже”, затоа што пракса е овде што Кондарко ќе каже тоа е и вистината. Се друго е лага.

Да ве потсетам, кога г-динот Кондарко преку неговата комисија донесе одлука за пет минути ограничување правото на расправа на пратениците, исто така беше во согласност со Деловникот. Кога г-динот Кондарко кажуваше дека десетте минути го исцрпуваат и правото на расправа по амандмани и тоа беше во согласност со Деловникот затоа што тој така вели, нели поучени од искуството во едноумието.

Инаку дали е глупост или не да се спомнува ЗКП, г-дине Кондарко ние тоа го зборувавме во контекс на надлежниот орган кој овде поднесува барање до претседателто на Собранието. Не е само Деловникот меродавен кога одлучуваме. Во тој контекс кажавме дека Јавниот обвинител не е надлежен и не е меродавен да поставува барање затоа што тој е странка, како што и ти кажа, а орган кој носи решение за притвор е истражниот судија. Сорeд тоа е и тој орган кој доставува барање до претседателот на судот. Јас ќе ги прочитам членовите од ЗКП каде јасно се кажува. Според тоа немојте да се осврнувате само на опозицијата дека таа е која сака да суди некого, особено не институциите кои што ги наведовте. Ако опозицијата сака нешто , таа има право , согласно Деловникот, да побара интерпелација и тоа можеби ќе го направи. Меѓутоа имаме право, за колега што сметаме дека ја нарушил процедурата, овде отворено да дискутираме и да побараме негова одговорност, што и го чиниме во втората точка.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете г-дине Макрадули процедурално.

ЈАНИ МАКРАДУЛИ:

Во интерес на времето се обидувам цел ден процедурално да не реагирам, но изгледа уште сме во времето на кампањата па лично се обраќаме, а не зборуваме за општи работи. Комисијата не е на Кондарко и ги молам пратениците да ги почитуваат и користат термините кои се согласно Деловникот и доста ја ословуваат Комисијата дека е тоа Комисија на Кондарко. Тоа е Комисија на Собранието и нека

го држат и почитуваат достоинството на Собранието, кога говорат согласно член 87 став 4 од Деловникот за работа на Собранието.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Ја прифаќам оваа забелешка, бидејки е упатена и до мене.

Процедуралната забелешка е на место. Како што на нас ни смета ако, или на опозицијата и смета дека полното име на партијата треба да се каже, не скратеното, така да и секоја Комисија си има полно име и се знае чија е и тоа мислам треба да се почитува.

Повелете една минута г-дине Кондарко.

БОРИС КОНДАРКО:

Господине Караџоски бидејки кажавте некои работи кои мислите дека не се вистина, само да ви поставам едно прашање во однос на тоа кој го крши Деловникот и Уставот.

Дали бше вистина и дали беше согласно Деловникот кога Комисијата за деловнички прашања констатира дека пратеникот Никола Груевски го прекршил и Деловникот и Уставот, со тоа што му ја одзеде картичката и правото на збор и гласање на претседателот на Собранието.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Не е тука да ви одговори г-динот Груевски, не зборувајте во негово отсуство.

Повелете г-дине Краљевски имате три минути реплика.

ЧЕДОМИР КРАЉЕВСКИ:

Јас ја разбирам хаотичноста и конфузноста во подготвувањето, водењето на седницата на Комисијата за деловничко и мандатно имунитетни прашања и на донесување на одлуката, кај претседателот на Комисијата од причина што мислам дека сепак г-динот Кондарко ги знае доволно добро, како правник, и процедурата и уставните и деловнички норми, како се постапува и како требаше да постапи, но сепак мислам дека на него му е дадено да го одработи овој проект и тој успешно го спроведува на дело.

Ќе поминам не на неколку противречности што восвоето излагање ги наведе г-динот ондарко. Имено тој рече дека ние како Собрание сме одлучувале, или надлежни сме за одлучување, за одобрување на изрекување на мерката притвор, што е делумно точно. Инаку поточно би било да се каже дека пред се сме надлежни за симнување на пратеничкиот имунитет во соодветна пропишана процедура, како што предвидува Уставот и делумно Деловникот. Во таа контрадикторнсот, во неговите констатации имаше дека ние со оваа Одлука не сме прејудицирале

изрекување на мерката притвор, а подоцна кажа дека истражниот судија може да одлучи и да не ја примени мерката притвор. Значи ние како Собрание ќе му го симнеме имунитетот, ќе го разголиме, така да кажам, пратеникот пред судските органи, а од судскиот орган кој е единствено надлежен да побара од Собранието да му се симне пратеничкиот имунитет, може да одлучи поинаку. Значи ние, џабе сме работеле, џабе сме ја свикувале седницата, џабе сме трошеле пари, пари на Собранието, како што многу пати милуваат да кажат пратениците од позицијата, подоцна може да одлучи истражниот судија, да не примени мерка притовр. Тогаш зошто сме работеле ние, башка што по законот единствено надлежен да бара примена на симнување на имунитетот е само истражниот судија. Не сме се раководеле од сериозноста на кривичното дело, ние пратениците од опозицијата затоа се противиме на вака прекршената процедура со Устав и Деловник. Напротив , јас мислам дека нема оправдување за прекршување на Уставот и на Деловникот па макар и да се работи за најсериозно кривично дело како што е во случајот. Можеби се работи за најсериозно кривично дело, меѓутоа ние секогаш треба да внимаваме на почитување на процедурата и на демократските правилата, а тоа е огледало на демократичноста во една држава.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Да направам јас еден мал осврт. Никој никому овде не симна имунитет. Во Уставот или Деловникто само на едно место се зборува за имунитет, а тоа е дека пратеникот ужива имунитет. Во ниеден член не се зборува дека Собранието симнува имунитет. Да бидеме сериозни. Симнување на имунитет е многу сериозна работа. Овде точно се знае за што е зборувано. Затоа користете ги уставните термини.

Повелете г-дине Блаже Стојановски имате три минути реплика.

БЛАЖЕ СТОЈАНОВСКИ:

Заради запознавање на јавноста со фактите јас сакам да прочитам две три работи.

Првата работа е барањето за одобрување притвор на пратеникот во Собранието на Република Македонија .

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Вие не морате да читате. Вие одговорете му на г-динот Кондарко.

БЛАЖЕ СТОЈАНОВСКИ:

Наводите на г-динот Кондарко беа дека ние не кажуваме вистини при нашето обраќање. Затоа сакам да му кажам со факти.

Факт е дека Оснвоното јавно обвинителство од Скопје, на 30.04.2004 година доставува до претседателот на Собранието на Република Македонија барање за одобрување притвор на пратеникот. Значи во Собранието тоа се прима на истито ден 30.04.2004 година, меѓутоа нема час на приемот, за разлика од сите други документи кои ги добиваме, а каде точно е наведен часот на приемот, како што е случајот со барањето за свиквуање на итна седница на Собранието каде што стои 21,15 часот. Тоа е малку чудно.

Втора работа, во Деловникот член 117, стои, поканата за седници со предлогот на дневниот ред и материјалите што се разгледуваат на седницата, претседателот на работното тело, значи се работи за седница на работно тело , им ги доставува на членовите на работното тело, поправило 8 дена пред денот на одржувањето на седницата. За одржувањето на седницата на работното тело се известуваат сите пратеници на Собранието.

Понатаму после итната седница на ова тело, истиот ден во 13,30 часот, бидејки во 11,00 часот имавме седница на Собранието, до Основното јавно обвинителство-Скопје и МВР , Комисијата за деловнички и мандатно имунитетни прашања, односно нејзиниот претседател г-динот Кондарко ги известува овие субјекти за донесување на следната одлука на ова тело - Се одобрува изрекување на мерка притвор на пратеникот. Значи се одобрува изрекување на мерка притвор, иако барањето е доставено од Основното јавно обвинителство, а не од истражниот судија. И на крајот претседателот на Собранието, односно вие лично сте известени за седницата на омисиајта за деловничко и мандатно имунитетни прашања и за Одлуката што таа ја донела на 4.05.2004 година. Тоа беше вчера. Значи вие вчера, како претседател на ова Собрание, сте дознале каква Одлука има донесено, зборувам на официјален начин Комисијата. Сите овие работи се факти и за ова ние зборуваме.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете госпоѓа Лалчевска имате три минути реплика.

РИСТАНА ЛАЛЧЕВСКА :

За да нема чувство г-динот Кондарко дека измислувам, да не ме обвини случајно како госпоѓа Којзеклиска, јас запишав се што кажа и за што се ќе дебатирам со него, а ист така бев и присутна на онаа маратонска седница која траеше 4 часа.

Вие рековте, по што се водела Комисијата за донесвувањето на ваквата Одлука. По основаното сомневање дека обвинетиот може да се даде во бекство. Ова беше самопричина наведена од Јавниот обвинител. Меѓутоа, не и единствена

мерка за обезбедување. Ние можевме таму да дебатираме иза другите мерки кои се предвидени во Законот. Меѓутоа наше беше да донесеме извештај, г-дине Кондарко, повторувам, извештај до Собранието врз основа на кој извештај понатаму ќе работи Собранието. Вие не обвинувате нас дека си земаме за право да го толкуваме правото. Вие стартно почнавте со погрешно толкување на Деловникот на Комисијата за деловнички и мандатно имунитетни прашања, кога веднаш отидовте на ставот 4 од членот 51, а притоа заборавивте дека постои ставот 1 во членот 51 кој вели дека Собранието врз основа на извештајот на Комисијата одлучила дали ќе даде одобрение за привор на пратеникот. Значи вие бевте тој што прв почна да си го толкува правото така како што у одговара и отидовте на став 4 од членот 51 од Делвоникот и притоа направивте груба повреда на Деловникот. Донесовте Одлука која правно е невалидна, а невалидна е уште од причини што барањето врз основа на кое е изречена ваква одлука е поднесено од неовластен орган. Вие тоа добро го знаете иако не сакате да си гопризнаете. Прво што требаше да сторите требаше да испитате и да утврдите дали подносителот на барањето е овластен или не.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете една минута, г-дине Кондарко.

БОРИС КОНДАРКО:

Госпоѓа Лалчевска не толку заради вас колку заради јавноста.

Сакам да ви кажам дека ова што го кажавте нема врска. Одлуката е донесена врз основа на став 4 и 5 од член 51, а членот 51 став 1 зборува за сосема нешто друго и таа е друга ситуација. Тоа е една работа.

Второ, ставот 4 зборува да го извести Собранието. Известување е различно од извештај. Извештај денес доби Собранието, како и секој друг извештај што го доставуваат работните тела, а известувањето е дека веќе е одлучено, а таквата одлука ја потврдува или укинува Собранието. Значи едно е извештај, друго е известување за донесена одлука.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете госпоѓо Лалчевска процедурално.

РИСТАНА ЛАЛЧЕВСКА:

Ние имаме одлука, а не извештај. Ве молам заради јавноста тоа да биде јасно кажано. Одлуката е правен акт која произведува правно дејствије.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Ова не е процедурално.

Повелете Трајановски имате реплика.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Мојата реплика се однесува на говорот на господинот Кондарко.

Значи господинот Кондарко се обиде да одговори на нашите аргументи за прекршување на Уставот на Република Македонија на Деловникот на Собранието на Република Македонија и на Законот за кривична постапка. Но за жал не успеа ништо да објасни впрочем на телевизија, во весниците испаднаа скоро сите експерти од уставно право во Република Македонија кој што во најмала рака се згрозени од целата оваа постапка која што се направи преку Комисијата за деловнички и мандатно-имунитетни прашања. И која што на крај го руши дигнитетот на Собранието.

Господине Кондарко во вашето излагање рековте. Господинот Љубе Бошковски е известен преку пратеничката група. Сакам да кажам да не ја замајувате јавноста во Република Македонија, тоа го кажав и во мојот говор дека вие практично не ја зборувате вистината. Како пратеничка група ние сме известени во 13,10 часот преку дневниот ред на Комисијата на наша ургенција го добивме, значи само 20 минути пред почнување на седницата на Комисијата за деловнички и мандатно-имунитетни прашања. Еве ја таа одлука, тој дневен ред на кој што господине Кондарко вие не сте потпишани. Значи потпишан е раководителот на Секторот на работни тела, незнам дали вие воопошто сте ја свикале седницата или ве викнале да ја завршите таа работа. Значи тука имаше прва недоумица.

Второт, нигде тука не пишува дека ние треба да го известиме господинот Љубе Бошковски, ако вие не сте успеале, а сигурно сте можеле да го известите како и сите. Значи согласно на член 50 став 5 вели:"За седницата на Комисијата се известува и пратеникот на кого се однесува барањето, односно известувањето доколку е притворен" јас не знам зошто е ова ставено известувањето. Меѓутоа, во секој случај требало да биде известен и пратеникот и не да му се суди како што вие рековте на Комисијата, туку да го каже своето мислење на та Комисија како пратеник во Собранието на Република Македонија гледајќи го неговиот дигнитет. Исто така, се поставува прашањето зошто целокупната оваа брзоплетост и во таа брзоплетост се заплеткавте се со цел да што побрзо ја донесете одлуката т.е. одобрението за притварање на пратеникот. Обвинението господине Кондарко е многу сериозно. Случајот е постар од две години, моравте сериознон и одговорно да ја водите постапката согласно со Уставот, согласно со Деловникот и согласно со Законот за

кривична постапка. И верувајте дека не гледа целокупната меѓународна јавност во Република Македонија.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Бидејќи немаме контра реплика, повелете господине како последен дискутант, засега пријавен господинот Љубчо Георгиевски. Имате збор.

ЉУБЧО ГЕОРГИЕВСКИ:

Почитуван претседател на Парламент, почиувани пратеници,

Ќе ја прифатам позицијата условно да дискутирам за точката на дневен ред така како што е ставена - Одлука на Комисијата за деловнички и мандатно-имунитетни прашања на Собранието на Република Македонија со кои се одобрува изрекување на мерка притвор на пратеникот во Собранието на Република Македонија Љубе Бошковски.

И покрај тоа што дискусиите на пратениците на опозицијата повеќе од јасно е дека оваа точка е безпредметна, и нели, многу лесно може да падне во некоја понатамошна процедура. Меѓутоа, ја користам како нели, шанса, реков условно, за да продискутирам за предметот за кој зборуваме денеска, и јасно да ги изразам моите позиции.

Зошто сум за неприфаќање на ваквата одлука која ни е ставена под точка 1 на дневниот ред. Првот затоа што јасно се работи за политичка кампања која веќе во континуитет трае година ипол, односно од 15 септември наваму, за политичка елиминација на политичките противници, односно луѓето од претходната власт денешната опозиција, меѓутоа она што е уште посуштествено можеби за оваа дискусија, елиминација на безбедносните сили, односно на силите кои се бореа во време на воената криза 2001 година и последиците нели од неа. Значи јасно е дека прашањето, начинот на кое е поставено е дел од една нели долгорочна политичка пресметка која се врши и со опозицијата, меѓутоа и со оние луѓе кои се бореа во време на кризата за доброто на татковината Македонија. Во таа насока нели, ќе ги наведеме моментите зошто сметам дека ова е дел од политичката кампања.

Прво, нема да се задржувам многу за оваа што досега го дискутираа многу пратеници од опозицијата, тоа е процедурата и начинот на кој сме дојдени до овде. И на најголемиот политички лаик му е јасно дека денеска е прекршен и Уставот на Република Македонија и дека е прекршено Деловникот на Собранието на Република Македонија. Не е само, не ги наоѓаме аргументите само во тежината, на аргументите кој ги изнесе опозицијата, тие исти аргументи ги наоѓаме и во бледоста на одбраната која овде се обидува да ја даде актуелната власт, меѓутоа и оние скромни мислења

успеавме да ги чуеме деновиве од некои нели, правници, професори, истото го зборуваат. Проблемот за мене е што, за жал, ни стана навика да го прекршуваме Уставот на Република Македонија се почесто и многу често. Некаде пред месец дена за среќа или несреќа се работеше за истиот човек Љубе Бошковски му беше одземено уставното право да се кандидира за претседател на Република Македонија и покрај тоа што сите сме сведоци дека со истите правила на игра господинот Киро Глигоров ни стана претседател, а господинот Васил Тупурковски, во 1999 година, ако не се лажам, со месец дена пред тоа со лична карта од Белград се кандидира исто така за претседател. Значи, за месец дена ова е втор пат на очиглед на целата јавност, на очиглед на сите правници и стручњаци да се прекршува Уставот, а овој пат прашањето на имунитет или притвор, незнам кој како го нарекува.

Значи, тоа е еден од аргументите зошто сум длабоко убеден  дека ова прашање е дел од политичка кампања или хајка.

Второто прашање зошто не се согласувам со оваа одлука од првата точка што ни е дадена на ваков начин како што е дадена, условно велам ако е воопшто издржано на начинот на кој е доставена пред нас во Парламентот и начинот односно денот кога беше почната целата кампања. Ќе ве потсетам дека кампањата почна час и половина откако беа соопштени првичните резултати од Државната изборна комисија, ако тие објавени некаде во 01,00 часот кампањата со затварањето и притворањето на осомничените почна во 02,30 часот. Значи, час и половина по објавувањето на резултатите.

Ова ми дава за право дека нависина нешто со резултатите не е во ред на претседателските избори од 28 април. Дури и тие  ако беа изведени во најрегуларен начин, начинот на кој беше почната и спроведена кампањата од тогаш до денеска со јасна цел да се земе вниманието на јавноста од изборната процедура жалби, постапки и се она сврзано со изборите фрла еден голем сомнеж и пред сите нас се поставува прашањето кому му требаше тоа од СДСМ токму час и половина по објавувањето на првичните резултати да почне оваа кампања кога знаеме дека процесот трае година ипол наназад и кога знаеме дека сите ние сме тука и во наредните два три месеци ако не друго барем до одморите.

Значи датумот, односно часот на почнувањето на кампањата само не потсетува на сите оние стари трикови кои ги гледаме во оваа година ипол, а тоа е кога треба да се направи некој голем гаф дали политички, дали безбедносен или економски гаф во Република Македонија обавезно истиот ден имаме некаков

притвор на луѓе во полиција. Оваа шема стана толку воочлива што навистина станува трагикомична. Можеме да наведеме 30 примери наназад во изминатата година ипол дента кога правите нешто со ДУИ, дента кога имате некоја голема утка во економијата истиот или другиот ден имаме некаков притвор на човек од опозицијата. Ве молам, сега кога ќе ставате министер од ДУИ во Министерството за одбрана, како што разбравме шефот на КЗК за Република Македонија на УЧК уште сега ве предупредуваме немојте да го правите со некои притвори, еве слободно изгласајте го човекот да можеме нормално да дишеме и да се однесуваме.

Значи, оваа шема дека нешто ..

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Георгиевски држете се на темата.

ЉУБЧО ГЕОРГИЕВСКИ:

Јас сум единствен кој јасно ви кажа денеска дека дискутирам по првата точка, ако ме следите, инаку сите други ја оспоруваа точката. Јас дискутирам по точката зошто сметам дека не треба да се прифати одлуката на начин како е поставена под услов да е правно издржана.

Во таа насока навистина за мене станува уште еднаш појасен аргументот зошто требаше оваа кампања да тргне еден ипол час по објавувањето на резултатите, повеќе е од јасно дека имаме фалсификат на изборите и дека се додавани два до три проценти за да се пополната избирачките ливчиња. И покрај тоа што ВМРО-ДПМНЕ од 05,00 часот акцијашки направи големи напори да стигнеме до 51% очигледно дека тие 3% на крајот фалеа за да се докомплетираат изборните резултати.

Зошто политичка кампања, зошто сметам дека треба да се одбие оваа одлука за елиминација на политичките противници и на безбедносните сили. Ќе ве потсетам, во оваа година ипол од медиумите кои се наклонети на актуелната власт тогашната опозиција не се симна од дневен ред прашањето на Раштански лозја и Љуботен. Нема месец дена да не се објавува истото прашање. Се поставува прашањето зошто македонските медиуми, зошто политичарите кои се занимаваат со тој проблем, такво внимание не посветија за бројни други афери кои во времето на кризата ја потресоа Република Македонија. Аферите, монструозните злосторства се многу спомнувани во таа насока, да не ги повторувам, Вејце, Карпалак, силувањата на работниците, бројните поставувања на мини на секој чекор во тоа време. Значи, афери монструозни убиства имаме перманентно за цело време. Во ниту еден медиум близок до актуелната власт не најдовме ниту еднаш прашање што е со тој

случај, до каде е тој случај, посебно карактеристичен случај остануваат само овие два при што не можам да не кажам и да се задржам на она што се нарекува злосторства од Хаг. Ние гледаме дека Хаг се интресира само за еден единствен случај, тоа е прашањето за Љуботен. 220 случаи, 220 поединци се испрашани од Хаг, ниту еден од другата страна, никој не го интересираат злосторстватаа, масакрите. Да не го заборавaме оној случај во Челопек кога двајца македонци беа врзани во мотел, а потоа врз нивните тела беа поставени експлзиви и тие експлодираа. Значи, сето тоа е неважно, а Раштански лозја и случајот со Љуботен се важни.

Сето тоа зборува за една работа, она што за жал, многу од луѓето од СДСМ не можат да го свата или го сваќаат, меѓутоа, не можат да се спротивстават. Дел од меѓународната заедница и две години по завршувањето на кризата бара да најде виновник во институциите на Република Македонија. Постојано ја гледаме истата политика две години дека аргументот е многу јасен дека албанците од Косово и Македонија имале право да го прават тоа  што го правеа злосторството во 2001 година затоа што институциите во Република Македонија биле лоши, диктаторски и незнам какви. Зошто никој од нас не си го поставува прашањето каде се делата на масакрите на албанците односно на УЧК спрема македонскиот народ. Со каква игнорација се однесуваме спрема сите тие жртви кои паднаа на еден или на друг начин. Нема. За сето тоа нема никаков одговор. Нас не интересира само таму каде можеме да ги заглавиме институциите на Република Македонија. Јас ве уверувам дека тоа еден ден ќе биде дел од шемата која е потребна  на одредени делови на структури на меѓународната заедница со која ќе се покаже кризата во Република Македонија беше оправдана затоа што таму управуваа, односно имаше грешка во институциите на Република Македонија. За жал, некои од министрите на оваа влада, некои од структурите на оваа влада сакаат со тоа да си направат личен маркетинг, сакаат со тоа да си ги подобрат личните односи спрема оние кои сметаат дека утре ќе ги наградуваат.

Во таа насока кога зборуваме за целата афера не можам да не спомнам начинот на кој се однесува спрема луѓето кои денеска се во притвор или се бара притвор за нив. Ако добро имам информација значи покрај министерот за внатрешни од тоа време во притвор е и командантот на лавовите, неговиот заменик и некои луѓе од другите оперативни служби.

Дали имаме во таа насока да се потсетиме дека спрема истите луѓе од првиот ден се води кампања за еден случај, за друг случај, за трет случај, само за да се

најдат виновни во оваа криза која ни се случуваше нам и сето тоа, повторно ви велам, за луѓе кои се докажале со своите борбени способности, со својата активна способност во одбраната на Република Македонија. Тука повторно доаѓаме до клучното прашање што е тоа што ни се случуваше во Македонија во 2001 година и по неа и сите конкретни ситуации киднапирања, убиства и незнам што ни се случуваше. Дали СДСМ уште верува дека тоа беше војна која ја договори Георгиевски и Џафери или за жал тоа беше агресија на Република Македонија од страна на Косовскиот заштитен корпус чиј еден од генералите седи тука меѓу нас господинот Гзим Острени, дека тоа е војна која се водеше со тогашната ОНА која има 13 коминикеа со кои презема одговорност за палење, убивање, рушење на македонски градови и села. Тие коминикеа никој со сила не ги тераше да ги пишуваат. Напротив, тие ги пишуваа тогаш со гордост.

Денеска гледаме, додека се зборуваше за процедурата, некои од пратениците на СДСМ дофрлаа оставете ја процедурата, погледајте за какви убиства се работи. Беше некоја дама, имаше повеќе такви гласови. Да, јас се согласувам господа дека ние за секое убиство во Република Македонија треба да се згрозиме . Меѓутоа, како тоа пратениците на СДСМ не се згрозени од убиствата на нивните коалициони партнери што седат зад нив, денеска сме доведени во ситуација господинот Хазби Лика во функција заменик министер за внатрешни работи кој, според шпекулациите, учествуваше во масакрот во Вејце да го затворат командантот на лавовите, неговиот заменик и министерот за внатрешни работи кои во тоа време се бореа токму против истите тие структури. Зарем не е тоа парадокс, зарем не е тоа повеќе од трагикомично ситуацијата во која денеска се наоѓа македонскиот Парламент. Јас знам дека господинот Љубе Бошковски е непријател како политички противник. Знае да каже многу работи со кои ќе ве навреди или ќе ве понижи или нема да ви биде пријатно. Меѓутоа, политичката пресметка има некоја црвена линија во секоја држава, во секој систем и во секоја институција. Политичката пресметка со оној со кој сте политички противник има граница зад која мора да се застане. За жал СДСМ и неговите министри покажуваат дека сите тие граници едноставно се избришани дури за да се пресметаат со политичкиот противник се користи едно матно време да се пресметаат со политичкиот противник се користи едно матно време во кое Македонија беше јасно нападната од јасно дефинирани сили во кое време тие како СДСМ, за жал, кокетираа со тие сили и денеска наместо да се засрамат и да замолчат еднаш засекогаш по тоа прашање тие постојано ги отвораат раните.

Да го погледнеме времето во кое се случувало да речеме повторно условно проблемот како што е крстен овде во првата точка. Значи, тоа е време на после воена криза, односно можеби и самата воена криза од конфликтот 2001 година. Значи, кога се носи оваа одлука тука пред македонскиот парламент се апстрахира тој проблем дека ова е ситуацијата, дури и да има минимум условно условност во тоа, се апстрахира ситуацијата дека е ситуација произлезена или во време на воена криза. Тогаш, го поставувам обратно прашањето. Зошто откога се направи коалицијата меѓу СДСМ и ДУИ, постојано нас ни се пропагира, треба да ги заборавиме воените конфликти, треба да ги заборавиме настаните од војната криза, не треба да се потсетуваме на масакрите. Дури на македонците им е забрането да ги слават жртвите од таа војна. Не смее да се положи цвеќе на тие жртви таму каде се положени. Постојано се оди со едно игнорирање на сите тие настани. Постојано е паролата, дајте да ги заборавиме крвавите работи од тоа време. Значи, за се она што ДУИ го правеше во Република Македонија важи паролата треба да го заборавиме тоа што тие го правеа. Се она што може да се најде со претходната власт од македонската страна, треба постојано да се експлоатира и едноставно да се употребува во политичка кампања. Во таа насока, јас само можам да кажам, длабоко се сомневам дека ова дело на начин како што е понудено било на таков начин, меѓутоа, повеќе од јасно е дека за жал, во Република Македонија продолжува политичката елиминација, односно борбата со непринципиелни средства спрема се' она што е политички противник, односно безбедносна сила.

Јас и понатаму ќе кажам дека со овој удар, вие денеска што го правите, луѓе кои биле познати борци во време на воената криза, вие го елиминирате безбедносниот морал на секој оној македонец кој утре има намера да се бори. Како во поглед на Армијата, денеска се сечат тенковите и се продаваат авионите, така на овој начин ова истото сценарио, само малку на потсмирен начин, затоа што се работи за луѓе, вие го елиминирате секој начин за морал, за одбрана на Република Македонија. Јас ве уверувам дека вие нема да најдете утре командант кога ќе даде наредба во било каква атмосфера ако загусти во Република Македонија. Јас ќе ви го поставам и понатаму прашањето. Незнам зошто само тука сте се задржале господине Хари. Вие имате исто така карактеристични случаи. Еве ќе ве потсетам, бидејќи сакате многу да работите. Во тоа време имаше ликвидација исто така на една друга група на економски емигранти, предводена од работодавачот Тели. Проверете го и тој случај. И тогаш излегоа шпекулации во весници дека тогаш тигрите ги убиле на спиење, се предале па ги убиле, па вака, па така, па онака.

Удрете и против тигрите и таму ќе најдете сигурно нерасчистено дело. Удрете и таму слободно. Секој што се бореше во Република Македонија удрете го на било кој начин за да можете до крај да ја свиткате кичмата на македонскиот народ за одбрана.

И конечно, зошто сметам дека оваа одлука не треба да се прифати, односно зошто македонскиот парламент треба да ја одбие оваа одлука. Меѓу сите други аргументи кои зборуваат дека се работи за политичка криза, односно дека се работи за политички процеси и политичка пресметка со противниците. Еве да претпоставиме и да земам условно дека министерот за кој денеска се бара одземање на имунитетот, негов притвор, под минимален услов иако не верувам дека воопшто така донел некаква одлука врз основа на лажни податоци или врз основа на она што се нарекува воена колатирална штета. Зошто ни е потребно да го носиме во притвор? Зошто ни е потребно да го понижуваме? Зошто не може процесот нормално да се одвива без оваа одлука за притвор? Јас сум уверен дека министерот активно ќе учествува во целата таа процедура додека се води таа нормално. Зошто велам колотерална штета. Треба ли да спомнуваме и да се спроведуваме со многу држави во светот кои се нашле во таква ситуација. Дента кога беше објавена желбата за притворот на министерот, светските медиуми беа поплавени со слики како амезриканските и британските војници се однесувале со затворениците во Багдат. Еден 15 дена пред тоа, зарем исто таков сличен случај како во Вејце, кога беа спалени 5 американски војници, беше бомбардиран Наџаф, 600 цивили беа загинати како колотерална штета. Американската армија мислите ќе бара таму генерали кои бомбардирале и како колотерална штета убиле 600 цивили во Наџаф. Да не зборуваме за НАТО бомбардирањата на Косово. Повторно колку сакаме колатерални штети.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Георгиевски, ве молам странските земји немојте да ги споменувате.

ЉУБЧО ГЕОРГИЕВСКИ:

Но тоа е токму причина зошто оваа одлука не треба да се прифати.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Ве опоменувам втор, пат држете се до темата.

ЉУБЧО ГЕОРГИЕВСКИ:

Тоа е токму причина зошто оваа одлука не треба да се прифати, дури да има 1% условно вистина од она што денеска ни е кажано, затоа што било воено време, затоа што било кризно време и затоа што некој во тоа време се борел и можеби и

донесувал некакви одлуки врз база на погрешни информации, брзи информации, или врз основа на она што се нарекува колатерална штета. Америка го бомбардираше цел Ирак, затоа што службите

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Јас уште еднаш ве опоменувам, не спомнувајте странски земји, ве молам.

ЉУБЧО ГЕОРГИВСКИ:

Чекајте ве молам, ова е токму тоа прашање.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Ќе ви го одземам зборот.

ЉУБЧО ГЕОРГИЕВСКИ:

Ова е токму тоа прашање.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Америка, Англија, ние тука имаме конкретна тема.

ЉУБЧО ГЕОРГИЕВСКИ:

Јас ви зборувам за ситуација во каква ние сега се наоѓаме и ни се нуди прашањето. Јас ви кажувам како се однесуваат држави кога 1% од она што е кажано денеска има некаква вистиност. Денеска што излегува. Излегува дека ЦИА дала погрешни информации на Буш дека има нуклеарно оружје. И сега има сослушување, има испитување, има вакви, има такви работи, односно тоа ми е и поентата, дека ние воопшто немаме потреба од мерката притвор. Значи, дури под услов да има некаква вистинитост во она што го бара господинот Хари Костов, ние имаме ситуација каде што настаните се случувале во војна, имаме ситуација каде што цела една друга банда е амнестирана, а тие бандити денеска ни се министри, директори, заменици министри.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Исклучете го господинот Георгиевски, затоа што недолично ја користи говорницата.

Ве молам господине Георгиевски привршувајте.

ЉУБЧО ГЕОРГИЕВСКИ:

Мислам дека бев јасен дека тука има две работи.

Прво, гледаме дека сосема до тука процедурата дека е промашена и неуставна и ја советувам актуелната власт од актуелното мнозинство да ја обнови процедурата за да дојде до регуларна одлука и

Второто прашање, мислам дека има потреба оваа Одлука да се смени и јасно, без потреба на одземање на имунитетот, процедурата, односно за се' она што

дошле до сознанија во Министерството за внатрешни работи, да си водат една нормална процедура. Добро е таа процедура да биде достапна на јавноста, министерот за внатрешни работи нема причина да не учествува во таа јавна процедура, со оглед на фактот дека доказите како што слушам и се фалите ви се собрани, почнете ја што поскоро таа процедура. Мислам дека од овој карневал, одземање имунитет, понижување на министер, правење сцени какви што ги правевте нема потреба.

Значи, мислам дека, еве и изборот веќе го заборавивме на претседател на Република Македонија, утре други ден ќе ја прославиме победата на господинот Црвенковски, значи и таа причина се тргна од сцена да не го замајуваме народот со други атмосфери. Значи, ако вие ги имате аргументите, ако ги имате податоците, почнете една нормална процедура, не ни требаат драми, не ни требаат претстави, не ни треба понижување на македонските одбранбени сили, водете си ја процедурата и сигурен сум дека ако аргументите ги имате, ќе дојдете и до вистината.

Значи, тоа беа двете мои излагања, односно двата мои става. Апсолутно се согласувам со сите оние правници кои на многу добар начин елабораа дека денеска дискутираме по погрешна точка. Меѓутоа, дури иако некој сака да продолжи со нова процедура, и советувам Владата на Република Македонија дека е попаметно таа процедура да се продолжи без ова барање за притвор.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Господине Макрадули, имате реплика или збор?

Ве молам да се пријави, кој мисли реплика нека се пријави.

Последниот е господинот Хусеин Хусеинџеват.

Завршуваме со пријавување на реплики, последен е господинот Игор Ивановски.

Повелете господине Макрадули.

ЈАНИ МАКРАДУЛИ:

Почитуван претседателе, бидејќи дел од репликата се однесува на она што не беше тема, ќе морам како реплика, не како дискусија.

Господине Георгиевски, 2004 година сме. Изборите ги загубивте 2002 година, а ви пропадна сценариото да ги пропаднете и овие избори, за кои као што велите акцијашки се трудевте. Зарем уште ги барате причините за поразот на вашата политика во други, а не во политиката што ја спроведувавте вие заедно со

господинот Љубе Бошковски. И на 10 јануари 2002 година кога побаравте Бошковски да биде врховен командант на волците и скорпионите зашто тогаш ви се спротивставија Владо Поповски, член на вашиот извршен комитет и Стојан Андов и 24 април 2004 година кога Љубе Бошковски истакна: во изминатите два дена се сретнавме со граѓаните на Кочани, Виница, Пехчево и селата на Малешевијата. Им пренесов дека лидерот Љубчо Георгиевски не гласаше на 14 април 2004 година и дека нема да гласа и на 28 април 2004 година. Тие ми ветија дека пораката на Георгиевски што им ја пренесов ќе ја почитуваат и нема да излезат на гласање. За нив кандидатот Сашко Кедев е неприфатлив. Го цитирам Бошковски. Затоа господине Георгиевски изборите беа успешни. Избравме претседател. Вашето мрачно сценарио неуспеа и силите кои ви помагаа и како што реков, акциашки, вие сами рековте, акциашки се трудевте. Не фрлајте дамка на безбедносните сили и не ги поистоветувајте сите припадници на безбедносните сили со Љубе Бошковски и дел од структурата на лавови. Таму си има добри, поштени, чесни луѓе кои се бореле и ја бранеле оваа татковина. Веројатно не верувате дека во војната се е дозволено и се може да правите. Такви премиери на држава не ни требаат кои мислат дека во војната се е дозволено.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете господине Ќуркчиев, три минути реплика.

НИКОЛА ЌУРКЧИЕВ:

Благодарам претседателе.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Ве молам, бидете малку потивки, парламентарни, никој на вашите говори, на вашите реплики од позицијата не реплицираше од место. Се беше во рамките на нормалата.

Повелете господине Ќуркчиев.

НИКОЛА ЌУРКЧИЕВ:

Навистина колегата Георгиевски заслужува честитки за упорноста, без никакви аргументи да ги искривува работите, да ги изместува фактите, но навистина се чудам, бидејќи знам дека знае дека на овој начин не му помага ниту на пратеникот Бошковски, ниту на сопствената партија. Без разлика колега Георгиевски, колку да ви е тој драг, колку да е важен, колку да е незаменлив и неопходно потребен, убеден сум дека многу поинаку ќе настапевте, ќе бевте пообјективни, поотворени во вашата дискусија да не беа изборите или како што вие велите

изборните резултати. Да не се случеа епитетите од типот привезоци, подмладоци и слично и да не ви се случеше поразот се разбира, во сопствената партија. Знаете, објавувањето на изборните резултати се едно, меѓутоа, одморите, шетањето, шопинзите и се друго е нешто сосема друго. Како и да е, не е во ред, на вашите би рекол персонални партиски проблеми да им придавате димензии на општо би рекол национален и државен интерес. Да ги поистоветувате со правниот поредок на државата со борбениот морал на нашата војска, да ги рамните со вашето чувство и начин како вие ја доживувате одговорноста и да спомнувате како тоа се прави во светот. Оставете се она што било зад нас, да ги залечиме раните и не не' доведувајте во ситуација да се запрашуваме што во суштина е проблемот. Дали е страв во прашање или е срам во прашање. Која е вистината вие сами најдобро би требало да знаете.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Повелете господине Хусеин Хусеинџеват, три минути.

ХУСЕИН ХУСЕИНЏЕВАТ:

Почитувани пратеници, навистина сум возбуден од нискиот речник на претходниот говорник за една цивилизациска држава. Има потреба елементите како што се вкусот и мерката во дискусијата, колегата немаше ниту вкус, ниту став, ниту мерка. Ако тој го сее овој воен дух со неговиот говор и наредните генерации да патат како што патеа во минатото, ние не сме за ова. Ние сакаме да разговараме со македонците кои сакаат да живеат за Македонија и во Македонија, а не да умрат за Македонија. Ние сакаме да разговараме само со тие кои сакаат да живеат во Македонија и за Македонија. Во однос на колатералните штети мислам дека вашата власт беше на штета на сите граѓани на Република Македонија. Вашата потврда дека војната беше увезена не држи, ниту еден физички закон ова не го трпи. Вие мислите дека можеме да земеме една банана од Колумбија, да ја посееме во Скопје и да даде плодови. Ова не е можно. Тие предуслови беа кои вие ги создадовте, можеби и пред вас и многу пред вас. Но, некои работи треба да се објаснат. Се молеа албанците да ви објаснат некои работи, но вие не го сакавте тоа. Македонија беше една принцеза која не беше толку убава. Таа ги скрши огледалата зошто не е толку убава. Ова не беше една продуктивна политика, ние сакаме да изградиме една убава Македонија. Ќе биде убава, било со козметички интервенции, било со пластична хирургија. Дали е ова болно господине? Но, мотивите се високи за да

изградиме една добра држава каде секој ќе се чувствува во свој дом, каде секој ќе се чувствува како лојален граѓанин. Ова ние ќе го изградиме сакале вие или не.

Ви благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Господине Георгиевски, една минута ве молам.

ЉУБЧО ГЕОРГИЕВСКИ:

Повеќе немам намера да реплицирам, меѓутоа очигледно е дека од овие демагогии ми е малку смачено. Значи, немам ништо против како што вака убаво демагошки ни објасни господинот, не знам дали тој бил во воените структури или бил цивилен помагач, немам ништо против што тој ни кажа да ги заборавиме кризите, да ги заборавиме проблемите, односно воените судири, да не гледаме така во иднината и сето тоа е во ред. Тоа е истото господине што јас го зборував овде на говорницата. Проблемот е во тоа што ние постојано, упорно ги забораваме Вејце, Карпалак, масакрот во Челопек, масакрот на сите тие поединци што можебме да ги видиме за цело време на кризата, силувањата. Постојано, сите ние како нација се убедуваме да го заборавиме тоа и да се свртиме кон иднината. Проблемот е во тоа што вие не заборавате. Проблемот е што вие сега како амнестирани, луѓе кои учествуваа во кризата..

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете господине Талат Џафери, имате три минути.

ТАЛАТ ЏАФЕРИ:

Благодарам господине претседателе, прво мислев да не реплицирам, меѓутоа, речникот и терминологијата која што се употребува овде од еден парламентарец, ме натера, можеби не само свесно од мене, меѓутоа и со таков речник да одговорам, меѓутоа овој пат ќе излезам малку од тоа и ќе го направам. Вие говорите за војна во 2002 година која што нема врска со војна, туку се говори за егзекуција на луѓе кои што биле во економска емиграција и тоа го направил човек кој што бил министер, односно актуелно е пратеник за кого што е и покрената оваа иницијатива. Пратеник, министри одбрани од албанскиот народ во Парламентот ги нарекувате бандити, заборавате дека вие сте главниот бандит од светски ранг, кој ве знае и цел свет.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Последен репликант е господинот  Игор Ивановски, три минути.

ИГОР ИВАНОВСКИ:

Господине Георгиевски, навистина, мене ми е жал што и после толку време повторно за истите работи со вас ќе треба да реплицираме. Ќе се обидам да сумирам накусо. Се обидовте да не убедите во две работи дека и ако ова сега што се случува е со намера да имаме политички реваншизам кон ВМРО-ДПМНЕ.

Втората работа е дека овој директен атак кон вашето наследство од 2001 година, на напад врз бранителите на татковината, на одбраната.

Во однос на првата теза, господине Георгиевски, легитимното раководсто на ВМРО-ДПМНЕ седи во првиот ред, вие не сте дел од тоа. Ако имаше обид да се прави атак врз раководството на ВМРО-ДПМНЕ, тогаш немаше да се одбере Љубе Бошковски, бидејќи Љубе Бошковски не е дел од тоа раководство, исто како што и вие не сте дел од тоа раководство. Исто, како што и истото раководство кога Љубе Бошковски беше нападнат од американската администрација страмежливо, но на крај дефинитивно се повлече од негова одбрана. Значи и држи вашата теза, не држи во тој контекст, бидејќи ние не го напаѓаме ВМРО-ДПМНЕ.

Во однос на втората работа, сите знаеме дека во 2001 година и она што се случи со Раштанските лозја беше ваш последен очајнички обид вие да ја поправите меѓународната позиција, која што ја имавте влошено и ние бевме едно изолирано острово, кое што никој ниту ви доаѓаше вам како премиер, ниту вас некој ве поканауваше како премиер. Ова беше обид, вие во тоа време да се доближите до меѓународната заедница, па ќе сакавте да станете дел од меѓународната глобална терористичка коалиција, со убиство на 7 лица. Не успеавте, сега го плаќаме цехот. На крајот на краиштата не е прашање на време, тоа се случува во 2001 година, па сега ќе заборавиме, актот е склучен, последиците ги чувствуваме и сега. Вие вашата колумна за бојкотирање на изборите зошто ја напишавте два дена пред изборите, зошто не ја напишавте два месеци пред изборите ако веќе станува збор за време. Значи, чинот постои, направен е. Ниту станува збор за политички атак кон ВМРО-ДПМНЕ, напротив имам чувство дека бевте во право кога зборувавте една работа, велите доволно бев јасен. Јас мислам дека бевте доволно јасен и дека се плашите за самиот себе си. Овој преседан веројатно мислите дека ќе ви се случи и на вам.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете г. Геогриевски една минута.

ЉУБЧО ГЕОРГИЕВСКИ:

Како што реков не се јавувам на реплики, меѓутоа, оваа инсинуација беше премногу дрска, за да не можам да се јавам. Едноставно, жал ми е што човекот вака се служи со инсинуации, жал ми е што, нели, тие за кои зборуваме веќе тој ги осудил во своите политички одлуки и едноставно ќе дискутираме по прашањата, еден ден кога ќе има правна разврсница.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Госпоѓо Којзеклиска барате збор.

Се разбира, повелете, имате збор.

Господине Г'зим немојте на реплика, затоа што јас дадов време за реплика.

Се извинувам госпоѓо Којзеклиска, но министерот побара збор.

МАРИЈА КОЈЗЕКЛИСКА:

А, зошто е битен министерот?

Ајде да видам што е членот 84? Во кое својство министерот е тука.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Тука е министерот, дали го познавате.

МАРИЈА КОЈЗЕКЛИСКА:

Не го познавам. Што сега? Да го чекам министерот?

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете, министерот ако е предлагач има право ургентно, а сега е повикан и ќе дојде на ред после госпоѓа Којзеклиска.

МАРИЈА КОЈЗЕКЛИСКА:

Точно. Почитуван претседателе ...

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Процедурално, повелете господине Г'зим Острени.

Г'ЗИМ ОСТРЕНИ:

Благодарам господине претседател.

Мене, колку што го слушнав ме спомна по име и имам право да зборувам три минути во врска со ова прашање.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Г'зим Острени, јас кажав 15 чекав да се пријават кандидатите и реков кој е последен репликант. Вие не се пријавивте, бидејќи ова се после тоа е реплика на реплика и деловнички не можам тоа да го прифатам. Вие тогаш не се пријавивте. Се извинувам.

Повелете госпоѓо Којзеклиска.

МАРИЈА КОЈЗЕКЛИСКА:

Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници,

Денес највисокиот законодавен дом во Република Македонија од осамостојувањето на Република Македонија, па се до денес за прв пат треба да одлучи дали ќе даде одобрение за притвор на еден пратеник, актуелен пратеник во Собранието, наш колега, во случајот пратеникто Љубе Бошковски. Навистина, почитувани колеги не очекував дека во мандатот додека јас ќе бидам пратеник ќе имам прилика, за жал, да учествувам во донесувањето на една ваква одлука. Многу често почнуваат да ни се случуваат чудни работи во Република Македонија, што навистина, на крајот на краиштата, дава една симптоматична слика за целокупната состојба во Република Македонија.

Она што не беше достапно во јавноста, а и до колегите кои не беа присутни на Комисијата за деловнички и мандатно имунитетни прашања, јас ќе го презентирам во ова мое излагање, се со цел да ви укажам, почитувани колеги, како во една земја во Европа се крши Уставот како највисок правен акт во Република Македонија.

Македонската јавност имаше можност преку вториот канал на Македонската радио телевизија на ден 30.04.2004 година односно петок да види дека тој ден Собранието на Република Македонија имаше пленарна седница. Или, поточно, продолжение на 50-тата седница на Собранието. Таа седница заврши околу 11,30 минути значи експересно. На истиот тој ден до претседателот на Собранието на Република Македонија од страна на основниот јавен обвинител господинот Стерјо Зиков беше доставено, само ние не можеме никако да го утврдиме часот кога е доставено барањето за одобрување на притвор на пратеникот Љубе Бошковски. Тоа верувајте никогаш нема да откриеме во колку часот го има доставено основниот јавен обвинител до претседателот. Господинот претседател на Комисијата за деловнички и мандатно имунитетни прашања истиот тој ден петок 30.04 во 13,30 часот ја закажа Комисијата за деловнички и мандатно имунитетни прашања. Намерата на власта и владеачката коалиција е очигледна односно Комисијата ќе си се состане во составот во кој го има затоа што половината пратеници веќе заминаа во своите родни градови и најважно од се беше одлуката да се донесе едногласно, а таа одлука се однесуваше на одобрување на барањето за определување на мерка притвор на г. Љубе Бошковски.

Ќе се сложите дека пред медиумите ќе звучеше така доста бомбастично ако Комисијата едногласно ја донесеше одлуката, притоа да не се забележи и да се потенцира дека во таа Комисија за несреќа на власта има и членови од опозицијата.

На самата седница присуствуваше и министерот за внатрешни работи и основниот јавен обвинител на Република Македонија г. Стерјо Зиков и по истата се водеше исцрпна и долга расправа до околу 17 часот. Мое мислење од она што имав прилика да го видам и да го чујам на самата Комисија е дека постапката од почеток почитувани колеги е целосно промашена. И заради тоа ќе ви потенцирам некои работи кои колегите ги кажуваа, меѓутоа очигледно е дека на овој Парламент постојано треба да му се повторува нешто за да му влезе во ум. А министерот за внатрешни работи кој сепак не е правник и колегите правници ако можат ако ме демантираат иако цело претпладне се обидуваа да го демантираат тоа што опозицијата го велеше.

Прво, ноторен факт е дека Уставот на Република Македонија е највисок правен акт со најголема важност и неговото кршење од страна на надлежните органи во државата означува дека со самата земја нешто не е во ред.

Второ, постапката во целост накратко ќе го повторам она што го кажуваа сите колеги е апсолутно промашена со огле на тоа дека основниот јавен обвинител не е надлежен орган да поднесува барање за одобрување на мерката притвор. Не знам колку пати тоа треба да се каже преку говорницата или во реплика за да некој разбере што сака да кажат пратениците, и посебно пратениците што се правници. Основниот јавен обвинител за оние колеги што не се правници сакам да кажам дека е само странка во спорот. Тој точно дека ги гони и открива сторителите на кривични дела, меѓутоа и поднесува барање до надлежниот истражен судија за определува на мерка притвор. И тука неговата работа завршува.

Основниот јавен обвинител не е орган кој определува мерка притвор. Единствено надлежен согласно Законот за кривична постапка е истражниот судија. И тоа по сто и петти пат ќе ви го кажам. Претходните колеги го кажуваа и често цитираа Деловникот на Собранието на Република Македонија и повторно уште еднаш ќе потенцирам она на кое се повикуваше претседателот на Комисијата за деловнички и мандатно имунитетни прашања член 51 став 4. Ако Собранието не одржува седница односно ако седницата не се предвидува да се одржи во рок затоа и став 4, а не е став 1. Значи ние имаме извештај кој треба да го поднесе Комисијата, а не одлука. И ние треба да одлучуваме по извештајот на Комисијата. Значи апсолутно прекршување на целокупната процедура која постои согласно позитивните законски прописи во Република Македонија.

Членовите на Комисијата беа сведоци на фактот дека опозицијата бараше од претседателот на Комисијата писмено или усно да му се обрати на претседателот на

Собранието за да добие информација кога претседателот на Собранието ќе закаже наредна седница и дали таа ќе биде во рок од 15 дена за да не се доведуваме во ситуација да се повикуваме токму на овој член 51 став 4. За жал и одлуката која ја имате сите пред вас во својот диспозитив не наведува врз основа на кој член од Деловникот е донесена. Ако ја погледате добро одлуката ќе видите дека никаде претседателот на Комисијата за деловнички и мандатно имунитетни прашања не навел врз основа на кој член од Деловникот ја донел одлуката. Не можеме и не смееме да се доведеме во ситуација Комисија на Собранието на Република Македонија составено од 8, 9 ,6 или 15 членови да си ја земе улогата да одлучува во името на 120 пратеници во ова Собрание посебно кога се однесува на барањето за определување на мерка притвор на пратеник. Одговорот на ова прашање кое го поставуваше опозицијата за текот во цело време додека траеше седницата беше дека тој нема никакво право да се меша во работата на претседателот на Собранието посебно по однос на закажување на седниците што навистина не го разбирам затоа што претседателот на Собранието на Република Македонија не е член на Српската радикална партија. Тој е член на СДСМ и сопартиец на претседателот на Комисијата за деловнички и мандатно имунитетни прашања.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Госпоѓо Којзеклиска, можевте да одберете друга партија и да ја спомнете таму.

МАРИЈА КОЈЗЕКЛИСКА:

Па, добро, таа ми текна. Затоа, тоа беше образложението на претседателот на Комисијата и затоа тој нема да постапи по барањето на членовите на Комисијата. Да сме го прашале можеби претседателот на Собранието, ние денес ќе бевме поштедени од барањето за втората точка од дневниот ред, што е на денешната пленарна седница.

Значи, да повторам две суштински работи, кои цело претпладне се вртат во Собранието на Република Македонија, а кои позицијата никако не може да ги разбере. Дека барањето е поднесено од ненадлежен орган и со тоа процедурата не е испочитувана во целост.

Сега, ќе се вратам, почитувани колеги, малку на позадината на овој случај, а кога е во прашање г. Хари Костов во Република Македонија во иднина сигурно ќе има вакви случаи, ама за да не бидат само ОД ВМРО-ДПМНЕ, ќе има и по некој од СДС, за да има баланс. Е, сега, да ве прашам вас почитувани колеги, дали знаете

кои институции денес функционираат во Република Македонија кога таа е со вд претседател на државата, кога немаме премиер на државата, немаме влада, немаме ништо. Од институциите останува само Собранието на Република Македонија. Значи, одговорот на моето прашање е, покрај Собранието на Република Македонија, Министерството за внатрешни работи е доста агилно во работата и Основното јавно обвинителство. Не знам основните јавни обвинители во другите места како ќе постапат, затоа што, сепак, времето си тече и времето ќе ни покаже. Ние имаме Влада која технички функционира, колку што можеме да разбереме од досегашната ситуација. Очигледно е дека согласно критиките кои доаѓаат од Европската унија, а се однесуваа на недоволната борба, незадоволителната борба против корупцијата, организираниот криминал и корумпираното судство, единствено доследен во вршењето на оваа работа остана само министерот за внатрешни работи, кој сигурно ќе биде награден за ваквата агилност и пожртвуваност која ја покажува во овие моменти.

Јас не верувам, и вие сами не сакате да признаете дека досега, во некоја друга земја што има малку поголем степен на демократија од Република Македонија, малку, не мора да е многу, малку,изјавите на портпаролите или изјавите на офицјалните лица и органи кои учествуваат во определени истраги против определени истраги, обично не ја коментираат истрагата, со цел да не се влијае на истрагата и може би поважно, не се создава непотребна тензија во јавноста околу тој случај.

Кај нас, очиглендо дека е спротивно сето она што е нормално во другите земји, односно кај нас и медиумски се подгрева атмосферата, имавме прилика да го гледаме портпаролот на МВР како преку видео-бим, на прес конферненција во МВР покажува контрадиксторски, слики, како да се работи за некој проект што треба Република Македонија како некоја странска инвестиција, оние што ги ветуваше г-динот Црвенковски, треба да дојде во Република Македонија, а не да се работи за МВР и за истрага што тече.

И самиот министер за внатрешни работи, кога беше присутен на Комисијата спомна дека настапот на г-динот Љубе Бошковски, на светла точка претходниот ден може би дополнително го мотивирало, со оглед на тоа што г-динот Бошковски рекол може би ќе се откажел од имунитетот, од мандатот. Веќе тоа не е важно. Така што таа мотивација дополнително и основното јавно обвинителство и МВР ги натерало да работат интензивно, значи цела ноќ на 29.09.2004 година, за да на 30.04.2004

година, во петок го имаме барањето за определување мерка притвор нагдинот Љубе Бошковски.

Но, откако г-динот Костов е министер за внатрешни работи сигурно ќе се сетите сослушувањата, информативните разговори во МВР со точно определени личности што ќе имаат ефект врз јавноста и врз душата на македонскиот граѓанин, значи селективно одбрани, не претставува никаков проблем таквите сослушувања и информативните разговори да се водат пред јавноста. Го имавме случајот со дваицата Лавови, селективни, сослушувања, повикувани медиуми, значи не е прв пат на Министерството, се според нив е во согласност со законот, а ако не е во согласност со законот не е проблем и законот ќе го смениме па ќе биде во согласност со тој сменет закон.

Не знам, почитувани колеги за вас, јас навистина се прашувам зошто јас треба да му верувам на МВР, зошто јас треба да му верувам за она што ни го кажува и покажува слики и ни покажува дел од доказните матеијали, важни за истрагата или пак она што го кажуваше основниот јавен обвинител на Комисијата кога нивните искажувања и на Комисијата а и на пресот, такви какви што ги кажаа, треба да ме убедат мене или вас, или некој друг пратеник, дека ние треба да донесеме одлука, за одобрување на притвор на г-динот Љубе Бошковски. Како што г-динот Хари Костов на Комисијата кажа дека ова бил перфектно исконструиран случај, зошто јас да не го мислам обратното? Зошто да не мислам дека ова што се прави не е перфектно конструиран случај?

Е сега, се бара од Собранието на Република Македонија да донесе, да направи преседант во работата на Собранието на Република Македонија, со донесување на ваква одлука за барање притвор на пратеник во Собранието на Република Македонија, а пред се да ги немаме, ниту пак на комисијата ги имавме потребните факти, докази со кои и МВР и основното јавно обвинителство ќе ме убедеа мене дека треба да дигнам рака за одлуката за одобрување притвор на г-динот Љубе Бошковски.

Дали треба слепо ние да размислуваме за сите оние факти и докази што ни ги нуди актуелната власт? од историјата, почитувани колеги, ние многу можеме да научиме. Ако сакаме, се разбира. А, еден нејзин дел, вклучувајќи ја и македонската историја ја има таа несреќа да биде дел и место каде што се случуваа монтирани полициски процеси кои ни ја сменија засекогаш и судбината на тие луѓе кои учествувале во тие монтирани политички процеси, но за жал и на нивните идни поколенија. А, го знаете добро.

Затоа сметам дека воопшто не е прифатлив резигнираниот став што го имаат и МВР и Основното јавно обвинителство, посебно на деталите со кои ќе ме убедеа и мене и останатите колеги од опозицијата, а верувам дека таква дилема има и кај колегите и од позицијата, дека на денешнава пленарна седница треба да се донесе одлука за барањето за одобрување на притвор на г-динот Љубе Бошковски.

Јас, уште еднаш ќе повторам од тоа што имав можност да го гледам и слушнам од промената на власта до денес а тоа е една констатација дека МВР целосно е посветено на замаглување на јавноста со кривични пријави на познати лица во Република Македонија, вклучувајќи го и овој со господинот Љубе Бошковски за да го одвлече вниманието на јавноста од огромното ништо, што се случува во оваа наша држава, од сиромаштијата, од голото преживување, од летаргијата што постои секаде, како и од фактот дека нам, како што тргнала работата и како што функционираме како по инерција веќе два месеци, не ни е потребна ниту Влада за да продолжиме да одиме кон дното. Најодговорниот за ваквата состојба ќе замине на функција претседател на Република Македонија, а ќе остане старата добра разработена шема дека секој ден нова кривична пријава, се разбира на член на опозицијата, а на месец дена може би и на ден на позицијата, заради поголем ефект што ќе треба да се остави кај народот, а ние знаеме дека нашиот народ од 1945 година, наваму, има доста страв во коските влезено, така што ефектот и стилот со кој што работи МВР за жал, има ефект врз граѓаните во Република Македонија.

Јас ќе му порачам на МВР, а тоа го дискутиравме и на Комисијата и на основниот јавен обвинител, независно во кој град се наоѓа, дека јас се согласувам во потполност дека секој кој сторил кривично дело треба да одговара за кривичното дело ако се докаже пред надлежен орган и во правилна постапка. Меѓутоа, тоа лице да биде и лице од пред девет години, и лице од пред три години и лице денес што ќе направи кривично дело или тој кој ќе биде утре сторител на кривично дело. Значи, да немаме селективна примена на правото. Тоа да се однесува за сите лица кои сториле кривично дело, ама не селективно.

Еве, ако се враќаме пак на точката на дневниот ред, значи само едно дека уште во стартот на оваа постапка, има тенденција врз целата процедура, има тенденција на брзина, ефектот што треба да се постигне кај македонскиот граѓанин за кој ви зборував и во целокупната позадина што ја има овој случај со г-динот Љубе Бошковски, всушност се сака да ни се каже уште еднаш, иако минисерот за Внатрешни работи до сега тоа најмалку три пати го има кажано, а тоа е дека ние ќе се претвориме во една голема полициска држава.

За да не ни се случи тоа, за да не останеме најцрна дупка во овој регион, за да не ги прејудицираме работите барам од ова Собрание да му се спротивстави на клишето каде ние пратениците, без оглед дали сме опозиција или позиција, робуваме на желбите и на дневно политичките интереси на владеачката коалиција, затоа што на крајот на краиштата ние ја бираме и ние треба да ја контролираме. Да го направиме тој мал чекор што ќе остане запаметен во историјата на македонскиот Парламент и да не ја донесеме оваа одлука за одобрување на притвор на г-динот Љубе Бошковски.

И сега, останува на нас, почитувани колеги пратеници, после сите досегашни досегашни дискусии што ги имавме да решиме дали барем по нешто добро ќе останеме запаметени во историјата.

Ви благодрам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Молам, кој бара збор?

За збор се јави министерот Хари Костов.

Само, имам еден предлог, ако никој повеќе не се јавува за збор, да ја затвориме расправата, да пристапиме кон гласањето.

(Реакција од страна на пратениците на ВМРО дека после дискусијата на министерот Хари Костов веројатно ќе побараат збор).

Ако со тоа се согласи г-динот Хари Костов.

Дали некој се јавува за збор?

(Реакција од пратениците на ВМРО-ДПМНЕ)

Дали некој се јавува за збор?

(Пратениците на ВМРО-ДПМНЕ реагираат дека не можат да знаат однапред за што ќе дискутира министерот па дали тие после него би зеле збор или не).

Повелете г-дине министре.

ХАРИ КОСТОВ:

Господине претседателе и почитувани пратеници,

Јас, денеска овде, пред оваа говорница немам намера да држам политички говори и да изнесувам некои работи што ќе бидат предмет на натамошна постапка во истражниот и судскиот процес.  И, немам намера овде, како што реков, продавам политики со тоа што наводно ќе ги напаѓаме припадниците на безбедносните сили, затоа што ние ниту ги праќавме во некакви монтирани акции, нити ги лажевме дека се вработени во МВР или во Армијата, па токму од тие припадници на поранешни припадници на безбедносните сили, кои, може би поради тие лаѓи се и без работен

однос токму на ВМРО ДПМНЕ да не му дозволуваат во Прилеп да одржи митинг. Па, потоа да се бара заштита што ја пружи ВМРО.

Значи, понатаму немам намера исто така да дискутирам околу тоа дали и кој му го одземал правото на г-динот љубе Бошковкси да се кандидира за претседател на Република Македонија кога токму на ДИК претставниците на ВМРО ДПНЕ, беа тие кои гласаа дека не го исполнува условот, а не едругите претставници.

Понатаму, немам намера да зборувам околу тоа како се однесувале американските војници во Ирак, за што сигурно ќе сносат консеквенции според нивните закони и Уставот, немам намера да зборувам околу тоа, дали во ова Собрание седат бандити. И, немам намера да зборувам околу тоа кој се го потпишаа Рамковниот договор, кој гласаше за уставните измени, кој ги носеше законите по тие уставни измени. Она што сакам денеска да го кажам овдека е токму тоа конкретната точка која ја имаме денеска на Собранието. А тоа е одллука на Комисијата за деловнички и мандатно имунитетни прашања која се однесува околу одобрувањето на мерка за соодветен пратеник.

И мене ми е драго што сите овдека навистина кажаа дури и претставниците од опозицијата дека сите сакаат да се дознае вистината за Раштански лозја и дека немаат намера да го попречуваат процесот. Меѓутоа денеска гледаме дека цело време се попречува токму тој процес. Ќе се вратиме ќе видиме.

Она што сакам сите пратеници денеска да ги потсетам, денеска се наоѓаме во Собранието на Република Македонија. И сакам да зборам токму за она што е надлежност на Собранието, што регулира Уставот, и каков е односот со Деловникот на Собранието.

Само да ве потсетам во член 61 од Уставот се вели следново:

Собранието на Република Македонија е претставнички орган на граѓаните и носител на законодавната власт на Република Македонија. Во ставот 2 од истиот член се вели дека организацијата и функционирањето на Собранието се уредуваат со Уставот и со Деловникот. И сигурно сите сте свесни дека не сите прашања што се содржани во Уставот и целокупното работење на Собраниево не се регулира во Уставот. И токму затоа креатори на Уставот овозможиле во овој член дека дел од прашањата ќе се регулираат и со Делвоникот. Токму затоа во Собранието во Уставот вие немате процедура околу тоа како се свикува седница на Собранието. Таа е регулирана во Деловникот. Вие исто немате процедурата во Уставот околу интерпелацијата. Таму е само наведено како може да се покрене и така натака. Меѓутоа, роковите, овластувањата и постапката се содржани во Деловникот. И

овдека е исто точно дека во 64 од Уставот се определува имунитетот на пратеникот и во кој случај може да се одземе меѓутоа исто така и во Деловникот на Собранието во членот 50 и 51 се регулира како таа работа понатака се донесува. Исто така во Уставот не се содржани сите комисии кои што Собранието ги има. Во член 76 од Уставот само се наведува дека Собранието има комисии постојани и анкетни комисии итн. Меѓутоа тие се регулирани во Деловникот. Според тоа не можете да го оспорите никако правото кое е содржано во Деловникот и правото кое и е дадено низ таква постапка како што е предвидена во Деловникот Комисијата за деловничко  и мандатно имунитетни прашања да донесе таква одлука како што донесе на 30.04. И зашто ве потсетив дека ова е Собрание. И денеска овдека и во јавноста ние добивме еден куп толкувања и од пратеници и од наводни експерти дали таквата одлука била во согласност со Уставот. Ја колку што го читам Уставот, Уставот пишува: Уставен суд на Република Македонија има 9 члена и не се сите избрани. Меѓутоа ниту ова Собрание е Уставен суд, ниту тие експерти се уставни судии. Во овој момент имаме важечки Устав, имаме важечки Деловник. Не е битно кој го донел. Меѓутоа тој е важечкиот Деловник. Ако нешто околу него смета покренете иницијатива да го смените. Ако мислите дека одредува Деловникот не се во согалсност со Уставот, обратете  се до Уставниот суд. Уставниот суд е единствено тој што ќе ви каже дали таа одредба е во согласност со договорот. Со сето почитување на сите пратеници овдека, и од позиција и од опозиција вие не сте тие.  Само Уставниот суд е тој што ќе каже дали е тоа во согласност со Уставот или не.

Понатаму, се изнаслушавме околу тајмингот. Овдека нема да кажувам некмои работи меѓутоа, точно дека определен елемент околу настанат со Раштански лозја, може би го знаевме и пред претседателските избори. Не и последниов. Затоа што последниот настана дури навистина кога сабајле определени учесници во тој настан на 29 сабајлето беа повикани во полициските станици, поканети со адвокати, дадоа изјави како што дадоа. И дојдоа до тука каде што дојдоа. Тоа ќе си биде предмет понатака кај обвинителството, судството итн.

Меѓутоа, навистина да ви објасните каква ќе беше тогаш причата ако ова го покреневме дента кога пратеникот кој што денеска е во прашање се кандидираше за можен кандидат за претседател на Македонија. Тогаш сигурно ќе ја слушавме прикаската еве се прави нов монтиран случај, само за овој кандидат да се елиминира. Или понатака, ако и таа постапка која заврши, ако почневме кога траеше претседателската кампања, дали тогаш немаше да слушаме од вас дека е токму пак

се монтира случај само заради тоа дека треба на ВМРО ДПМНЕ да му се наштети во кампањата. Околу тајмингот ама воопшто никакви интереси нема сем она што како докази као Собрание го собравме и го поднесовме. А дека поплаќи околу тоа ќе имавме, ќе имавме.

Не знам зошто секој пратеник кој што самиот се чувствува како чист дека не направил никакво дело и кој што самиот изјавува јас ќе се откажам од имунитетот, јас самиот ќе одам пред истражен судија, јас самиот ова ќе направам, тоа ќе направам, сакам да бидам во притвор со моите команданти итн. одеднаш го нема во државата. И одеднаш испаѓа она надополнување на песната “Кај е Даме, кај е Гоце “ сега има и третти дел “Каде е па Љубе”. Меѓутоа, единствено зошто истражниот судија го бара е само да даде определена изјава и можеби, веројатно, не треба да направи ништо друго, освен оваа плава книга за случајот Раштански лозја, која носи дата март 2002 година, да биде презентирана - може и да ја префарбате сега, ако ви одговара бојата повеќе, но очигледно и тогаш ви се допаѓала сината боја. Според тоа, единствено само пред истражниот судија да дојде и да каже да, ова што го направивме, што го напишавме, тоа е точната верзија, па нека си одлучи истражниот судија навистина дали таа официјална верзија од март 2002 година е точната или е некоја друга верзија за која ние доставивме докази итн.

Според тоа, очигледно паднаа во вода сите тие прикаски околу големиот патриотизам, заштитник на ова, заштитник на она, кога човекот за разлика од некои други кои сами си се пријавуваат пред истражен судија или сами одат во полициски станици, одеднаш земја го голтнала. Сите тие прикаски околу адвокати кои кажуваат дека е во полициски станици итн. ве поканувам сите 120 пратеници, сите претставници на меѓународни домашни владини и невладини организации, претресете ги сите полициски станици во Македонија, меѓутоа, претресете и домови на некои пратеници, па ќе видиме што ќе излезе околу таа работа. (реакции од пратеници). Незнам, можеби се и наши. Ние нема да претресуваме, јас ви дадов само идеја. Ако мислите дека идејата ви е добра, повелете сите 120 души, еден по еден по куќите, можеби ќе видите некого.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Ајде да продолжиме посериозно, повелете.

ХАРИ КОСТОВ:

На крајот би сакал да кажам само една поента. Овој случај мора да го решиме не заради Меѓународната заедница. Мора да го решиме и знаеме дека тоа овде ќе предизвика полемики, ќе го предизвика ова што сега го предизвика, дискусии околу

наводни патриотизми итн, дали се убиени навистина терористи муџахедини или се убиени економски мигранти итн. Меѓутоа, и дома и пред меѓународната јавност мора да покажеме дека оваа држава во која владејат законите никој неможе да биде убиен без да биде осуден и дека на никого неможе да му се нарушуваат така човековите права и слободи. И покрај тоа што тоа ќе отвара вакви дискусии, и покрај можеби ќе има поделби меѓу луѓѓето итн, овој случај токму заради таа работа мора да го расветлиме.

На крајот навистина многу ми е жал што во моментот поранешниот премиер а сегашниот пратеник, г. Љубчо Георгиевски не е тука. Меѓутоа, ќе ја искористам оваа говорница на него да му упатам три прашања  на кои може  и од оваа говорница да одговори или од друго место. Меѓутоа, би сакал да го запрашам г. Љубчо Георгиевски :

Дали тој знаеше за акцијата околу  Раштански лозја.

Како второ прашање, дали г. Љубчо Георгиевски можеби планирал таква акција.

И како трето прашање дали пораншниот премиер кој по функција морал да ги знае тие работи дал зелено светло за извршување на оваа акција.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Ве молам, пријавувајте се за реплики затоа што би сакал да предложам една процедурална работа.

Пред да дадам реплики бидејќи има доста, а времето што ни остана до 17,00 часот е 15 минути, како претседател на Собранието предлагам да работиме до 18,00 часот. Ако завршиме во ред, ако не ќе продолжиме утре.

Предлогот да работиме до 18,00 часот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласате.

Гласале 52 пратеници, од кои 46 гласале за предлогот, воздржани нема и 6 пратеници гласале против.

Ги молам службите да го утврдат бројот на присутните пратеници во салата.

Во салата се присутни 70 пратеници, што значи работиме до 18,00 часот.

Повелете г. Караџоски процедурално.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Г. претседателе, реагирам процедурално а мислам дека вие тоа ќе го направите, со оглед на тоа што вие сте тој што е повикан да го штити Деловникот. Иочетокот на мојата дискусија поставив едно процедурално прашање и сега повторно процедурално ќе го псотавам истото прашање:

Во кое својство овде е присутен г. Хари Костов и врз основа на што тој добива право за дискусија. На тоа прашање барам да ми одговорите вие.

Второ, како претседател на Собранието треба да му укажете на г. министер дека институцијата пратенички прашања е институција во која прашање поставува пратеник на министер и такви седници Собранието одржува секој последен четврток во месецот. Не постои институција во која министер поставува прашање на пратеник и бара овде јавно да му одговори.

И трето, а третото ќе го кажам во вид на реплика откако вие ќе одговорите.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

На оваа седница се поканети членови на Владата. Очигледно со ова министерот за внатрешни работи искажа желба да дојде, бидејќи другите министри не дошле. Бидејќи присуствува, не постои деловничка пречка ако се пријави за збор јас да не му дадам збор и тоа е лично мое право дали ќе му дадам или не збор.

Што се однесува до пратеничките прашања тука сте делумно во право бидејќи тоа не беа пратенички прашања, повеќе беа реторички прашања.

Сега имате реплика , повелете г. Караџоски.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Јас би сакал да реплицирам, но не го гледам тука министерот.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Сега сте во право, бидејќи тој беше тука и доби збор и го молам сега да дојде, но реплицирајте, ве слуша, повелете. Бидејќи сите дискусии беа за јавноста, изгледа овде не се разбираме, па повелете пред јавноста реплицирајте.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Добро, ќе ги искористам тие три минути за реплика и се надевам дека министерот ме слуша.

Прво, иако почитуваниот министер упорно не сакаше да дискутира за сите прашана од политички аспект, иако упорно не сакаше да дискутира, сепак во голем дел од својата дискусија политички дискутираше. Затоа поставив прашање во кое својство тука е присутен.

Второ, кога се пријави за дискусија г. министер Хари Костов, очекував дека веројатно ќе даде поблиски објаснување во врска со оправданоста на она што го бараат јавниот обвинител во согласност со МВР. Меѓутоа, денес слушнав од министерот Хари Костов како одлично ги познаво Уставот и Деловникот, ни одржа буквално една лекција, ни одржа една добра лекција што е Деловник а што Устав и

кој член треба да го почитуваме, врз основа на тој член било сето тоа итн, што е далеку од тоа што овде како задача го имаше како претставник на МВР да го каже.

Тоа дека само Уставниот суд е надлежен да поништува одлуки, тоа право не го елиминираме, но заборави да каже дека откако ќе се изгласа  една одлука на Собранието дури тогаш може да оди на Уставен суд, а ние сме допрва во процедура и додека сме во процедура имаме право како пратеници да зборуваме за процедурата. Тоа право неможе да ни го одземе никој и тоа треба да го знае министерот. Меѓутоа, слушајќи го денес г. Хари Костов како добро ги научил и Уставот и Деловникот на Собранието и Законот за Владата и се друго, очигледно г. Хари Костов веројатно се промовира во иден премиер, па затоа вака ни држеше лекција , да го дадеме гласот утре кога ќе биде кандидиран.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Реплика за г. Чедомир Краљевски.

ЧЕДОМИР КРАЉЕВСКИ :

Почитуван претседателе, мојата реплика се состои во една констатација. Констатацијата е следната.

Во врска со алузиите на министерот дека г. пратеник Љубе Бошковски изјавувал дека ќе се солидаризира со своите генерали и ќе биде лојален во постапката, ценам дека сегашното однесување на г. Љубе Бошковски е сосема соодветно на неуставноста и невалидноста на Одлуката на Комисијата за деловнички и мандатно-имунитетни прашања. Според тоа пандан на квлаитетот на валидноста на Одлуката е и однесувањето на Љубе Бошковски. Ако Одлуката беше вред, тогаш сите имаме право да претпоставиме дека Љубе Бошковски ќе беше лојален во постапката и ќе се јавеше пред судот.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

За реплика се јави г-ѓа Ристана Лалчевска.

РИСТАНА ЛАЛЧЕВСКА:

Благодарам претседателе.

Не е реплика туку е констатација. Повеќе беше кажано во една процедурална забелешка, јас мислам дека Г. министер ниту е пратеник ниту е овластен предлагач да земе збор. Меѓутоа, вие се изјаснивте околу тоа и тоа што ми пречеше во неговиот говор е што г. министер си зема за право да ни кажува и да не поучува како да работиме во Собранието. Јас би апелирала такво право друг пат да не си зема, затоа што Собранието си ја знае својата работа, како што Собранието не му се

меша во работата на министерот мислам дека министерот нема апсолутно никакво право да се меша во начинот на работата на Собранието.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

За реплика се јави г. Ѓорѓи Оровчанец.

ЃОРЃИ ОРОВЧАНЕЦ:

После целата политичка криза која во нашата држава веќе два месеци постои и најверојатно ќе продолжи уште следни два месеци и кога мислевме дека Собранието може да излезе како победник од оваа криза, односно да ги избрани барем демократски принципи, на крајот во самото Собрание бевме сведоци практично на една диверзија на министерот со неговата хипокризија околу тоа што би било кога би било и дали ден пред изборите, дали после, очигледно со тоа признанието на министерот за калкулаторните елементи во објавувањето на сите овие  моменти. И сето тоа во контекст на тоа што беше претходно важно, а тоа беа претседателските избори.

Друг момент кој што треба да се искаже е што министерот треба барем малку да се заложи, како што се прокламира за владеење на правото, а не преку научен текст кој не знаеше да протолкува ниту од Уставот ниту од Деловникот, да ни наметнува елементи на владеење кои не се во контекст на правото. Очигледно е дека министерот е многу далеку од суштината на владеењето на правото и мислам дека овој вирус не треба да биде пренесен во Собранието.

Ќе си задржам право поради сите овие елементи што се случуваат и се ова што се случува а несакајќи да се воведе политичка криза и во Собранието на Република Македонија , иако немав намера за дискусија, понатаму да влезам во дискусија и да објаснам некои елементи, затоа што сметам дека од целата оваа ситуација, доколку не се постапи правилно, а одговорноста вие ја имате г. претседателе најмногу во овој момент, ќе излеземе со една многу голема политичка криза и во Собранието на Република Македонија .

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Реплика за г-ѓата Марија Којзеклиска.

МАРИЈА КОЈЗЕКЛИСКА:

Само ќе се надоврзам на она што го кажа министерот дека моментот за поднесување за барање на притвор, било да е за време на кампања, било да е после завршувањето на вториот круг од претседателските избори, секако ќе реагирала ВМРО-ДПМНЕ. Меѓута, незнам што го спречувало министерот, со оглед дека постапка или истражните дејствија, доказните материјали постојат од март 2002

година, што го спречувало министерот тоа да го стори две години подоцна во 2004 година, независно дали е пред избори, по избори или за време на избори. Значи како што кажа колегата Оровчанец, се потврдува калкулативниот елемент кој постои со ова барање.

Инаку, министерот рече дека овој случај Раштански лозја мора да се реши. Јас ќе му порачам дека мора само да се умре, ништо друго немора г. министре.

И уште нешто. Во однос на реторичките прашања што ги постави г. Хари Костов, ќе го прашам само дали министерот за внатрешни работи секогаш знае што се му се случува во сите СВР и сите ОВР во Република Македонија . И уште еднаш се потврдува она што го кажав претходно во мојот говор дека единствени институции што работат во овој вакум на Република Македонија кој трае од 15 септември наваму е МВР, Основно јавно обвинителство и Собранието на Република Македонија, но за жал Собранието само како извршител на одредени потреби на Владата, и неа ја немаме.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Процедурално има збор г-ѓа Лилјана Ивановска.

ЛИЛЈАНА ИВАНОВСКА:

Бидејши во текот на седницата неколку пати беше толкуван Деловникот сакам процедурално заради јавноста да објаснам, зато што испадна дека ние пратениците не го познаваме доволно Деловникот.

Во глава В од Деловникот - седница на Собранието, точка 3, присуство и учество на работата на седницата се вели: “ На седницата на Собранието може да присуствуваат и во работата да учествуваат претседателот на Републиката, претседателот на Владата и министрите.

Во делот на говори во истата глава В, член 84 “На предлагачот, на министрите и на известителот на работното тело претседателот на Собранието им дава збор штом ќе го побараат”. Ова во интерес на кажаното дека оваа држава станала полициска - воопшто не се согласувам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Јас тоа го објаснив, мислев дека ме сватија сите и затоа г. Хари Костов доби збор.

Повелете г. Мавровски, имате збор.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Благодарам г. претседателе.

Му дадовте збор на министерот, министерот не го гледам, тој го кажа своето и замина. Но јас ја имав таа среќа или несреќа да бидам присутен на седницата на Комисијата која што ја води г. Кондарко, а на таа Комисија беа присутни г. јавен обвинител Стерјо Зиков, министерот Хари Костов и членовите на Комисијата. Но излагањето на министерот Хари Костов, за разлика од ова денешново кое го кажа дека ние како пратеници можеме да се жалиме и нашите права да ги бараме до Уставниот суд, таму г. министер образложи нешто сосема поразлично од ова што денес го слушнавме.

Неговото претставување пред таа Комисија, каде претпоставувам беше повикан само како странка во тој спор, и тој и г. јавен обвинител, тој кажа дека ова е вистина што јас сега ќе ви ја презентирам и ни ја презентираше, кажува што се како се случило со фотодокументација, дека тоа било наместено убиство и други аргументи и детали не кажа.

И со тоа си дозволи да биде од една страна јавен обвиниел, од друга страна да биде истражен орган и на крајот да биде суд кој ќе пресуди...

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Спиро Мавровски вие реплицирате или зборувате за точката од дневен ред.

СПИРО МАВРОВСКИ:

За точката од дневен ред, за седницата на Комисијата...

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Не, зборувате како се претставува министерот себе си по вашето размислување. Зборувајте за точката од дневниот ред.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Точката на дневниот ред токму ја презентирав врз основа на извештаите на господинот министер и врз барањето на Јавниот обвинител таа Комисија донесе одлука. За што да говорам јас?

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Но, немојте да го анализирате министерот каков настап има, бидејќи тоа е реплика, зборувајте за аргументите.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Тоа беше принудата за да таа комисија господине претседателе донесе одлука. Така. Морам јас да кажам дека сега неговиот настап, за разлика од настапот на Комисијата, беше сосема различен. Тоа е точно така. Комисии и тогаш и сега господинот Кондарко кажа дека не може да се закажат во тој рок од 15 дена, кој што

требаше да го запазиме, но и вие и вашиот претходник претседател на Собранието имавме неколку седници кои што се закажуваа денес за вчера и тоа беше и за војниците за Ирак и за Авганистан, иако пред тоа Министерството за одбрана знаеше дека тоа ќе биде пред шест месеци дека ќе треба да се испраќаат, но сето тоа се заврши без никаков проблем и сега вие во рок од тие четири дена или три дена закажувате седници. Ние можеме да разговараме. Така да воопшто сите тензии што беа предвидени да се направат не мораше да се направат и тоа е факт.

Господинот Кондарко и господинот министер и сите господа од Социјалдемократскиот сојуз се држат на една иста дискусија, дека еве се било регуларно, дека сите стручњаци кажуваат од правото дека тоа е се во ред, но сега не знам дали јас читам други весници, пратам други телевизии и ги гледам други експерти во Македонија кои кажуваат сосема обратно. Кажуваат дека сите овие постапки што до сега ги направила Комисијата и се што се работи е противуставно и дека е кршење и на Уставот и на Деловникот. И сега не можам да дојдам до сознание дали ние гледаме нешто различно, дали секој правото го толкува како што него му одговара во дадениот момент и што понатаму.

Господинот министер ни кажа тука дека сето тоа било пратено две години, значи малце повеќе од две години, пошто тоа беше на 3 март 2002 година, значи повеќе од 26 месеци и токму овој период од месец дена се најде правилното решение дека тогаш мора на 28 завршуваат изборите, на 29 веќе во 2 часот и 30 минути како што кажа со адвокати и тие адвокатите изгледа носеа некои палки да ги искршат вратите и да влезат кај господата кои што беа приведени. Приведени кој како беше најден, така беше донесен во полиција. Ако е тоа со адвокати не знам, можеби полицајците беа адвокати и сето тоа се заврши со тоа што циркусот требаше да продолжи а циркусот продолжи со таа комисија несреќна што се закажа одма после седницата која што ја одржавме во Парламентот и требаше да заврши со приведувањето на господинто Љубе Бошковски. И тука ќе се склопеше мозајкот и веќе и вака се крена доста голема аларма, се заборавија некои работи или се потрудија некои да заборават. Забораваме дека во истиот ден додека траеше таа комисија веќе во 18 часот по сите средства за информирање Министерството за внатрешни работи излезе со презентација на целиот случај. Госпоѓата потпарол Контевска излезе со шеми, со видео бимови и објаснуваше што како се случи. Значи ние со одлуката на господинот Кондарко му дадовме право или го принудивме истражниот судија да одреди мерка притвор, госпоѓата Контевска веќе го објасни

убиството и тука се е завршено. Судијата изгледа треба само да се потпише на она што ќе му биде доставено како факт и документ и тука ќе заврши целата процедура. За жал господа, мислам дека требаше многу повеќе да се разговара и да се размислува, тој е еден бивш министер кого требаше и министерот Костов да најде доблест и да се повика. Тој процес не е од вчера, истражниот судија кој го водеше на прашањето на комисија тој го води од самиот почеток, значи од 2 март 2002 година. Така да 26 поминати месеци не значеа дека мора тоа да се случи во тие два или три саат. Со ова ние, од некои кои што беа странки во тој процес да кажам во тој спор, странките беа господинот Јавен обвинител, кој што и тогаш кажа дека нема налог и нема кривична пријава од истражниот судија, но тој побара мерка притвор. Господинот Кондарко со Комисијата донесе одлука дека имаме одлука за притвор и со тоа се завршија сите правни формални процедури. Ако тука нема кршење, мислам дека еве ние не сме правници, но сите правници кои што ги слушнав, посебно правниците за уставно право кажаа дека тоа е тотално нерегуларна постапка и јас им верувам. Не можам да им верувам на господата Кондарко, на господинот министер Хари Костов, затоа што многу пати до сега тука не излажале јавно и тука нема што повеќе да дискутираме за таа работа.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Господине Мавровски да не одиме со навреди, ве молам.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Добро, не ја кажале вистината, се извинувам.

Јас ќе запрашам неколку работи. Еве јавно постави господинот министер неколку прашања. Јас ќе прашам само нешто. Дали реконструкцијата на случајот за убиството на Диме Ицкоски Поштарот ќе значи кривична пријава за нарачано убиство за господинот Хари Костов. Затоа што таа истражна постапка ние побаравме тука да добиеме информации и материјали кои што ќе ги разгледа Собранието, кажа дека Министерството за внатрешни работи ја завршило процедурата, тој имаше 16 куршуми во него, бомбата ја држел во задниот џеб, пиштолот не знам каде, но беше опасен и во сред град беше убиен. Но во секој случај тоа е за некое друго време, кога ќе каже господинот Костов.

Исто таму ни објаснуваше дека господинот Бошковски направил некоја погрешна проценка. Што со лошата и погрешна проценка на господинот Хари Костов кога сите нас не убедуваше дека постоела некоја организација која што се вика АНА и која што е виртуелна организација, која што воопшто не постои, а таа иста организација се случи во време после војна, во време на мир во нашата идеална

безбедносна состојба да ги нападне Владата, судот, Армијата и сите институции во Република Македонија и господинот Костов да не презеде апсолутно никакви мерки за безбедност. Е сега, дали тоа ќе биде втората кривична пријава за господинот Хари Костов кога некој друг ќе ги гледа тие пријави, или тоа е само лоша проценка. Исто долго време се слушаше за пукањето во Комитетот на Социјалдемократскиот сојуз во Гевгелија, ранување на некои членови, но и тоа остана за господинот Костов неразјаснето. Ни се случуваа и други работи, но имаше пред тоа и случаи за кои што се случија 2001 година, за кои што во моменти кажувавме дека апсолутно немаме сведоци, дека не можеме да дојдеме до сознанија, тоа се Вејце, Карпалак, Бриони, Љуботен и многу случаи. Сега ги имаме господата тука покрај нас како сведоци, како учесници, директни луѓе, мериторни што можат да кажат што и како се случило. Мислам дека таква постапа министерот до сега барем не направил. Сигурно за ова не ни се обратила Пакистанската амбасада, но до господинот Костов се обратија многу од македонските граѓани кои го гласале сигурно него и Владата и на кои им се вети разрешница. Вие несакате ни да ги примите тие луѓе, не сакате ни да ги сослушате сем за време на избори и кога цела Република Македонија ќе можете да ја избакнувате и се да им ветите повторно. Беше 15 септември, сега е 28 април, па ќе дојде 11 Октомври, среќна Нова Година и други работи и понатаму ќе останат само ветувањата. Тука осудуваме човек, кажуваме дека не помага ни политика, не помага апсолутно ништо и ние го осудуваме човекот. За жал вакви кривични пријави за господинот министер имаше многу повеќе. Сега го нема, не може ни да одговори, но тогаш сите тие кривични пријави за него беа апсурдни, се беше отфрлено, се беше сторено така.

Во Битола се случи убиство во кое што беше осуден човек, под принуда даде изјава каква што ја даде и човекот беше осуден. Сега тој истиот побарува негде околу 200 илјади марки кои што Република Македонија ќе треба да му ги врати затоа што се најдоа вистинските убијци. Тие луѓе што го водеа тој процес беа поставени за главни во Министерството за внатрешни работи, но сега кој ќе одговара за сето тоа, сигурно во некои други услови. Затоа господа кога се работи за вакви осетливи теми мислам дека треба многу повеќе чувство, многу повеќе сенс затоа што луѓето се тука. Не е проблемот во тие 24 часа дека вие ќе ја кренете целата тензија, го имавте Љупчо Поповски, па ви ги вратија повторно со хилихоптери, со полиции, таму се чека на ародромот како што беше со овој господинот од Велешта. Па сега ќе видиме, можеби некој друг ќе се предаде со патерици, ќе дојде до некоја полициска станица и ќе покажеме една голема

активност во рушењето на криминалот и сите активности кои што се случуваат во Република Македонија и така среќно и безбедно ќе си живееме, ќе заборавиме на се она што се случувало, како што порачувате. Нашата иднина е светла, бескрајна, тука немаме дилеми, само треба да заборавиме што побрзо на она што ни се случи. А додека тоа го заборавае, ние за некои други треба да бидеме добри, треба да најдеме докази, треба да кажеме и да докажеме дека тоа што го правевме тоа е стварно многу лошо од наша страна, ние сме тие што сме лошите и тука треба да си признаеме. Ако е тоа целта, тогаш се е во ред. Мислам дека господата, посебно од оваа комисија на која што кажав бев присутен и јас, таа одлука што ја донесоа апсолутно не кореспондира ниту со Уставот, ниту со Деловникот, апсолутно помалце и со човечките права на било кој. Мислам дека тука треба да бидеме многу претпазливи и дека треба секогаш да се внимава на она што утре ќе можеме да кажеме за некого извини. Многу е лесно човекот после три, шест, девет месеци притвор да му кажете извини, вие сте во право и тука заврши се. Во една правна држава подбро е викаме, 50 криминалци да поминат неказнети, отколку еден невин да биде осуден. А ние се најдовме во улога на судија и донесовме одлука со која што му просудуваме. Мислам дека тоа апсолутно не е во ред и дека начинот на кој што се води целата постапка сигурно ниту правно ниту човечки е оправдано. Благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам господине Мавровски.

Збор има господин Ѓорѓи Оровчанец. Повелете.

ЃОРЃИ ОРОВЧАНЕЦ:

Благодарам.

Она што сакам да го кажам денеска  или сега е испровицирано повеќе од она што се наметнува во ова Собрание, а тоа е да се створи додатна криза во Собранието затоа што во овој момент мислам и претпоставувам дека е тоа единствениот столб на државата кој што ја функционира, затоа што политичката криза во оваа земја трае подолго веќе од два месеци, од погибијата на претседателот Трајковски, а ќе продолжи очигледно да трае уште месец дена, затоа што веќе имаме и техничка Влада, односно Влада во оставка. Претходно имавме Влада која беше  во кампања и не беше Влада, односно не функционираше и очигледно, исто така имаме замена со в.д. претседателот на Собранието  кој што ја вршеше и функцијата претседател на државата. И во целата оваа констелација, можеме да кажеме дека Собранието е практично единствена институција, која што

функционираше и која треба да продолжи да функционира, меѓутоа, денеска сме сведоци дека практично се наметнува и во самото Собрание, нова политичка криза. Зошто го зборувам ова? Зборувам затоа што техничката власт која сега постои практично очигледно е преку искажувањето на министерот Хари Костов длабоко размислувала и го темпирала времето и тајмингот кога ќе го спроведе сето ова, меѓутоа, во целата процедура очигледно погрешила и сега заради својата погрешна проценка и процедура го инволвира Собранието во една постапка која што по мене не е демократска, противзаконска и нелегална.

Да тргнеме само од првиот и основен факт, како е дојдено до оваа постапка. Тоа е барањето за одобрување притвор на пратеникот во Собранието на Република Македонија Љубе Бошковски испратено од Основното јавно обвинителство во Скопје од 30.04.2004 година под број 14071/04. Што е поентата? Треба добро да го прочитаме сите пратеници праткично ова барање за да сфатиме за што се работи. Практично да ни стане јасно.

На втората страница во вториот пасус добро се наведува дека со оглед на фактот дека денес до истражниот судија и Основниот суд Скопје 2 е поднесено барање за спроведување истрага со предлог за донесување мерка притвор на обвинетиот Љубе Бошковски. Значи Јавното обвинителство го доставило истовремено оној документ до Собранието и истиот ден, односно во истиот тајминг доставува практично документи до истражниот судија. Дали истражниот судија бил воопшто во состојба, или во можност да ги прегледа тие документи и да одговори адекватно на тие документи кои му биле приложени. Но истовремено, во третиот пасус вели затоа предлагам да ги превземе потребните дејствија заради спроведување на постапката предвидена во Деловникот на Собранието на Република Македонија, Собранието да му одобри на истражниот судија да одреди мерка притвор на обвинетиот пратеник Љубе Бошковски. Можеби јавниот обвинител може да му предложи на истражниот судија ваква мерка на притвор. Меѓутоа, не може Јавниот обвинител да предложи мерка притвор во Собранието на Република Македонија. Ова е тешко нарушување на целата процедура и постапка. Мислам дека со ова прашање допрва треба да се занимаваме. Реакцијата на Собранието во овој момент е погрешна. Зошто го зборувам ова? Претседателот на Собранието требал или да ја сфати работата, или да се консултира. И едноставно, на Јавниот обвинител да му го врати ова барање и да му ја каже точната адреса каде Јавниот обвинител да се обрати и преку која личност од институциите може да испрати документ со барање за притвор до Собранието на Република Македонија. После ова

почнува целата процедура и рашомунијада која што се случува. И за да не дојде до понатамошни проблеми, процедурите да бидат во ред, сметам дека Собранието одлуката која што Комисијата ја донесе да ја поништи, да побара од Јавниот обвинител да се обрати до истражниот судија. Истражниот судија да биде тој што ќе се произнесе по ова прашање и излезе пред Парламентот со документ со такво барање, за да може понатаму во нормална процедура, како што треба и наликува и на демократијата, затоа што и грешката во процедурата е нарушување на демократијата. Да излеземе како Собрание чисти пред себе и пред јавноста, затоа што сега правиме грешки кои што континуирано не инволвираат во нови грешки. Јас по ваква процедура господине претседателе не сакам и не мислам да учествувам и затоа ви предлагам уште еднаш добро да размислите барањето од Јавниот обвинител да го вратите до Јавниот обвинител и да му дадете упатства, како највосок законодавен дом, како и на кој начин да ја спроведе процедурата. А потоа, кога ќе дојде процедурата на прав начин во Собранието, по нормалните постапки и Деловникот да дојдеме до она решение кое што е потребно за овој случај. До тогаш ова ќе го сметам за нелегитимно и сметам дека дефинитивно го нарушуваме и интегритетот на Собранието со вакво нарушување на законитоста и уставноста и рушење на процедурата. Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Оровчанец претседателот на Собранието ја сфаќа и ја разбира не специјалната туку општата теорија на релативитет, што не верувам дека некој од правниците знаат. А сигурно ја сфатил процедурата која постои по Деловникот и по законите  и Уставот.

Збор има господинот Слободан Чашуле.

СЛОБОДАН ЧАШУЛЕ:

Почитуван господине претседател, почитувани колеги. Доаѓам непосредно од Загреб, од еден извонредно, од еден за мене важен состанок за нашата држава, втората средба на трилатералната конференција на Американско-Јадранската Повелба за зачленување на Република Македонија, Хрватска и Албанија, во НАТО. На состанокот учествуваа делегации од трите собранија и од САД. Верувајте ми бев навистина многу среќен денес со вас да споделев некои од комплименти што ни ги дадоа за успешната победа на изборите. Како што вашиот кандидат кој очекува да биде во ова Собрание промовиран во претседател, рече ова е победа на сите оние што се бореа изборите да завршат регуларно. Јас мислев дека на траговите на таа победа во која извонредна заслуга  во тој триумф на демократијата на нашата

држава има опозицијата, ќе продолжиме во тој правец на градење на државнички однос. Читам во “Јутарњи лист” во Загреб, за нашиот настан за нешто што навистина ми заличе на пукање во сопствената нога во време кога не треба. Верувајте ми сакав повеќе во Хрватскиот печат да прочитам колку трите држави кои добиваат една извонредна можност сега на Самиотот во Истамбул кој ни претстои, да станат дел од тоа безбедносно семејство со што ќе се релаксираат притисоците и надвор и внатрее врз нашата држава, јас читам една трагична ситуација за мојата држава, заедно со она што се случува во Србија, со Легија, а направивме навистина државнички напор на претседателските избори, да не западнеме во српско сценарио. Затоа , ве прашувам зошто сега, па никој надвор од нормалното и надвор од логиката не ќе биде за тоа, Раштански лозја, вечито да ни биде хипотека. Сакаме да се реши, ама не овде, не на телевизорите, најмалку тоа треба да го прави полицијата. Тоа треба да го направи судот Никој друг. Па луѓе, зарем навистина не знаеме што правиме и зарем навистина не знаеме што сакаме. Вака не се оди во Европа. Што докажавме ние за Раштански лозја, врз основа на изјавата на МВР, дека имаме случај со случај во кој државата се обидела цел еден конфликт и целата своја позиција во тој конфликт да ја оправда и да се запише во книгата на државите кои се борат против меѓународниот тероризам. Што порака пративме ние во светот, дека сме држава, министерство кое зборува за истото министерство дека е кадарно да убие осуммина за да докаже дека сме изложени на нападот, меѓународниот тероризам и што направивме ние, признавме. Ако некому му е трунка јасно меѓународното право, особено правото на кое сега Пакистанците се повикуваат, Англиското вообичаено право. Нив не ги интересира веќе судот што ќе рече. Едната страна признала дека е виновна и тие ќе си бараат оштета. Тоа е првата порака што ни доаѓа од светот. Наместо, браво, државници сте и опозиција и позиција, поразивте еден тренд кој не ви прилега, ние сега сме држава која признава дека спроведувала државен тероризам, без некој релевантен, а тоа е судот, или друг, она што беше изнесено да го провери со контра аргументи, да го одмери и да донесе мериторна одлука која тогаш ќе ја одбраневме сите, ќе ја подржевме и ќе баравме да се спроведе. Сега, тоа е едната порака од случајот за случајот Раштански лозја. Другата порака која е? Ја нарушивме процедурата и еве расправаме сега за нарушена процедура. Така што испаѓа дека не само што сме терористичка држава, туку дека сме држава која сопствената процедура не ја почитува. Ние овде не се расправаме за осомничен обичен криминалец, не се расправаме за човек кој се обиде да биде кандидат за претседател, кој беше порано министер, кој јавно изјави

дека нема да бега ако треба да седне да се соочи со правдата , но да се соочи со правда, а не со инструментите на правдата. Зошто тој човек да не може да се брани од слобода. Зошто никој од нас, бидејки ние сме јавни личности, ние не можеме и не сакаме да бегаме, да не се соочи со правдата како што секој граѓанин ќе се соочи, бранејки се од слобода. САД вршат јавен инпичмент на своите претседатели. Неодамна тоа му го направија на Клинтон, а тој се бранеше од слобода. Полковникот Норт се бранеше од слобода, а беше обвинет за уште пострашен злостор. Во функционирањето на државите доаѓаат моменти кога тие на достоен или недостоен начин ќе се најдат во ситуација во која ќе треба да одговараат и наоѓаат механизми како тоа да го изведат. Меѓутоа, јас не паметам да не му се дозволи на човек елементарната можност од слобода да се брани за нешто за кое одговара како можен налогодавач, или како можна одговорност дека во неговито ресор се случило нешто над кое тој немал команда. Во светот на министри за транспорт и тука се гордеам и со нашата држава, кога ќе упаднат авиони, ја ностат одговорноста и даваат оставка. Носат политичка одговорност. Овде можеби ќе се најдеме во ситуација, верувам можеби, значи под услов да имаме сличен момент. Меѓутоа, чекајте луѓе, ние овде државата ја обвинивме дека е убиец со премисла низ личноста на нејзиниот министер. И повторно ви велам, условно ако е така тој треба да си ја носи одговорноста. Но дајте елементарно да покажеме дека оваа држава која помина низ толку многу премрежја во овие година и не запре ниту еднаш, дека и сега ќе може да издржи еден процес во кој луѓето ќе се бранат јавно, на кои луѓе нема да имсудиме однапрет. Нам што ни се случи. Имавме јавен исказ со политичка оценка на еден службеник во една државна институција. Потоа имавме јавен обвинител, па потоа имавме собрание, па имавме јавност, па сега имаме Собрание каде буквално се детерминира дека тоа што се случува на Раштански лозја е така и ајде сега апсете. Не забележувате ли дека во целата оваа прикаска не достига една институција, судот. Тој е единствениот кој е тука и кој е рамноправна власт со нас или функција на власта кој за ова треба да решава. Дајте да го вратиме предметот таму. Таму му е местото. Од таму не треба да излезе и сите сме странки таму.  Затоа мислам дека треба и сега да покажеме државничка зрелост, да се откажеме од меѓусебното прогонување, да му дозволиме на судот да работи, да мудозволиме на истражниот судија да ја покрене истрагата и да му дозволиме на нашиот колега пратеник и на сите нас, на тој начин да се брани од слобода, па нека превлада и нека победи правдата во Репбулика Македонија, како што досега покажавме, за сите избори од 1990 година наваму, преку конфликтот во последнит

еизбори дека сепак сме држава во која има демократија, има слобода, има политичари кои се државници, тоа да го гарантираат.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете министре имате збор.

ХАРИ КОСТОВ:

Јас само како реплика г-дине претседателе.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Добро имате три минути.

ХАРИ КОСТОВ:

Навистина не треба да се плашиме за меѓународниот углед на земјата кога овој случај го расчистиме. Обратно, треба да се плашиме за меѓународниот углед, ако не го расчистиме. Според тоа дали некој во Загреб на г-динот Чашуле му кажал вака или така, е илеревантно зата што може многу добро, покрај реакциите на домашните организации, може да ги прочита извештаите на Стејдепартмант за човековите права во кој се спремаше остра критика и постои само дека нема никакви нови настани во врска со Раштански лозја. Може да го прочита било кој извештај на било која меѓународна организација кои се однесуваат на овој случај и може да го прочита извештајот на НАТО од пред една недела. Во него токму тој критикува за нерасчистување за овој случај. Според тоа да не се плашиме за меѓународниот углед.

Меѓутоа сакам , бидејки мислев дека нема да се јави г-динот Чашуле, но еве ќе сакам да презентирам пред јавноста уште еден елемент од овој случај.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Се извинувам, вие имате реплика и немате право понатаму да...

ХАРИ КОСТОВ:

Се извинувам.

Значи реплицирам и на тоа, освен за меѓународниот углед, дека во овој случај околу Раштански лозја, токму на 29 јануари 2002 година постои нота од МНР, доставена до сите дипломатско-конзуларни претставништва и мисии на меѓународни организации во Република Макеоднија во која се вели дека од 1 март 2002 година, по основа на реципротитет им престанува обезбедувањето на сите ДКП, странски во Република Македонија и дека се преминува на систем со мото патроли, без униформирани лица и се кажува на кој телефон може да се јават, ако имаат закани.

Само да потсетам,на 1 март се тргнува обезбедувањето пред сите ДКП во Македонија, тогаш кога Владата и МВР, наводно, во официјалната верзија знаат

дека во Македонија е присутна терористичка меџахединска група чија основна цел била напад баш на тие ДКП, а се случува Раштански лозја, се случува токму на 1 март вечерта односно на 2 утрината во 2,00 часот.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам, времето ви истече.

Повелете г-дине Чашуле имате контра реплика.

СЛОБОДАН ЧАШУЛЕ:

Благодарам г-дине минситре. Очигледно не сме се разбрале па оваа минута ќе ја искористам, не само вам, очигледно ме разбирате, туку и на јавноста да не и остане ниту една дилема.

Јас не се плашам од расчистувањето. Инсистирам да се расчисти. Јас само имам сериозен приговор во начинот на кој расчистуваме да не направиме проблем. Да, на Република Македонија и тежи Раштански лозја и владеењето на правото се докажува преку решавањето и преку тоа како ќе го решиме. Тоа не е најдобриот пат. Тоа е мојот приговор. Инаку требаше тоа да се направи многу порано. А се согласувам со вас, во тој момент и ова што го кажувате за амбасадите говори за едно ниво на неупатеност на министерот, бидејки додека се случувало тоа тој дал налог, а јас како министер ја пратив нотата да се укине обезбедувањето, бидејки навистина мислев дека сем безбедни, ама испадна дека не сме безбедни.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете г-дине Трендафилов имате збор.

ЃОРЃИ ТРЕНДАФИЛОВ:

Господинот Хари Костов нека продолжи да ги чита, изјавите, наребите...

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Ве молам немате право на контра реплика.

ЃОРЃИ ТРЕНДАФИЛОВ:

Дискутирам. Не ми е реплика.

Прво што мене ми паѓа напамет и што навистина би ми помогнало да се решам, како пратеник, како ќе галсам, ми се сите оние изјави дека терористичката групација позната како АНА, виртуелна реалност и таа виртуелна реалност, да ве потсетам ја гранатираше Владата на РМ, Судот и еден воен објект на АРМ. Понатаму МВР беше принудено да преземе сериозни оперативни мерки за да се обиде да воспостави контрола на нашата северозападна граница, контрола која , за жал сеуште не е целонсо воспоставена. Како прв човек на МВР тој знае со кого и со што располага, и од оперативен кадар и од технички кадар во Управата за

безбедност и контра разузнавање и е, секако свесен дека нивната обврска, колку и да се фантастични прикаските, колку и да се фантастични конструкциите, секогаш треба да ги понесеме.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејки никој друг не бара збор, го заклучувам претресот.

Ги повикувам пратениците да влезат во салата.

Ги молам службите да го утврат бројот на присутни пратеници во салата.

Во салата се присутни 61 пратеник.

Собранието со гласање ќе се изјасни дали ја потврдува или ја укинува Одлуката на Комисијата за деловничко и мандатно имунитетни прашања на Собранието на Република Македонија.

Кој е за тоа Собранието да ја потврди Одлуката на Комисијата за деловничко и мандатно имунитетни прашања.

Ве повикувам да гласате.

Вкупно гласале 67 пратеници, 60 пратеници гласале за, против 7, воздржани нема.

Констатирам дека Собранието ја потврди Одлуката на Комисијата за деловничко и мандатно имунитетни прашања на Собранието на Репбулика Македонија.

Бидејки кажав ако оваа точка ја завршиме ќе ја прекинеме седницата.

Процедурално за збор се јавува г-динот Коце Трајановски.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Сметам дека се донесе една невалидна Одлука.

Меѓутоа моето јавување се однесува за втората точка од дневниот ред. Имено, бидејки овие две точки се поврзани и со оглед на тоа што втората точка требаше да биде прва, бидејки со тоа ќе се заврши некоја природност во самиот процес на одлучувањето во Собранието на РМ, сметам дека треба да продолжиме со работа, да не испадне за втора точка да расправаме, незнам после 10 или 15 дена, бидејки за овој процес исто така и вторат точка е значајан за да се делегитимира Одлуката која се донесе сопрвата точка.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Ние можеме да продолжиме со работа до 18,00 часот, бидејки така се договоривме и тоа гоизгласавме.

Минуваме на Втората дочка од дневниот ред - **Информација за постапката за одобрување на притвор на пратеникот во Собранието на Република Македонија, господин Љубе Бошковски.**

Оваа Информација е поднесен од 20 пратеници.

Информацијата ви е поделена.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор.

Има збор г-динот Јани Макрадули.

ЈАНИ МАКРАДУЛИ:

Почитуван претседателе, во Информацијата што ја имаме од група пратеници има некои заклучоци кои не се или не можат да бидат во согласност со Деловникот или не се доволно прецизни.

Затоа, во интерес на расправата, да знаеме што се заклучоците, би ги замолил предлагачите втората точка каде бараат да се поведе некоја постапка или да дадат заклучоци по кои ние ќе расправаме по оваа точка, инаку нема смисла.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Точката е ставена со Информацијата, а заклучоците се такви какви се. Ако не се деловнички нема да ги прифатиме. Вашата сугестија треба да ја слушнат предлагачите. Во секој случај прашувам кој бара збор.

Повелете господине Коце Трајановски, имате збор.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Благодарам претседателе.

Значи, дојдовме до втората точка од овој дневен ред, иако сметам дека оваа втора точка требаше да биде единствена точка на дневен ред, бидејќи за проблемот за кој расправавме иницијативата за свикување на оваа седница е од пратеинчката група на ВМРО-ДПМНЕ и на ЛП се со цел да укажеме дека одлуката која ја донесе Комисијата за деловнички и мандатно-имунитетни прашања е нелегитимна и поради тоа оваа точка е насловена така како што е насловена. Имено, насловена е Информација за постапката за одобруваање на притвор на пратеникот во Собранието на Република Македонија господинот Љубе Бошковски.

ЉУПЧО ЈОРДНОВСКИ:

Се извинувам, ние ја изгласавме првата точка, тоа не значи дека мнозинството не треба со должно внимание да го слуша излагањето по втората точка. Ве молам за тишина, а кој не може да издржи нека излезе надвор.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Оваа точка ја насловивме вака, со оглед на тоа што сметавме дека одлуката што претходно ја изгласа, а не денеска, која ја донесе Комисијата за деловнички и мандатно-имунитетни прашања е нелегитимна од аспект на тоа што барањето за одобрување на притвор на пратеник од Собранието на Република Македонија беше донесено од нелегитимен орган. Имено, согласно членот 50 став 3 од Деловникот на Собранието на Република Македонија надлежниот орган го известува претседателот на Собранието за притворот на пратеникот и кога тој не се повикал на имунитет.

Во врска со тоа во ставот 4 од членот 50 од Деловникот пишува: “Претседателот на Собранието барањето односно известувањето го доставува до Комисијата  за деловнички и мандатно-имунитетни прашања и Комисијата е должна на Собранието да му поднесе извештај на првата наредна седница”.

Значи, ние вака ја дефинираме оваа точка и ова барање за свикување на седница, на итна седница на Собранието на Република Македонија, бидејќи сметавме дека Јавното обвинителство на Скопје е ненадлежен орган кој може да бара одобрување за притворање на пратеник во Собранието на Република Македонија.

Според тоа, ние како пратеничка група заедно со Пратеничката група на ЛП сме загрижени за непочитување на Уставот и законите на Република Македонија.

Вие претседателе со ставањето на првата точка, она што беше за одлуката на Комисијата за деловнички и мандатно-имунитетни прашања требаше е да ја свикате или да предвидите свикување во 15 дена откако е донесено барањето иако од ненадлежен орган и со тоа ќе се оневозможеше од членот 15 став 4 Собраинето да не предвидува одржување на седница во рок од 15 дена. Сметам дека тоа е клучниот момент во кој вие како претседател требаше да реагирате и да овозможите, бидејќи имавте можност, согласно Деловникот, да свикате итна седница за помалку од 15 дена, т.е. таа итна седница да ја свикате и во рок од 10 дена, согласно Деловникот на Собраинето на Република Македонија.

Да продолжам, за секоја држава почитувањето на Уставот и законите претставува основа за нејзино функционирање, но кај нас на 30 април 2004 година се случи токму спротивното. Настана грубо кршење на Уставот и на законите на Република Македонија. Имено, Основното јавно обвинителство на Скопје на 30 април 2004 година до претседателот на Собранието на Република Македонија достави барање за одобрување на притвор на пратеникот во Собранието на Република Македонија господинот Љубе Бошковски заведено под број 07-100-

1770/1, но без наведување, пак ќе повторам, многу пати беше повторувано, наведување на времето во кое е примено. Претпоставувам дека претседателот на Собранието на Република Македонија барањето го доставил до Комисијата за деловнички и мандатно-имунитетни прашања, меѓутоа, претседателот на Комисијата под итно, како што кажавме и во досегашните расправи, свика седница на која сметаме дека се прекршени сите норми за свикување на таква итна седница.

Исто така, пак ќе повторам, нашите членови не беа повикани или беа повикани многу доцна за да можат да присуствуваат на таа седница и во вакви услови Комисијата наместо да постапи согласно член 50 став 4 од Деловникот на Собранието на Република Македонија според кој треба само да го разгледа и да достави извештај таа направфи одлука согласно член 51 став 4, што сметаме дека е спротивно на Уставот на Република Македонија. Покрај тоа сметаме дека од тие 15 дена можеме да кажеме во ред можеби е спротивно на Уставот, меѓутоа, условите под кои оваа одлука е донесена, имено условот е непредвидување да се одржи седница во рок од 15 дена исто така сметаме дека е злоупотребен во најмала рака ставот 4 од членот 51.

Значи, со ова сметаме дека е направено грубо кршење како на Уставот на Република Македонија така и на Деловникот за злоупотреба на Деловникот на Собранието на Република Македонија, како и на Законот за кривична постапка.

Поради тоа, за надминување на состојбите, ние предлагавме, доколку ова беше прва точка и единствена точка, како што сметавме дека треба да биде за оваа седница, сметавме дека треба да се поништи Одлуката на Комисијата за деловнички и мандатно-имунитетни прашања и нормално да се поведе имунитетни прашања, бидејќи е очигледно со неговото претседателствување со оваа Комисија наназад неколку месеци и сега со оваа последна одлука која се носи, очигледно е дека настанува грубо кршење или злоупотреба на Деловникот на Собранието на Република Македонија.

Затоа сметам дека целата постапка треба да се врати назад. Имено, истражниот судија од Основниот суд 2 или 1, не знам кој е во Скопје треба да побара од претседателот на Собранието одобрување за притвор за притвор на пратеникот на Собранието на Република Македонија соодветно на тоа претседтелот на Собранието да закаже седница и пред да се одржи таа седница да се свика Комисијата за деловнички и мандатно-имунитетни прашања да поднесе извештај до седницата која треба да се одржи и на самата седница да се расправа за одобрувањето на притвор на пратеникот во Собранието на Република Македонија.

Тоа би била единствената законска, уставна и деловничка постапка за да може одобрувањето на притворот на пратеникот во Собраинето на Република Македонија да добие свој легитимитет и во овој највисок законодавен дом - Собранието на Република Македонија.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Блгодарам господине Трајановски.

Има збор пратеникот Блаже Стојаноски.

Бидејќи пратеникот Блаже Стојаноски има подолго излагање, подолго од 15 минути, јас тука ја прекинувам денешната седница, ја продолжувам утре во 10,00 часот.

Седницата прекина со работа во 17,45 часот.